Друштво за проектирање, инженеринг и услуги
АРХИТЕКТОР дооел Скопје
Ул. 8-ми Септември бр.4-1/2, Скопје
mail: contact@arhitektor.com.mk

Измена и дополнување на ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, плански период 2024-2034

Општина Охрид

НАЦРТ ПЛАН

тех. бр. 05-07/23

Скопје, март 2026 година

Содржина

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

Вовед 4
1. Географски и геодетски податоци за планскиот опфат 5
2. Извод од план од повисоко ниво 7
3. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина 8
4. Студии, елаборати и работни материјали од сите области релевантни за урбанистчкото планирање и за конкретниот плански опфат 8
5. Природни чинители кои можат да влијаат на развојот на подрачјето во рамки на планскиот опфат 9
   - Геолошки, геомеханички и сеизмички податоци 9
   - Хидрометеоролошки и климатски податоци 10
   - Хидролошки податоци 11
   - Податоци за заштитени природни блага 11
6. Податоци за создадените чинители кои се релевантни за состојбите во просторот и за просторниот развој 12
   - Инвентаризација на изграден градежен фонд 12
   - Демографски податоци 12
   - Инвентаризација на постојни споменички целини, градби од културно-историско значење 13
   - Инвентаризација на комунална инфраструктура и супраструктура 13
   - Инвентаризација на урбано зеленило 16
7. Анализа на степенот на реализација на важечкиот урбанистички план иможностите за просторен развој 16
8. Оценка на можностите и ограничувањата на просторниот развој со програмски проекции што произлегуваат од анализата на состојбите во просторот 16

НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. Извод од ГУП ..... М=1:5000
2. Ажурирана геодетска подлога ..... М=1:2500
3. Инвентаризација на градежниот фонд и вкупната физичка супраструктура, земјиштето и зеленилото ..... М=1:2500
4. Инвентаризација на градбите и водовите од вкупната изградена комунална и друга инфраструктура ..... М=1:2500

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат и плански период 20
2. Прецизен опис на границата на планскиот опфат 20
3. Стратешки определби што произлегуваат од развојни стратегии, просторни и урбанистички планови од повисоко ниво кои се однесуваат на подрачјето на планскиот опфат.....22
4. Цели на урбанистичкиот план.....22
5. Образложение на планскиот концепт за просторниот развој 22
   - Население и станбени единици 23
6. Опис и образложение на планските решенија за изградба.....24
   - Единици на градежно земјиште 24
   - Намена на земјиштето и градбите 24
   - Површина за градење и височина 25
   - Комунална инфраструктура 26
   - Озеленетост..... 28
7. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето.....29
8. Мерки на заштита.....32
   8.1. Мерки за заштита на природата, природното наследство и животната средина.....32
   - Заштита на природното наследство 33
   - Аерозагадување и мерки за заштитата 36
   - Загадување на почвата и подземните води и мерки за заштита..... 36
   - Извори на бучава и мерки за заштита 39

   8.2. Мерки за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи во мир и во војна и од воени дејства.....41
   - Засолнување 41
   - Заштита и спасување од поплави..... 42
   - Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи 42
   - Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства 44
   - Заштита и спасување од урнатини 44
   - Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи 45
   - Заштита и спасување од сообраќајни несреќи. 45
   - Евакуација..... 45
   - Згрижување на загрозеното и настраданото население..... 46
   - Прва медицинска помош 46
   - Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло..... 47
   - Асанација на теренот..... 47

   8.3. Мерки за одржлива мобилност и безбедност во сообраќајот 47
   8.4. Заштита на недвижното културно наследство 51
   8.5. Мерки за озеленување на населбите и животната средина 53

НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. План на намена ..... M=1:2500
2. Регулационен план .....M=1:2500
3. Сообраќаен и нивелациски план .....M=1:2500
4. Инфраструктурен план .....M=1:2500
5. Синтезен план .....M=1:2500

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

Вовед

Согласно член 33 став 4 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), постапката за изработување и донесување на измената и дополна на генералниот урбанистички план ќе се води во обединета постапка со постапката за изработување и донесување на детален урбанистички план. Притоа, согласно член 31 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), измена и дополна на урбанистички план по правило се изработува во иста постапка, што е пропишана и за нивно донесување, а опишана во член 25 и 27 од Законот. Дополнително, согласно член 33 став 5 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) со обединета постапка ќе се смета дека генералниот урбанистички план и деталниот урбанистички план се донесени како единствен акт, при што во делот од планскиот опфат на генералниот урбанистички план кој не соодветствува со планскиот опфат на донесениот детален урбанистички план, тој се спроведува како генерален урбанистички план со донесување на детални урбанистички планови, а во делот од планскиот опфат на донесениот детален урбанистички план, тој се спроведува како детален урбанистички план со урбанистички проекти и други поединечни акти за градење.

Согласно одобрената Планска програма, со решение бр. 09-5464/5 од 20.06.2024 година, издадено од Општина Охрид, за потребите на инвеститорите, потребно е да се изработи **Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и ДУП за УЗ 4 УБ 4.4 опфат 1, општина Охрид во Обединета постапка.**

Цел на изработката на предметната **Измена и дополнување на ГУП за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, Општина Охрид** е да се обезбеди просторна и функционална организација, која овозможува непречена размена на добра и услуги, оптимална разместеност на дејностите и активностите и нивно неконфликтно користење и истовремено обезбедува зачувување на културниот и урбаниот идентитет на опфатот, темелејќи се на концептот на одржлив развој и придонесувајќи кон остварување на висок квалитет на живот и работа во него.

Со Генерален урбанистички план, во склад со стратегијата која произлегува од Просторниот план на Република Македонија, се утврдува организациска структура на просторот на градот, заштита на природните и културните вредности, користење и намена на површините со услови и мерки за нивно уредување.

Целите на предметната Измена и дополнување на генерален урбанистички план се базираат на одредбите на Уставот на Република Македонија, Законот за урбанистичко планирање, како и на постојната организација на просторот и неговото досегашно користење.

Општите цели и задачи на планот произлегуваат од општите цели на развојот на нашето општество и макро-економската политика на земјата. Генералниот урбанистички план ќе ги дефинира основните решенија на идниот развој на Градот во организација на просторот, неговата намена, користење и уредување. Планот ќе претставува основа за понатамошна изработка на детални урбанистички планови и/или проектни документации на пооделни градски целини и опфати предвидени со овој документ. Предложените решенија ќе овозможат физичка, функционална, економска и естетска целина на градскиот простор која ќе резултира со повисок квалитет на условите за живот и работа на граѓаните.

Основна цел на изработување на оваа Измена и дополна на генерален урбанистички план е усогласување на планските одредби за реализација на просторот со условите зададени со важечкиот Генерален урбанистички план на Охрид, плански период 2002-2012, со Одлука бр. 07-1438/2 од 30.06.2006 год., рекомпонирање на планскиот концепт, редистрибуција на површини на градежни парцели и површини за градење и усогласување на намената на земјиштето со потребите на правните лица заинтересирани за изработка на оваа планска документација.

Документационата основа содржи податоци за постојната состојба во рамките на планскиот опфат со согледување на предметниот локалитет како интегрален дел на градскиот простор.

Изработката на Измена и дополнување на ГУП за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, Општина Охрид во обединета постапка со понатамошна разработка на дел од овој блок на ниво на Детален урбанистички план, има за цел да изврши пренамена на дел од земјиштето, односно усогласување на наменска употреба на земјиштето со имотно-правната состојба со важечката законска и подзаконска регулатива.

Врз основа на тоа, Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и ДУП за УЗ 4 УБ 4.4 опфат 1, општина Охрид во обединета постапка има крајна цел преку:

- рационално користење на земјиштето;
- максимално вклопување на објектите и инфраструктурата со теренот;
- оформување препознатлива архитектонска целина;
- почитување и заштита на правото на човекот на работа;
- почитување и надградување на пејсажните вредности;
- оформување културен пејсаж;
- вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето;
- подигнување хуманоста во просторот и непречено движење на хендикепираните лица;
- почитување и валоризација на културното и градителското наследство;
- вградување на мерки за заштита на природата и животната средина;
- вградување мерки за заштита и спасување;
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето;

да го преиспита предметниот простор и да ги редефинира условите за градење во рамките на предметниот плански опфат со редефинирање на наменска употреба на земјиштето на ниво на блок во рамки на урбана единица, додека во рамки на постапката за измена и дополна на ДУП да ги редефинира градежните парцели, основните класи на намена, како и дефинирање на архитектонско-урбанистичките параметри за реализација на планираните градби.

1. Географски и геодетски податоци за планскиот опфат

Општина Охрид се наоѓа во југозападниот дел на Република Северна Македонија, лоцирана на североисточниот брег на Охридското Езеро, со површина од 389,93 km^2. Сместена е помеѓу високите планини Јабланица и Мокра Планина од западната и Галичица од источната страна.

Градот лежи на рамен терен и на две карактеристични возвишенија – ридови на кои е Стариот град, а во последните децении се освојуваат и подножјата на планината Петрино – населбите Рача и Бејбунар.

Според важечкиот ГУП на Охрид (2002-2012), предметниот опфат се наоѓа на северозападната страна на градот Охрид, поточно на северната страна на Урбана заедница 4. Урбаната заедница 4 е поделена на 7 урбани блокови. Предмет на измена е Урбан блок 4 од Урбана заедница 4.
Во блокот 4, дефиниран со важечкиот ГУП на Охрид (2002-2012), застапени се следните намени: домување, домување со терцијални дејности, река, заштитно зеленило, бензински пумпи и улици. Блокот е ограничен со реката Даљан (дел од границата на опфат на градот) и улиците Гоце Делчев, Распаќе и Булевар Туристичка.
Во постојните и во предвидените зони за домување, а во потези долж улиците од примарната градска мрежа и други фреквентни правци, интерполирани се содржините од терцијарниот стопански сектор.

Согласно планската програма за предметната Изменување и дополнување на ГУП за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, Општина Охрид, опфатот е дефиниран по границите на УБ 4.4 од важечкиот ГУП на Охрид (2002 -2012) со одлука бр. 07-1438/2 од 30.06.2006 година. Истиот ќе се движи по:

- на северозапад – реката Даљан – границата на опфатот на градот,
- на север и исток – Булевар Туристичка и клучка
- на југ – ул. Распаќе

Планскиот опфат е дефиниран со следниве прекршочни точки:

Реден број	Y	X
1.	7482022.64	4554016.54
2.	7482139.07	4553989.71
	Лак 1	Конвексност: -0.0702 Центар: X=4553597.70, Y=7482058.02 Радиус: 400.30m Почетен агол: 78° Завршен агол: 62°
3.	7482244.37	4553951.98
4.	7482241.29	4553949.09
5.	7481879.40	4553644.40
	Лак 2	Конвексност: -0.0944 Центар: X=4553802.58, Y=7481741.28 Радиус: 210m Почетен агол: 311° Завршен агол: 290°
6.	7481811.61	4553604.71
7.	7481690.26	4553561.58
	Лак 3	Конвексност: 0.1210 Центар: X=4553410.82 , Y=7481743.84 Радиус: 160.00m Почетен агол: 110° Завршен агол: 137°
8.	7481626.54	4553519.63
9.	7481624.92	4553517.71
10.	7481621.52	4553513.67

	Лак 4	Конвексност: 0.0699 Центар: X=4553713.14, Y=7481636.06 Радиус: 200m Почетен агол: 266° Завршен агол: 282°	
11.	7481677.05		4553517.39
12.	7481688.47		4553519.78
13.	7481801.87		4553543.52
14.	7482429.92		4553675.02
15.	7482436.43		4553675.15
16.	7482429.21		4553688.48
	Лак 5	Конвексност: -0.0906 Центар: X=4553825.26, Y=7482693.70 Радиус: 297.77m Почетен агол: 207° Завршен агол: 187°	
17.	7482397.93		4553790.80
18.	7482381.57		4553930.30
	Лак 6	Конвексност: 0.2070 Центар: X=4553916.32, Y=7482262.39 Радиус: 120m Почетен агол: 7° Завршен агол: 53°	
19.	7482333.80		4554012.75
20.	7482316.07		4554023.64
	Лак 7	Конвексност: 0.1955 Центар: X=4553916.32, Y=7482262.39 Радиус: 120m Почетен агол: 63° Завршен агол: 108°	
21.	7482225.96		4554030.66
22.	7482186.37		4554018.04
	Лак 8	Конвексност: -0.1345 Центар: X=4554208.61, Y=7482125.66 Радиус: 200m Почетен агол: 288° Завршен агол: 257°	
23.	7482080.75		4554013.71
24.	7482024.95		4554026.57
25.	7482022.64		4554016.54

Вака дефинираниот плански опфат за **ГУП** има површина од **146927.01m^2,** односно **14,69ха.**

2. Извод од план од повисоко ниво

Во состав на документационата основа во изворна форма даден е Извод од ГУП на Охрид (2002-2012) со одлука бр. 07-1438/2 од 30.06.2006 година, кој содржи графички и текстуален дел од истиот кои се однесуваат на просторот во рамките на предметниот плански опфат.

3. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина

Просторот опфатен со предметната **Измена и дополнување на ГУП за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, Општина Охрид, со плански период од 2024-2034 година,** е во рамките на Урбана заедница 4, чиј опфат е дефиниран со ГУП на Охрид (2002-2012) со одлука бр. 07-1438/2 од 30.06.2006 година.
Во овој ГУП во рамките на Урбана заедница 4 се предвидени зони со следниве доминантни намени на површините:

- домување
- домување со туризам
- домување со терцијални дејности
- терцијален сектор
- социјални грижи
- бензински пумпи
- хотелиерство
- спорт
- рекреација, плажи
- образование-основно
- детска установа
- локален центар
- духовна култура
- заштитно зеленило
- улици
- река

Планскиот опфат на оваа Измена и дополна на ГУП е во зоната со доминантна намена домување и домување со терцијарни дејности.

Земјиштето во рамките на планскиот опфат генерално е неизградено.

Извод од ГУП на Охрид (2002-2012) е даден во графичките прилози од Документационата основа на овој план.

4. Студии, елаборати и работни материјали од сите области релевантни за урбанистчкото планирање и за конкретниот плански опфат

За предметниот Измена и дополна на ГУПима изработени студии, елаборати и работни материјали од областите релевантни за урбанистичкото планирање:

- Просторен план на Република Македонија – разработка – Просторен план на Охридско-Преспанскиот регион 2005-2020
- Акционен план и програма за управување со бучавата во општина Охрид
- План за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план (2020 – 2029)
- Регистрација на појасот на трската како основа за понатамошно следење на состојбите во Охридското езеро, а со цел за определување на стратегијата за нејзина заштита
- Студија за валоризација на Споменик на природа – Охридско езеро
- Локален еколошки акционен план за општина Охрид (2019-2025)
- План за управување со национален парк Галичица за периодот 2021 – 2030 година
- Стратегија за развој на зеленило на Општина Охрид 2023-2032

- Хидролошка студија за регулација на Река Даљан за измена и дополнување на ГУП за УЗ 4, УБ 4.4 плански период 2024-2034 и изработка на ДУП за УЗ 4 УБ 4.4, опфат 1, планскио период 2024-2029, Општина Охрид во обединета постапка, со технички број 05-07/23 од октомври 2024
- Извештај за стратегиска оцена на животната средина за Измена и дополнување на Генерален урбанистички план за УЗ 4, УБ 4.4 Плански период 2024-2034 и изработка на Детален урбанистички план за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, опфат 1 Плански период 2024-2029 Општина Охрид, од септември 2025 со Мислење по Финален Извештај за стратегиска оцена на животната средина од Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање бр. 15-4251/2 од 31.10.2025

5. Природни чинители кои можат да влијаат на развојот на подрачјето во рамки на планскиот опфат

Природните карактеристики се збир на вредности обележја создадени од природата, без интервенции на човекот.

- **Геолошки, геомеханички и сеизмички податоци**

Градот Охрид лежи на рамен терен и на две карактеристични возвишенија – ридови на кои е Стариот град, а во последните децении се освојуваат и подножјата на планината Петрино – населбите Рача и Бејбунар.

Во Охридското Поле главно се сретнуваат три вида почви: дилувијални, алувијални и калливи, а педолошкиот состав на почвата на територијата на градското подрачје е главно на база на влажните алувијални и калливи почви. Калливите почви настануваат како последица на високата подземна вода и при дождливиот период кога водите се задржуваат подолго, а се делат на минералогени и мочуришни.

Регионално, од геолошки аспект, подрачјето на Општина Охрид се наоѓа во Западно - македонската геотектонска зона, односно во рамките на Охридскиот неоген басен. На ова подрачје, во основата на неогените и квартерни седименти, лежат тријаски карпи, а на површината на теренот се констатирани езерски и барски седименти кои се таложени во квартерниот период и имаат најголемо распространување.

Охридскиот регион е сеизмички активно подрачје. Раседите се протегаат по должина на источниот брег на Охридското Езеро кон планината Галичица и источниот раб на Охридското поле, а на север се наоѓа Дримската сеизмогена зона. Сеизмичките дејства од локалните и подалечните епицентрални жаришта, кои имаат влијание на овој простор, можат да предизвикаат земјотреси во Охридската Котлина со интензитет од 7 до 9 степени MCS.

Стандардните земјотреси, како и сулфатарата „Дувало“, поставена на тектонски активната североисточна–југозападна линија, која се наоѓа во Охридскиот басен, во близина на село Косел, ја оцртува тектонски нестабилната положба на регионот.

Охрид се наоѓа во Дримската сеизмогена зона, во која е можна појава на земјотреси во подрачјата на Корча, Охрид, Дебар и Пешкопеја. Сеизмолозите регистрирале повеќе епицентри во поблиската околина на Охрид, со јачина од 8 до 9 степени по MCS, кај Свети Еразмо, над село Долно Лескоец, кај месноста Билјанини извори, Љубаништа и кај Пештани. Делот од просторот на ридот, стариот град и делот од падината на планината Петрино, во однос на рамнинскиот дел во Охридското поле, за најмалку еден

степен се поиздржливи на земјотреси, додека крајниот источен дел, поранешното мочуриште, е почувствителен во однос на останатиот рамнински дел.

Предметната локација е со благ пад кон југозапад – од околу 703 m надморска височина на североисточната страна од опфатот до околу 695 m надморска височина на југозападната страна на опфатот.

- **Хидрометеоролошки и климатски податоци**

Во Охридскиот Регион преовладува умерено – континентална клима, како последица на струењата кои продираат од Јадранско Море преку реката Црн Дрим и влијанието на Охридското Езеро кое се јавува како термички регулатор. Овие влијанија придонесуваат пред сè во формирање на специфичен термички и плувиометриски режим, кој се карактеризира со мали амплитуди на промена на температурата на воздухот во текот на годината.

Високите планински масиви на планините Галичица, Караорман и Јабланица, кои го опкружуваат подрачјето на Охридската Котлина, овозможуваат одржување на постојаност на климатските струења и овозможуваат „блага" клима во регионот.

Средногодишната просечна температура на воздухот во Општината изнесува 11.4C°, со максимални средномесечни температури во јули и август од 21,2C° и 34,4C°. Најниската средномесечна температура, е забележана во јануари -17,2C°, е апсолутниот минимум.

Охридската Котлина се одликува со долготрајно сончево зрачење, а просечното годишно сончево зрачење изнесува 2.233 часови или во просек 6 часа дневно. Максимумот на сончево зрачење се постигнува во јули месец со вкупно 308 сончеви часови или во просек 10 часа дневно, додека минимумот е во јануари и изнесува во просек 3 часа дневно.

Релативната влажност на воздухот има спротивен од во однос на температурата на воздухот. Од јануари до јули опаѓа, а потоа се зголемува. Просечната годишна влажност на воздухот е 71%, со максимум во декември и јануари (79%), а минимум во јули и август (60%).

Испарувањето од слободната водна површина во Охридската Котлина е поголемо од количината врнежи. Просечно годишно испарува 836l/m^2, а годишната сума на врнежи изнесува 708l/m2. Најголемо е испарувањето во август (137l/m^2), потоа во јули (132l/m^2), а најмало во јануари со 27l/m^2.

Маглата е ретка појава во Охридската Котлина, а просечно годишно се јавуваат 5 дена во зимските месеци од годината. Просечниот број на мразни денови изнесува 61.

Просечните средногодишни врнежи изнесуваат 704mm, додека пак просечните врнежи во околината на Езерото изнесуваат приближно 759mm годишно. Количината на врнежи во Општината има два максимуми, примарен во ноември и секундарен во февруари. Меѓу ноември и февруари доаѓа до незначително намалување на врнежите. Минималните врнежи се во јули.

Охридската котлина се одликува со посебен режим на ветрови, условено од езерото. Покрај ветровите што се јавуваат поради општите атмосферски промени, се јавуваат и ветрови од локален карактер, како последица на нееднаквото загревање на воздухот над копното и езерската површина.

- **Хидролошки податоци**

Според хидрографската поделба на територијата на Р.С. Македонија, Општина Охрид припаѓа на Јадранскиот речен слив. Преку него се одводнуваат западните и југозападните делови на Р. С. Македонија односно површина од 3.350km^2, а според големината претставува втор слив во нашата држава. На него му припаѓаат сливните површини на Охридското и Преспанското Езеро. Најзначајна река во овој слив е реката Црн Дрим.

Најважна карактеристика на овој регион е Охридското Езеро, кое се наоѓа во Охридско–струшката котлина, поточно на 41 степен северна географска широчина и меѓу 20 и 21 степен источна географска должина. Учеството на езерската површина во вкупниот слив изнесува 7,36%.

Охридското Езеро се наоѓа на надморска височина од 693,17 m и претставува тектонска потонатина. Зафаќа површина од 358km^2, од кои 2/3 или 238,790km^2 и припаѓаат на Р. Северна Македонија, додека останатата 1/3 или 119,39 km^2 и припаѓаат на Р. Албанија. Езерото е со должина од 31km, широчина 15km, просечна длабочина од 155m и максимална длабочина од 288m. Се смета за едно од најпровидните езера во Европа (22m), а според длабочината се наоѓа на седмо место.

Сливното подрачје на Охридското Езеро опфаќа 40 притоки, 23 на албанска и 17 на македонска страна, меѓу кои доминираат суводолици кои течат само при обилни врнежи и при топење на снег. Главни површински водотеци во Охридското Езеро се реките Коселска, Велгошка, Черава, а од 1961 година и реката Сатеска.

Регулација на р. Далјан во градското подрачје, што претставува всушност и граница на урбаниот опфат, е планирана со ГУП на Охрид (2002-2012), но не е изведена. За потребите на предметниот план изработена е Хидролошка студија за регулација на Река Даљан за измена и дополнување на ГУП за УЗ 4, УБ 4.4 плански период 2024-2034 и изработка на ДУП за УЗ 4 УБ 4.4, опфат 1, планскио период 2024-2029, Општина Охрид во обединета постапка, со технички број 05-07/23 од октомври 2024 во која се дефинира профил за регулационото корито на р. Далјан.

- **Податоци за заштитени природни блага**

Со дописот со бр. 11-2872/2 од 16.6.2025, Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за природа известува дека планскиот опфат не се наоѓа во граници на заштитено подрачје утврдено со закон (Национален парк, Споменик на природа, Парк на природа, Заштитен предел или Повеќенаменско подрачје), истиот е надвор и од границите на евидентираните Натура 2000 подрачја и евидентираните Емералд подрачја, но и дека опфатот се наоѓа во границите на Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион.

Според Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план 2020-2029, (Сл весник бр.45/2020), предметниот плански опфат се наоѓа во третата заштитна зона на природното наследство во Охридскиот Регион. Во оваа зона се зафатени простори со непродуктивна намена (населби и др. градежно земјиште) и продуктивно земјиште (земјоделски поседи, пасишта и шуми) што се застапени меѓу котата 866 м.н.в. и надворешната граница на првата заштитна зона. Во оваа зона е дозволен развој на населбите, туризмот и инфраструктурата, но под посебни услови.

6. Податоци за создадените чинители кои се релевантни за состојбите во просторот и за просторниот развој

Создадените вредности, како чинители кои можат да влијаат на животот на човекот и начинот на употреба на земјиштето во рамките на опфатот на планот ги опфаќаат: културно-историските чинители, демографски, економски, стопански, сообраќајни, законодавно-административни, здравствено-социјални и други чинители.

На територијата на планскиот опфат преовладува неизградено земјиште.

Во однос на комуналната инфраструктура, сообраќајната мрежа не е целосно изведена, односно во внатрешноста на опфатот не постојат сообраќајници. Од североисток опфатот се движи по клучка на бул. „Туристичка“, а на југ по собирна улица Распаќе.

Во рамки на опфатот поминува секундарна водоводна мрежа, како и електро-енергетски и телекомуникациски водови.

- **Инвентаризација на изграден градежен фонд**

За целосно согледување на постојната состојба, изработен е елаборат за ажурирана геодетска подлога, а потоа е извршено детално истражување по пат на директен увид на терен и направена е детална анализа на добиените податоци.

При увидот на терен, направена е инвентаризација на изградениот градежен фонд, земјиштето и вкупната физичка супраструктура. Соодветно на тоа, изработена е табела во која е прикажана целокупната изграденост на теренот, состојбата, видот и степенот на изграденост на секоја катастарска парцела во рамките на планскиот опфат.

Биланс на површини по намени за Урбан блок 4.4 (P=146927.01m² - 14.69ха)						
НАМЕНИ	А - домување и престој	Д2 - заштитно и сообраќајно зеленило	Д5 - полуприродни зелени хабитати (река Далјан)	Е1 - Сообраќајни линиски и други инфраструктури	Неизградено земјиште	Вкупно
[m²]	6248.49	15321.51	11857.84	11788.11	101711.06	146927.01
[%]	4.25	10.43	8.07	8.02	69.23	100.0

- **Демографски податоци**

Основа за иден развој претставува анализата на постојната состојба, поради што е извршен увид на терен со кој се добиени податоци за број на жители, број на домаќинства и слично.

Главна цел на оваа анализа е согледување на демографската структура и досегашниот демографски развој.

Според податоците на Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2021 година, вкупниот број на жители во градот Охрид изнесува 38818 жители во 14010 домаќинства. Вкупниот број на станови во градот изнесува 26153 Просечниот број на жители во домаќинство изнесува 2,8.

Според извршената инвентаризација во рамките на планскиот опфат со вкупна површина од **146927m^2 (14,69ха)** постојат **девет објекти** со намена А1 и три помошни објекти. Има **8 домаќинства** и вкупно **25 жители.**

- **Инвентаризација на постојни споменички целини, градби од културно-историско значење**

Според добиените податоци од Министерството за култура – Управа за заштита на културното наследство со допис бр. 17-1519/2 од 09.04.2024 година, планскиот опфат на **Измена и дополнување на ГУП за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, Општина Охрид, плански период 2024-2034** се наоѓа во непосредна близина на археолошкиот локалитет „Хермелеја“ и археолошкиот локалитет „Козлук“, како и дека претставува дел од природното и културното наследство на Охридскиот регион заштитен од УНЕСКО. Во дописот е напоменето дека: „Поради тоа, ве упатуваме да контактирате со НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид, да утврди дали некој од археолошките локалитети навлегува во предметниот плански опфат, и да утврди услови под кои може да се изработи планот. Извештајот треба да биде приложен во планот.“
Согласно податоците и информациите добиени од **Националната установа завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Охрид**, допис бр. 13-613/2 од 28.05.2024 година, во рамки на предметниот опфат нема познати или евидентирани споменици на културата или археолошки локалитети.
Но наведено е дека планскиот опфат согласно Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план 2020-2029, (Сл весник бр.45/2020), се наоѓа во Зона III-а, каде се предвидуваат низа мерки со посебен режим на заштита, кои треба да се почитуваат во планското решение каде според заштитните мерки максималната дозволена катност е П+4, и процент на изграденост од 50%.
Третата зона е простор со поретка концентрација на културно наследство а во конкретниот опфат нема видливо или познато културно наследство, па затоа се прифатливи сите интервенции кои се во склад со развојните стратегии на Општината Охрид, но со придржување кон основните начела на заштита на културното наследство и културниот предел со примена на мерката на урбана реконструкција, односно воспоставување состојба која ќе ги подобри условите за живеење и работа со изградба на нови градби кои ќе ги почитуваат амбиенталните карактеристики со традиционалните форми и карактеристики на пејзажот и хармонијата со целината.

- **Инвентаризација на комунална инфраструктура и супраструктура**

Низ територијата на Општина Охрид поминуваат следните државни патишта:

„А“ патишта низ територијата на Општина Охрид:

- А2 – Граница со Р. Бугарија (ГП Деве Баир) – Крива Паланка – Страцин – Романовце (Куманово) – Миладиновци – обиколница Скопје – Тетово – Гостивар – Кичево – Требениште – Струга – Граница со Р. Албанија (ГП Ќафасан);
- А3 – Раскрсница Требениште (спојка со А2) – раскрсница Подмоље – Охрид – Косел – Ресен – Битола – Прилеп – Велес – Штип – Кочани – Делчево – Р. Бугарија (ГП Рамна Нива).

Регионални патишта низ територија на Општина Охрид:

- Регионален пат R 1301: Охрид (спојка со А3) – Свети Наум – граница со Р. Албанија;
- Регионален пат R 1208: Охрид (спојка со R1301) – Подмоље – (спојка со А3) – Струга – Радожда

Во рамките на планскиот опфат **11788,11 m²**, или **8,07%** од вкупната површина се со намена **Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури**.

- **Сообраќајни инфраструктури**

  Сообраќајната инфраструктура во планскиот опфат ја сочинуваат:

  Примарни улици – постојната градска магистрала – бул. Туристичка и клучка – чии осовини се североисточната граница на опфатот. Собирна улица Распаќе чија осовина е јужната граница на опфатот.

- **Инфраструктури на водоснабдувањето и канализациски инфраструктури**

  Од **ЈП Водовод Охрид** со допис бр. 09-767/1 од 09.04.2024 година се добиени податоци за постоечка хидротехничка инфраструктура – водоводна мрежа.

  Во дописот е потенцирано дека во рамките на планскиот опфат поминува водоводна мрежа со Ø300.

  Сите постојни водови од графичкиот прилог на овој допис се нанесени на графичкиот прилог бр. 04 од Документационата основа – Инвентаризација на градбите и водовите од вкупната изградена комунална и друга инфрастуктура.

- **Инфраструктури за пренос на електрична енергија**

  Со допис бр. 10-23/7-98 од 29.02.2024, **Електродистрибуција ДООЕЛ – Скопје,**информира дека во рамките на планскиот опфат постојат нивни инфраструктури – 10(20)kV подземна и надземна мрежа и 0.4kV подземна и надземна мрежа.

  Освен тоа, во опфатот има и планирана 10(20)kV Подземна мрежа.

  Сите постојни водови од графичкиот прилог на овој допис се нанесени на графичкиот прилог бр. 04 од Документационата основа – Инвентаризација на градбите и водовите од вкупната изградена комунална и друга инфрастуктура.

  Со допис бр. 11-2507/1 од 03.04.2024 година**, АД МЕПСО**, **Скопје** известува дека предметниот плански опфат не се пресекува со електроенергетски објекти во нивна сопственост.

- **Телекомуникациски инфраструктури**

  За телекомуникациските инфраструктури се добиени податоци од **Агенцијата за електронски комуникации, Скопје** со допис бр. 1404-1352/2 од19.04.2024**; Македонски Телеком АД, Скопје** со допис бр. 60952 од 03.04.2024 година и **А1 Македонија ДООЕЛ, Скопје** со допис бр. 11-2455/1 од 01.04.2024 година.

  Сите постојни водови од овие дописи се нанесени на графичкиот прилог бр. 04 од Документационата основа – Инвентаризација на градбите и водовите од вкупната изградена комунална и друга инфрастуктура.

- **Гасоводна инфраструктура**

  Со допис бр. 08-2117/2 од 29.03.2024 година, **АД НОМАГАС, Скопје** известува дека во рамките на планскиот опфат нема изградено ниту планирано гасоводна мрежа.

- **Инфраструктура за заштита и спасување**

  Со допис бр. 09/3-98/2 од 03.04.2024 година **Дирекцијата за заштита и спасување, Подрачно одделение Охрид,** известува дека во планскиот опфат не располага ниту има податоци за постоечка или планирана инфаструктура.

- **Инфраструктура од областа на цивилно воздухопловство**

  Со допис бр. 12-8/315 од 01.04.2024 година, **Агенција за цивилно воздухопловство** известува дека предметниот опфат се наоѓа вон зона на било кој аеродром, леталиште или воздухопловен уред, односно во опфатот нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилно воздухопловство и истиот може да се планира без посебни услови и ограничувања од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

- **Инфраструктура од областа на заштита на водите**

  Со допис бр. 11-4165/2 од 31.05.2024 година, **Министерство за животна средина и просторно планирање, Управа за животна средина, Сектор за води,** известува дека планскиот опфат зафаќа еден непостојан водотек.

  Согласно Законот за водите (Сл. Весник на РМ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16, 151/21, 99/22 и 3/25) потребно е во планската документација да бидат вградени следните критериуми:

  - Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите, забрането е, освен со дозвола или согласности издадена врз основа на закон, изградба на постројки и објекти во крајбрежните земјишта, односно нивната местоположба треба да биде надвор од крајбрежниот појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулирани водотеци;
  - Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките;
  - Изведувањето на објекти и постројки да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно-техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците;
  - Да се превземат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции;
  - Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, се забранува:
    - да се вади песок, чакал и камен од речното корито за да не дојде до влошување на постојаниот режим на водите и да се предизвика ерозија или се оневозможи користење на водите.
    - да се менува правецот на водотекот без согласност на Управата за Животна средина – Сектор за води.
    - да се сечат дрва и друга вегетација од коритата и бреговите на водотеците, без одобрение.
    - да се копаат прокопи и канали по должината на насипот на коритото поблиску од 10 м од внатрешната страна и 10 м од надворешната страна на ножицата на насипот.

  - за постоечките канали потребно е слободен пристап по 5 м лево и десно од надворешната страна на ножицата на насипот.
- потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од населени места и стопански комплекси, согласно Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води и Уредбата за класификација на водите (Сл. Весник на Р.М. бр. 18/99).

- **Инвентаризација на урбано зеленило**

Од извршениот увид на терен забележано е декаво рамките на опфатот постои заштитно и сообраќајно зеленило, како и високо зеленило покрај реката Далјан. Постои зеленило во дворовите на куќите, додека останатиот дел е неизградено земјиште.

7. Анализа на степенот на реализација на важечкиот урбанистички план иможностите за просторен развој

Планскиот опфат на предметната **Измена и дополнување на ГУП за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, Општина Охрид, со плански период од 2024-2034 година,** соодветствува со веќе утврдените граници на блокови во важечкиот ГУП на Охрид (2002-2012), одлука бр. 07-1438/2 од 30.06.2006 година. Врз основа на овој ГУП, за Урбан блок 4.4 нема донесено детален урбанистички план.

Со инвентаризацијата на терен, анализата на ажурираната геодетска подлога и добиените податоци и информации од јавните комунални претпријатија и други субјекти на државна управа може да се заклучи дека:

- Подрачјето на планскиот опфат се карактеризира со низок степен на изграденост, при што поголем дел од изградените градби се во добра состојба.
- Просторот има дефинирана и реализирана сообраќајна и комунална инфраструктура, само од примарната улична мрежа.

Исто така утврдено е дека голем дел од опфатот е неизградено земјиште.

8. Оценка на можностите и ограничувањата на просторниот развој со програмски проекции што произлегуваат од анализата на состојбите во просторот

Планскиот опфат, предмет на разработка на оваа Измена и дополнување на ГУП се наоѓа во градежниот реон на град Охрид, кој е покриен со важечки ГУП на Охрид (2002-2012), одлука бр. 07-1438/2 од 30.06.2006 година

Во рамките на предметниот опфат, со инвентаризацијата на градежниот фонд е утврдено дека намените на постојните објекти генерално се во согласност со намените од важечкиот ГУП. Сообраќајната инфраструктура е реализирана во делот на примарната улична мрежа, додека од секундарната улична мрежа постои еден крак од улица која е со нерегулиран уличен профил. Комуналната инфраструктура и супраструктура се карактеризираат со низок степен на реализација.

Анализата на можностите за просторен развој го условува планирањето кое треба да биде сегментирано и базирано врз:

- Приоритети и потреби;
- Корелативни повеќедисциплински меѓусебни условености;
- Комплементарност;
- Економска исплатливост;

Во дефинирање на планскиот концепт важни се следните критериуми исцрпени од анализата на просторот:

- Дефинирање на сообраќајната мрежа во посебни услови за потребите на висококвалитетен флексибилен простор;
- Рационално планирање на земјиштето со утврдување големина на градежни парцели, кои ќе бидат рационални и кои ќе одговараат на потребите на пазарот;
- Условување на сообраќајната инфраструктура за безбеден пристап до секоја градба;
- Условување на пешачкото движење во функција на инвалидизирани лица, без бариери;
- Условување на потребите за паркирање да се решаваат во сопствените парцели,
- Задоволување на потребите од енергија (електроенергија и гас како енергент за затоплување) преку адекватна и рационална инфраструктурна мрежа;
- Поврзување на секоја градба на инфраструктурната мрежа за телекомуникациски услуги;
- Задоволување на потребите од водоснабдување (санитарна и техничка вода за поливање и противпожар) преку адекватна и рационална инфраструктурна мрежа;
- Адекватно и рационално прифаќање на отпадните води (фекални и атмосферски одделно) преку адекватна и рационална инфраструктурна мрежа;
- Соодветен третман на фекалните и другите отпадни води во пречистителни станици(поединечно за секој корисник или групни по договор).

НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

Биланс на површини по намени за Урбан блок 4.4 (P=146927.01m² - 14.69ха)						
НАМЕНИ	А - домување и престој	Д2 - заштитно и сообраќајно зеленило	Д5 - полуприродни зелени хабитати (река Даљан)	Е1 - Сообраќајни линиски и други инфраструктури	Неизградено земјиште	Вкупно
[m²]	6248.49	15321.51	11857.84	11788.11	101711.06	146927.01
[%]	4.25	10.43	8.07	8.02	69.23	100.0

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА - ГРАФИЧКИ ДЕЛ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ОХРИД

Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште
Одделение за просторно и урбанистичко планирање, управување со градежно земјиште и недвижен имот на општината

Број: 19-3033/2 од 26.04.2024 год.

Генерален урбанистички план на Охрид 2002 – 2012
Одлука бр: 07-1438/2 од 30.06.2006 год.

Мерка: 1: 5000

ИЗВОД од Генерален урбанистички план на Охрид за изработка ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГУП ЗА УЗ 4 УБ 4.4

СОДРЖИ:

1. **Графички дел:**
   - Заверена копија од Синтезен план – намена на земјиштето со граница на плански опфат и легенда.
   - Заверена копија од Сообраќајно решение со нивелмански план со граница на плански опфат и легенда.
   - Заверена копија од Синтезен план – водоснабдување со граници на плански опфат и легенда
   - Заверена копија од Синтезен план - фекална канализација со граници на плански опфат и легенда
   - Заверена копија од Синтезен план - атмосферска канализација со граници на плански опфат и легенда
   - Заверена копија од Синтезен план - електроенергетски и телекомуникациски системи со граници на плански опфат и легенда

2. **Текстуален дел:**
   - Заверена копија од:

- Програмски поставки на идниот развој на градот
  - Природни погодности и ограничувања како фактор на планирањето на просторот на градот
  - Демографски развој – домување
  - Општествен стандард
  - Зеленило, спорт и рекреација – заштитно зеленило
- Планскимерки за заштита на животна стредина
- Плански мерки за заштита на природно богатство
- Насоки и плански мерки за заштита на културно наследство

- План за организацијана просторот
    - Систем на Урбани заедници
    - Билнси на површините во урбаните заедници

- Сообраќајна инфраструктура
    - Магистрални улици
    - Сервисни улици

- Комунална инфраструктура
    - Водоснабдување
    - Фекална канализација
    - Атмосферска канализација
    - Површински водотеци
    - Електроенергетски системи
    - Телекомуникациски системи

- Параметри за уредување на просторот

изготвил:
советник,
Лилјана Јоноска, диа

Liljana Jonoska
Digitally signed by Liljana Jonoska
Date: 2024.04.26 09:09:28 +02'00'

контролирал:
рак. на одделение
Татјана Стојческа, диа

Tatjana Stojcheska
Digitally signed by Tatjana Stojcheska
DN: c=MK, o=DPSHTINA OHRID, 2.5.4.97=VATMK-4020004141968, ou=DPSHTINA OHRID-4020004141968, givenName=Tatjana, sn=Stojcheska, serialNumber=CIT3717411, cn=Tatjana Stojcheska
Date: 2024.04.26 09:18:19 +02'00'

одобрил :
пом. рак. на сектор,
Кирил Илоски, диа

Kiril Iloski
Digitally signed by Kiril Iloski
Date: 2024.04.26 12:48:30 +02'00'


Градоначалник,
Кирил Пецаков

Kiril Pecakov
Digitally signed by Kiril Pecakov
Date: 2024.04.26 13:07:54 +02'00'

ОХРИД - МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ И УРБАНИ БЛОКОВИ

Пвкупно = 1.283,39 Ха

УЗ 1. СТАР ГРАД		**70.27 Ха**
УРБАН БЛОК 1.1	25.48 Ха	
УРБАН БЛОК 1.2	35.32 Ха	
УРБАН БЛОК 1.3	3.73 Ха	
УРБАН БЛОК 1.4	5.82 Ха	
УЗ 2. ЦЕНТАР		**61,20 Ха**
УРБАН БЛОК 2.1	8.38 Ха	
УРБАН БЛОК 2.2	9.49 Ха	
УРБАН БЛОК 2.3	15.18 Ха	
УРБАН БЛОК 2.4	10.19 Ха	
УРБАН БЛОК 2.5	13.98 Ха	
УРБАН БЛОК 2.6	5.90 Ха	
УЗ 3. КОШИШТА		**43,52 Ха**
УРБАН БЛОК 3.1	17.95 Ха	
УРБАН БЛОК 3.2	9.77 Ха	
УРБАН БЛОК 3.3	10.43 Ха	
УРБАН БЛОК 3.4	5.37 Ха	
УЗ 4. ВОСКА		**96,81 Ха**
УРБАН БЛОК 4.1	8.90 Ха	
УРБАН БЛОК 4.2	11.33 Ха	
УРБАН БЛОК 4.3	8.38 Ха	
УРБАН БЛОК 4.4	14,69 Ха	
УРБАН БЛОК 4.5	15.15 Ха	
УРБАН БЛОК 4.6	14.39 Ха	
УРБАН БЛОК 4.7	23.97 Ха	
УЗ 5. ЛЕСКАЈЦА		**74.97 Ха**
УРБАН БЛОК 5.1	18.53 Ха	
УРБАН БЛОК 5.2	10.21 Ха	
УРБАН БЛОК 5.3	12.10 Ха	
УРБАН БЛОК 5.4	34.13 Ха	
УЗ 6. ДАМЕ ГРУЕВ		**34.21 Ха**
УРБАН БЛОК 6.1	23.79 Ха	
УРБАН БЛОК 6.2	10.42 Ха	
УЗ 7. 7. НОЕМВРИ		**27.92 Ха**
УРБАН БЛОК 7.1	14.56 Ха	
УРБАН БЛОК 7.2	13.36 Ха	
УЗ 8. БИЉАНИНИ ИЗВОРИ		**56,15 Ха**
УРБАН БЛОК 8.1	22.46 Ха	
УРБАН БЛОК 8.2	15.51 Ха	
УРБАН БЛОК 8.3	18.18 Ха	
УЗ 9. 8. СЕПТЕМВРИ		**63.22 Ха**
УРБАН БЛОК 9.1	28.36 Ха	
УРБАН БЛОК 9.2	15.50 Ха	
УРБАН БЛОК 9.3	16.02 Ха	
УРБАН БЛОК 9.4	3.34 Ха	
УЗ 10. ГОРНА ВЛАШКА МАЛА		**45.64 Ха**
УРБАН БЛОК 10.1	19.75 Ха	
УРБАН БЛОК 10.2	14.47 Ха	
УРБАН БЛОК 10.3	11.46 Ха	
УРБАН БЛОК 10.4	4.01 Ха	
УЗ 11. ВИДОБИШТА		**98.84 Ха**
УРБАН БЛОК 11.1	23.52 Ха	
УРБАН БЛОК 11.2	23.77 Ха	
УРБАН БЛОК 11.3	22.10 Ха	
УРБАН БЛОК 11.4	19.81 Ха	
УРБАН БЛОК 11.5	9.46 Ха	
УЗ 12. ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ		**55.47 Ха**
УРБАН БЛОК 12.1	6.99 Ха	
УРБАН БЛОК 12.2	17.75 Ха	
УРБАН БЛОК 12.3	16.28 Ха	
УРБАН БЛОК 12.4	14.45 Ха	
УЗ 13. ЖЕЛЕЗНИЧКА НАСЕЛБА		**93.25 Ха**
УРБАН БЛОК 13.1	22.57 Ха	
УРБАН БЛОК 13.2	18.73 Ха	
УРБАН БЛОК 13.3	21.90 Ха	
УРБАН БЛОК 13.4	30.05 Ха	
УЗ 14. РАДОИЦА НОВИЧИЧ		**86.75 Ха**
УРБАН БЛОК 14.1	15.76 Ха	
УРБАН БЛОК 14.2	31.68 Ха	
УРБАН БЛОК 14.3	27.63 Ха	
УРБАН БЛОК 14.4	11.68 Ха	
УЗ 15. 15. КОРПУС		**159.22 Ха**
УРБАН БЛОК 15.1	15.46 Ха	
УРБАН БЛОК 15.2	25.96 Ха	
УРБАН БЛОК 15.3	10.77 Ха	
УРБАН БЛОК 15.4	32.45 Ха	
УРБАН БЛОК 15.5	27.11 Ха	
УРБАН БЛОК 15.6	22.36 Ха	
УРБАН БЛОК 15.7	25.11 Ха	
УЗ 16. РАЧА		**65.34 Ха**
УРБАН БЛОК 16.1	12.18 Ха	
УРБАН БЛОК 16.2	32.53 Ха	
УРБАН БЛОК 16.3	20.63 Ха	
УЗ 17. СТУДЕНЧИШТА		**111.66 Ха**
УРБАН БЛОК 17.1	70.53 Ха	
УРБАН БЛОК 17.2	19.38 Ха	
УРБАН БЛОК 17.3	17.30 Ха	
УРБАН БЛОК 17.4	4.45 Ха	
УЗ 18 ЧЕКОШТИНА		**38,95 Ха**
УРБАН БЛОК 18.1	16.29 Ха	
УРБАН БЛОК 18.2	22.66 Ха	



ЛЕГЕНДА НА ОЗНАКИТЕ

1. ДОМУВАЊЕ
- ДО - ДОМУВАЊЕ

2. ОПШТЕСТВЕН СТАНДАРД
- ОБ - ОБРАЗОВАНИЕ - ОСНОВНО И СРЕДНО
- Ф - ОБРАЗОВАНИЕ - ВИСОКО
- СД - СТУДЕНСКИ ДОМ
- ХБЗ - ХИДРОБИОЛОШКИ ЗАВОД
- СС - СЕИЗМОЛОШКА СТАНИЦА
- МС - МЕТЕРОЛОШКА СТАНИЦА
- БО - БОЛНИЦА
- ЗД - ЗДРАВСТВЕН ДОМ
- АП - АПТЕКА
- ДГ - ДЕТСКА ГРАДИНКА
- ЗП - ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ
- СР - ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА
- ДСЛ - ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА
- ДХЕ - ДОМ ЗА ХЕНДИКЕПИРАНИ ЛИЦА
- ОСЛ - ОДМОРАЛИШТЕ ЗА СЛЕПИ ЛИЦА
- ДК - ДОМ НА КУЛТУРА
- УС - УНИВЕРЗАЛНА САЛА
- МУ - МУЗЕЈ
- ЗЗС - ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРА

3. ДРЖАВНА УПРАВА И ПРАВОСУДСТВО; ЛОК.САМОУПРАВА
- ИА - ИСТОРИСКИ АРХИВ
- ЕЛС - ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
- МВР - МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
- СУД - СУД
- ЗВ - ЗАВОД ЗА ВРАБОТУВАЊЕ
- ФПС - ФОНД ЗА ПЕНЗИСКО И СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ
- ВЗ - ВОДНА ЗАЕДНИЦА

4. СТОПАНСТВО
- БК - БАНКА
- ФТД - ФИНАНСИСКИ, ТЕХНИЧКИ ИДЕЛОВНИ УСЛУГИ
- КС - КОМЕРЦИЈАЛНИ СОДРЖИНИ
- ПО - ПОЖАРНА

5. ЗЕЛЕНИЛО, СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА
- СЗЗ - СТРОГО ЗАШТИТЕНА ЗОНА
- ДП - ДЕНДРОЛОШКИ ПАРК
- МП - МЕМОРИЈАЛЕН ПАРК
- СП - СПОРТ
- ЦВС - ЦЕНТАР ЗА ВОДНИ СПОРТОВИ
- Р - РЕКРЕАЦИЈА

6. СООБРАЌАЈ И СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА
- ГТЛС - АВТОБУСКИ ТЕРМИНАЛ
- АТ - АВТОБУСКИ ТЕРМИНАЛ
- МП - ЈП МАКЕДОНИЈА ПАТ
- БС - БЕНЗИНСКА СТАНИЦА
- ГК - ГАРАЖНА КУЛА
- ПП - ПОДЗЕМЕН ЈАВЕН ПАРКИНГ
- П - ПАРКИНГ
- ПВ - ПОЛИГОН ЗА ОБУКА НА ВОЗИЛА

7. КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
- ПА - ЈП ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ - ПРОАКВА
- ППС - ПРЕПУМПНА СТАНИЦА
- ПС - ПУМПНА СТАНИЦА
- РЗ - РЕЗЕРВОАР
- ОК - ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ
- ЕСМ - ЕСМ - ДИСТРИБУЦИЈА
- ТС - ТРАФОСТАНИЦА
- ПТТ - ПОШТА И ТЕЛЕКОМ
- РТВ - РАДИО, ТЕЛЕВИЗИЈА

БИЛАНСИ НА ПОВРШИНИТЕ НА ГРАДОТ - ПЛАНИРАН РАЗВОЈ

	површина во Ха	учество во %
ВКУПНО ОПФАТ	П = 1.283.39	100.00
1. ДОМУВАЊЕ	744.64	58.25
- ДОМУВАЊЕ	465.63	
- ДОМУВАЊЕ СО ТЕРЦИЈАЛНИ СОДРЖИНИ	187.85	
- ДОМУВАЊЕ СО ХОТЕЛИЕРСТВО	91.16	
2. ОПШТЕСТВЕН СТАНДАРД	50.29	3.93
- ОБРАЗОВАНИЕ	10.46	
- НАУКА	1.78	
- ЗДРАВСТВО	9.04	
- СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА	11.81	
- КУЛТУРА	3.71	
- ЛОКАЛЕН ЦЕНТАР И ДРУГИ СОДРЖИНИ	8.53	
- ДУХОВНА КУЛТУРА - ЦРКВИ И ЏАМИИ	3.41	
- АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ	0.25	
3. ДРЖАВНА УПРАВА И ПРАВОСУДСТВО; ЛОК.САМОУПРАВА	3.89	0.30
- ДРЖАВНА УПРАВА И ПРАВОСУДСТВО, ЛОКАЛНА САМОУПРАВА	3.89	
4. СТОПАНСТВО	165.13	12.92
- ПРИМАРЕН СЕКТОР	10.70	
- СЕКУНДАРЕН СЕКТОР	40.46	
- ТЕРЦИЈАРЕН СЕКТОР	40.44	
- МАЛО СТОПАНСТВО	26.93	
- ХОТЕЛИЕРСТВО, УГОСТИТЕЛСТВО	21.48	
- СПЕЦИЈАЛНА НАМЕНА	25.12	
5. ЗЕЛЕНИЛО, СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА	138.31	10.82
- ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО	48.54	
- ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО	21.75	
- СТРОГО ЗАШТИТЕНА ЗОНА - СТУДЕНЧИШТА	51.55	
- СПОРТ	16.47	
- РЕКРЕАЦИЈА		
6. СООБРАЌАЈ И СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА	147.38	11.53
- ПЕШАЧКИ УЛИЦИ И ПЛОШТАДИ	141.13	
- УЛИЦИ И ТРОТОАРИ		
- АВТОБУСКИ ТЕРМИНАЛ	2.36	
- БЕНЗИНСКИ СТАНИЦИ	2.45	
- КАТНА ГАРАЖА	0.18	
- ЈП МАКЕДОНИЈА ПАТ,ПВ	1.26	
6. КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	28.75	2.25
- КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ	2.10	
- ГРАДСКИ ГРОБИШТА	16.65	
- ГРАДСКО ПАЗАРИШТЕ	0.72	
- ЕЛЕКТРО СИСТЕМИ	1.26	
- КОМУНИКАЦИСКИ СИСТЕМИ	0.38	
- ПОВРШИНСКИ ВОДОТЕЦИ	6.11	
- ТОПЛАНА	1.53	

7. ГРАНИЦА
- ГРАНИЦА НА ОПФАТ НА ОХРИД - ПЛАНИРАН РАЗВОЈ
- ГРАНИЦА НА ОПФАТ НА НАСЕЛЕНИ МЕСТА - ПЛАНИРАН РАЗВОЈ
Урбан блок 11.2. • домување • домување со терц.дејности • терцијарен сектор • улици	**23.77 Ха** 16.29 5.69 0,14
Урбан блок 11.3. • домување • домување со терц.дејности • државна управа • примарен сектор • секундарен сектор • терцијарен сектор • мало стопанство • улици	**22.10 Ха** 8.58 4,45 0.59 1,36 3,20 0,12 2,07
Урбан блок 11.4. • домување • домување со терц.дејности • улици	**19.81 Ха** 13,21 5,21
Урбан блок 11.5. • домување • домување со терц.дејности • улици	**9.64 Ха** 7.55 1,55
УЗ 12 ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ **Урбан блок 12.1.** • домување	**55,47 Ха** **6,99 Ха** 2,61

• домување комбинирано • улици	3,51
Урбан блок 12.2. • домување • домување комбинирано • детска установа • медицински центар • терцијарен сектор	**17,75 Ха** 3,28 3,30 0,40 8,84 0,10
Урбан блок 12.3. • домување • домување комбинирано • локален центар • улици	**16,28 Ха** 9,28 0,59 0,21
Урбан блок 12.4. • домување • зеленило заштитно	**14,45 Ха** 12,85 1,47
УЗ 13. ЖЕЛЕЗНИЧКА НАСЕЛБА **Урбан блок 13.1.** • специјална намена • улици	**93,25 Ха** **11,68 Ха** 10,87
Урбан блок 13.2. • домување • домување со терц.дејности • примарен сектор • терцијарен сектор • улици	**18.73 Ха** 7.90 2.09 5.57 2.88
Урбан блок 13.3. • домување • домување со терц. дејности • хотел • улици	**21,90 Ха** 14.82 5.56 0,06
Урбан блок 13.4. • домување • домување комб. • терцијарен сектор • рекреација • река • ЈП Македонија пат • улици	**30,05Ха** 15.26 4.88 3,33 0,31 1,07 0,81

УЗ 14. РАДОИЦА НОВИЧИЧ	**86,75 Ха**
Урбан блок 14.1.	**15,76 Ха**
• домување	9,91
• домување комб.	4,03
• терцијарен сектор	0,26
• река	0,30
• улици	
Урбан блок 14.2.	**31.68 Ха**
• домување	24,20
• домување комб.	3,86
• основно образование	1,34
• детска установа	0,91
• духовна култура (црква)	0,12
• улици	
Урбан блок 14.3.	**27,63 Ха**
• домување	19,91
• домување кол.	6,74
• улици	
Урбан блок 14.4.	**11,68 Ха**
• домување комб.	9,38
• здравство	0,06
• локален центар	0,29
• река	0,05
• улици	
УЗ 15. - 15. КОРПУС	**159.22 Ха**
Урбан блок 15.1.	**15,46 Ха**
• домување со терц. дејности	4,99
• образование	0,81
• секундарен сектор	6,78
• зеленило заштитно	0,94
• ТС 110/0,4 Охрид 1	0,80
• улици	
Урбан блок 15.2.	**25,96 Ха**
• домување	19,05
• домување со терц. дејности	3,30
• образование и лок. центар	2,36
• улици	
Урбан блок 15.3.	**10,77 Ха**
• домување	7,38
• домување комб.	2,65
• улици	
Урбан блок 15.4.	**32.45 Ха**
• домување со терц.дејности	0,16
• терцијарен сектор	0,22
• градски гробишта	16,65

• бензинска пумпа • зеленило заштитно • улици	0,21 13,96
Урбан блок 15.5. • домување • мало стопанство • секундарен сектор • терцијарен сектор • бензинска пумпа • улици	**27,11 Ха** 11,22 8,05 3,39 2,00 0,55
Урбан блок 15.6. • домување • секундарен сектор • мало стопанство • терцијарен сектор • улици	**22,36 Ха** 2,78 11,76 5,54 1,41
Урбан блок 15.7. • мало стопанство • терцијарен сектор • улици	**25,11 Ха** 22,38 1.39
УЗ 16. РАЧА **Урбан блок 16.1.** • домување • улици	**65,34 Ха** **18,56 Ха** 16,22 0,44
Урбан блок 16.2. • домување комб. • терцијарен сектор • зеленило заштитно • улици • река	**32,53 Ха** 2,28 0,52
Урбан блок 16.3. • домување комб. • домување со туризам • образование • локален центар • хотел • духовна култура • терцијарен сектор • зеленило заштитно • улици	**12,18 Ха** 0,22 17,25 0,29 0,39 0,37 0,24 0,07 0,36 1,74
• **УЗ 17. СТУДЕНЧИШТА** **Урбан блок 17.1.** • блато • наука • канал Студенчишта	**111,66 Ха** **70,96 Ха** 51,55 1,54 1,75 3,42

• специјална намена • рекреација • улици и пешачки патеки	7,29
Урбан блок 17.2. • спорт • комунални дејности • јавно зеленило • улици и пешачки патеки	**19,38 Ха** 16,26 0,48 0,85
Урбан блок 17.3. • археолошки локалитет • спомен парк • државна управа • дендролошки парк • комунални објекти • јавно зеленило • улици	**17,30 Ха** 0,25 0,04 0,60 1,90 0,34 13,22 0,95
Урбан блок 17.4. • домување со туризам • хотелиерство • улици	**4.45 Ха** 0,83 3,02
УЗ 18. ЧЕКОШТИНА **Урбан блок 18.1.** • домување • туризам • локален центар и образование • зеленило заштитно • улици	**38.95 Ха** **16,29 Ха** 13,04 0,14 1,59 0.57
Урбан блок 18.2. • домување • спорт и рекреација • зеленило заштитно • улици	**22,66 Ха** 13,47 6.88 0.57

ВКУПНА ПОВРШИНА : 1.283,39 Ха

1.6.Биланси на површините во урбаните заедници

УЗ 1 СТАР ГРАД	**70,27 Ха**
• домување	10,93
• домување со туризам	12,21
• домување со тер.дејности	4,55
• образование	0,98
• наука	0,24
• култура	2,73
• духовна култура	2,30
• државна управа	0,01
• терцијален сектор	1,07
• хотелиерство	0,73
• комунални дејности	0,03
• градско пазариште	0,72
• катна гаража	0,18
• заштитно зеленило	25,14
• рекреација, плажи	
• улици	
УЗ 2 ЦЕНТАР	**61,20 Ха**
• домување	13,53
• домување со туризам	8,88
• домување со тер.дејности	14,25
• образование	0,38
• култура	0,98
• духовна култура	0,10
• државна управа	0,99
• здравство	0,05
• хотелиерство	3,86
• социални грижи	0,54
• терцијарен сектор	0,66
• автобуски терминал 1	0,39
• ПТТ	0,32
• спорт	0,64
• јавно зеленило	2,39
• заштитно зеленило	0,33
• рекреација,плажи	
• улици	
УЗ 3 КОШИШТА	**43,52 Ха**
• домување	23,51
• домување со терц. дејности	9,17
• образование	0,88
• духовна култура	0,13
• државна управа	0,01
• локална самоуправа	0,06
• здравство	0,09
	0,47

• социални грижи • јавно зеленило • улици	1,31
УЗ 4 ВОСКА • домување • домување со туризам • домување со терц. дејности • образование • духовна култура • социјални грижи • хотелиерство • терцијарен сектор • заштитно зеленило • спорт • бензинска пумпа • река • рекреација, плажи • улици	**96,81 Ха** 23,38 24,75 10,24 2,54 0,14 0,10 16,05 0,57 2,16 0,73 0,66 2,94
УЗ 5 ЛЕСКАЈЦА • домување • домување со терц. дејности • образование • хотелиерство • примарен сектор • секундарен сектор • терцијарен сектор • бензинска пумпа • улици	**74,97 Ха** 35,59 12,26 1,26 0,24 1,96 3,51 11,54 0,24
УЗ 6 ДАМЕ ГРУЕВ • домување • домување со терц. дејности • духовна култура • терцијален сектор • социјални грижи • комунален објект • ТВ комуникации • улици	**34,21 Ха** 24,50 6,48 0,08 0,16 0,20 0,05 0,06
УЗ 7 7. НОЕМВРИ • домување • домување со терц. дејности • образование • државна управа • терцијарен сектор • улици	**27,92 Ха** 11,36 13,04 0,72 0,28 0,17
УЗ 8 БИЉАНИНИ ИЗВОРИ • домување	**56,15 Ха** 27,50

• домување со терц. дејности	14,95
• образование	0,63
• социјални грижи	0,32
• државна управа	0,36
• локален центар	0,36
• терцијарен сектор	0.34
• спорт-стрелиште	0,93
• комунален објект	1,01
• ТС 110/0,4 Охрид 2	0,46
• зеленило јавно	2,04
• зеленило заштитно	0.18
• улици	
УЗ 9 8. СЕПТЕМВРИ	**63,22 Ха**
• домување	26,23
• домување со терц. дејности	9,55
• образование и лок. центар	1,44
• примарен сектор	1,81
• секундарен сектор	0,19
• терцијален сектор	14,29
• комунален објект	0,19
• авто. терминал	2,07
• улици	
УЗ 10 ГОРНА ВЛАШКА МАЛА	**45,64 Ха**
• домување	22,51
• домување со терц. дејности	14,37
• образование	1,14
• духовна култура	0,30
• државна управа	1,00
• социјални грижи	0,67
• терцијален сектор	0,56
• улици	
УЗ 11 ВИДОБИШТА	**98,84 Ха**
• домување	45,63
• домување со терц. дејности	21,29
• образование со лок.центар, домза хенди.	7,20
• државна управа	0,59
• примарен сектор	1,36
• секундарен сектор	3,20
• терцијарен сектор	0,39
• мало стопанство	2,07
• полигон за обука на возачи	0,19
• градска топлана	1,53
• бензинска пумпа	0,33
• зеленило заштитно	2,86
• улици	

УЗ 12 ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ	**55,47 Ха**
• домување	28,02
• домување со терц. дејности	7,40
• социјални грижи	0,40
• здравство	8,84
• локален центар	0,21
• зеленило заштитно	1,47
• улици	
УЗ 13 ЖЕЛЕЗНИЧКА НАСЕЛБА	**93,25 Ха**
• домување	38,00
• домување со терц. дејности	12,53
• хотел	0,06
• примарен сектор	5,57
• терцијален сектор	5,67
• специјална намена	21,70
• река	1,07
• ЈП Македонија пат	0,81
• улици	
УЗ 14 РАДОИЦА НОВИЧИЧ	**86,75 Ха**
• домување	54,02
• домување со терц. дејности	24,01
• образование	1,34
• социјални грижи	0,91
• духовна култура	0,12
• здравство	0,06
• локален центар	0,29
• терцијален сектор	0,26
• река	0,35
• улици	
УЗ 15 15. КОРПУС	**159,22 Ха**
• домување	40,26
• домување со терц. дејности	22,37
• образование со лок, центар	3,17
• хотели	0,17
• секундарен сектор	33,26
• терцијарен сектор	5,02
• мало стопанство	13,75
• градски гробишта	16,65
• ТС 110/0,4 Охрид 2	0,80
• зеленило заштитно	14,90
• улици	
УЗ 16 РАЧА	**65,34 Ха**
• домување	10,80
• домување со туризам	44,91
• домување со терцијарни дејности	2,50
• образование	0,59
	0,39

• локален центар • духовна култура • хотел • терцијарен сектор • зеленило заштитно • улици	 0,24 0,37 0,07 0,36
УЗ 17 СТУДЕНЧИШТА • домување • домување со туризам • хотелиерство • наука • државна управа • комунални дејности • специјална намена • специјално зеленило Блато • канал • јавно зеленило • спомен парк • дендролошки парк • археолошки локалитет • рекреација • улици и пешачки патеки	**111,66 Ха** 3,35 0,88 3,02 1,54 0,60 0.82 3,42 51,55 1,75 14,07 0,04 1,90 0,25 7,29
УЗ 18 ЧЕКОШТИНА • домување • туризам • локален центар и образование • спорт и рекреација • заштитнозеленило • улици и пешачки патеки	**38.95 Ха** 26,51 0,14 1,59 6,88 1,14

1.7 Систем на градски центри

1.7.1. Критериуми за оценка на вредностите на центрите

Светската урбанистичка теорија и практика воспоставиле основни критериуми за оценка на вредностите на градските центри кои можат да се применат и во тестирањето на вредностите на центарот на градот Охрид:

Привлечноста, магнетизмот на центрите, на централните градски простори, непосредно и во најголема можна мерка зависи од структурата и капацитетот на активностите - содржините на централните функции кои во нив се концентрирани и од пристапноста на центрите од окружувањето, односно од нивното гравитационо подрачје. Меѓутоа, покрај функционалната привлечност, од посебно значение за вкупната привлечност на центрите е и квалитетот на амбиентот во кој се остваруваат неговите функции. Привлечноста на центарот се зголемува кога неговиот простор во физичка смисла организиран на начин кој овозможува едноставно, логично и безбедно движење и можност за за добро

ориентирање во просторот. Односно, кога е јавниот простор на центарот - улици, плоштади, патеки, пасажи заедно со објектите кои тој простор го формираат, организиран така да што повеќе одговара на различни функционални и психо-социјални потреби на неговите корисници - посетители .

Од аспект на **комуникационата прилагоденост**, просторот на центарот треба да задоволи различни потреби: од можноста да во тој простор се борави во одсуство на каква и да е комуникација, до можноста за остварување на најинтензивни контакти при случајни или договорени средби. Од друга страна, едновремено, на привлечноста на центарот позитивно ќе влијае што потполната прилагоденост на бројните технички, технолошки, сообраќајни, комерцијални и други барања од различните централни активности, или на нивните сосема специфични потреби напр. од потребата за изразена експонираност во просторот, до потребата од што подискретното присуство во просторот.

За вкупната привлечност на центарот од посебно значение е и **нивото на концентрацијата на содржините и нивната разновидност**. По правили, дури во центрите од повисок ранг, со поголемо гравитационо подрачје, се постигнува доволно големе концентрација на активности-содржини кои создаваат пожелна количина и разновидност на случувања што ја зголемува привлечноста на центарот.

Пристапност кон центарот од неговото окружување представува основен проблем со кој се бави урбанистичката практика во организацијата на централните функции во еден современ град. Привлечноста и пристапноста кон центарот кај историски формираните центри е однос по правило обратен: што е поголема привлачноста на ценатарот, то е понеповолна пристапноста. Под сообраќајната пристапност се подразбира односот помеѓу расположивите површини за сообраќајот во мирување и изразените потреби за тие површини во рамките на центарот, а сообраќајната поврзаностозначува однос помеѓу стварниот и потенцијалниот капацитет на сообраќајот со кој градскиот центар се поврзува со своето гравитационо подрачје. Внатрешните сообраќајни состојби во самиот простор на центарот најчесто представуваат оганичувачки фактор во вкупната пристапност кон центарот. Тие внатрешни ограничувања главно се манифестираат во недостигот на простори за паркирање на потребниот број возила и несоответниот распоред на јавните паркиралишта во просторот на центарот, како и во извесна колизија на проточниот и пешачкиот сообраќај и тн.

Применувајќи ги набележаните критериуми во оценката на привлечноста на центарот на Охрид може да се заклучи дека проблемите со кој тој е обременет се универзални проблеми на градските центри, особено на историските градски центри, но и покрај тоа магнетизмот со кој тој ги привлекува своите бројни корисници низ изминативе столетија и денес не ослабнува.

1.7.2. Градски центар - просторна диспозиција

Преку валоризацијата на постојната состојба извршено е вреднување на физичките структури од аспект на нивните градежни и културно-историски вредности, со што се утврдил просторниот оквир кој во понатамошниот планерски процес треба да се почитува.

Врз база на изведените анализи и основните цели на планот воспоставени се следните критериуми:

- да се зачуваат вредностите на градското ткиво кои преку валоризацијата се утврдени, а тоа се објекти со значајни општествени и културно - историски вредности, а да се создадат нови со кои би се задоволиле потребите на населението на градот и општината од содржините кои се неопходни во градскиот центар;
- да се предвидат резервни површини во зоната на центарот кои ќе им послужат на идните генерации да во склад со потребите на своето време ги остварат своите потреби од централни функции. Планот треба да биде отворен во просторно - организациона смисла во текот на времето;
- слободните и сообраќајните површини да се организираат така да вкупните вредности на амбиентот се приближат до корисникот - пешак и целиот простор да стане поквалитетен од социолошко - хуманитарен аспект и од аспект на вкупната култура на просторот;
- етапноста на реализацијата на централната зона треба да обезбеди можност за понатамошен нормален живот, со елементи на подобрување на животниот стандард. Тоа значи дека треба објективно, а во склад со вистинските потреби на развојот, да се образложи и нормативно да се регулира реализацијата на планот во просторот и времето.

Потребите врз основа на кои се одредуваат функционалните и просторни карактеристики на просторот постојано се менуваат. Од друга страна, формирањето на градскиот центар е долготраен процес и неговата реализација се одвива многу подолго од планерскиот период. Поради тоа неопходно е да се обезбеди одреден степен на просторна отвореност на планот за да можат да се акцептираат ново појавените потреби на корисниците, а по стандардите на времето во кое тие ќе се појават. Дел од површината околу градскиот центар на територијата како простор со присутно домување, претставува резервна отвореност на планот за претстојниот процес на реконструкција.

Основните содржини на градскиот центар се: најзначајните градски објекти од областа на културата - Домот на културата и музеите, државната управа, судството, локалната самоуправа, клубови на политичките партии, терцијалните дејности - трговијата, угостителството, хотелиерството, комуналните содржини - градското пазариште, автопбускиот терминал, такси станиците, ПТТ терминал, ЕСМ, финансово - техничките содржини и друго.

Моторните сообраќајни текови го сечат центарот со што во извесена мера се дезорганизираат некои негови содржини, а внатрешниот простор е трансформиран во пешачки површини и неопходен моторен сообраќај со определен режим. Површините за сообраќај во мирување - јавните паркиралишта распоредени се периферно на територијата на центарот, а катната гаража за 400 возила предвидена е на влезот во градското пазариште.

Главните пешачки текови се долж Старата Чаршија и улиците Гоце Делчев, дел од 7. Ноември, Самуилова и Коста Абраш, како и дел од Кејот. Тие го задржуваат

постојниот профил, се прошируваат во вид на плоштади и сквер и го продолжуваат својот тек во мрежата на соседните улици.

Во просторот на пешачките движења се и зелените површини. Постојните до максимум се задржуваат, се предвидуваат и нови, а во нив простори за одмор дополнети со многу елементи од урбаниот дизајн и визуелните комуникации.

1.7.3. Систем на центри - просторна диспозиција

Останатите центри на територијата на градот - локални центри на Урбани заедници, планирани со поранешните урбанистички планови не се реализирани. Со овој план се смета на нивно реактивирање, но не во смисла на комплетното оформување, туку по пат на поврзување со центарот на градот во единствен **систем на центри** во градот. Зоните за поврзување се просторите помеѓу и околу центрите во кои интензивно се мешаат содржините на центрите со соседните содржини. Содржините на локалните центри се главно терцијарните активности (трговија, угостителство, туризам, занаетчиство, финансово - технички и деловни услуги, здравство и друго), а нивната диспозиција по правило е во непосредна близина на јавните содржини планирани во Урбаната заедница - основно образование, социјална заштита.

Од планираните 18 Урбани заедници во девет УЗ постојат локални центри и тоа во: УЗ 4, УЗ 5, УЗ 8, УЗ 9, УЗ 11, УЗ 12, УЗ 14, УЗ 15 и УЗ 16, УЗ 1, УЗ 2, УЗ 6 и УЗ 7 се во Градскиот центар. Диспозициите на локалните центри во однос на сопственото гравитационо подрачје се главно поволни, а некои од нив се лоцирани така да можат да го сервисираат и населението во Урбаните заедници кои немаат локален центар.

На овој начин во градот Охрид ќе се воспостави систем или мрежа на центри, што ќе ја покрие целата негова површина. **Примарен центар** е главниот градски центар со сите пропратни функци и блиското опкружување. **Секундарни центри** се центрите на Месните заеници, а терцијарни центри се тракастите зони кои градскиот центар го поврзуваат со секундарните центри, а кои се одвиваат по должините на главните градски сообраќајници и претставуваат комерцијални оски на градот: Булеварот Туристичка, Железничка, 7. Ноември и 15-ти Корпус.. Понатака со плановите од понизок ранг овие центри ќе се внесат во сите пори на животот на градот формирајќи помали центри во урбаните блокови .

Во смисол на потенцирање на јавноста и нагласување на поврзаноста на системот на центри во градот, долж сообраќајниците постојат или се предвидуваат коридори или траки на јавно зеленило -дрвореди. Тие ќе му дадат квалитет повеќе на просторите каде се одвива движењето, комуникациите, средбите, пазарувањето и дружењето на луѓето.

1.8. Општествен стандард

1.8.1. Образование

- **Основно образование**

Во Програмските поставки на идниот развој аналитички се утврдени потребите од површини на парцели за објектите од основното образование:

вкупно нови површини: 5,62 Ха + 2,35 Ха = 7,97 Ха
вкупни површини: постојни + нови:
7,22 Ха + 7,97 Ха = 15,19 Ха

Исто така, утврдени се и потребите од изградени површини:

16.854 м2 + 8.218 м2 = 25.072 м2

Вкупниот изграден простор за основното образование се состои од постојниот (19.098 м2) и новиот (25.072 м2) , со вкупна површина од:

19.098 м2 + 25. 072 м2 = 44.170 м2

Доколку се изградат овие површини, ќе се задоволат нормативните условија, но и посебните потреби на сите основни училишта изразени при анкетирањето (спортски дворани, кабинети, слободен уреден простор за спорт, рекреација и настава на отворено).

Основното музичко училиште како училиште со специфична програма се планира да биде прелоцирано во постоен објект со подобри услови во поглед на површината и квалитетот, во УЗ 8.

Новите локации за основни училишта предвидени се во следните Урбани заедници: УЗ 4 - Воска, УЗ 5 - Лескаица, УЗ 9 - 8. Септември , УЗ 11 - Видобишта Илинден, УЗ 15 - 15. Корпус, УЗ Чекоштина, а постојните се во : УЗ 1 - Стар Град, УЗ 2 - Центар, УЗ 3 - Кошишта УЗ 7 - 7. Ноември и УЗ 10 - Горна Влашка Мала, УЗ 14 - Радоица Новичич и УЗ 16 - Рача. Урбаните заедници без основно образование се: УЗ 6 - Даме Груев, УЗ 12 - Гоце Делчев, УЗ 8 – Билјанини извори и УЗ 13 - Железничка, во кои не постојат погодни површини за таа намена, а основните училишта во соседните Урбани заедници се во поволна близина за учениците од Урбаните заедници без училишта.

- **Средно образование**

Новите површини кои се предвидуваат за потребите на средното образование определени се само по основ надминување на постојниот дефицит кој може да се квантифицира и за вкупните и за изградените површини:

површина на вкупни локации - постојна 3,20 Ха
површина на вкупни локации - потребна
според утврдените нормативи:
3.263 ученици х 25 м2/ученик = 81.575 м2 или 8,16 Ха

- потребни нови површини на локации за надминување на постојниот дефицит: 8,16 Ха - 3,20 Ха = 4,96 Ха

- изградени површини - постојни = 11.636 м2

- изградени површини - потребни за дополнување на дефицитот = 11.205 м2

Просторната диспозиција на постојните средни училишта не овозможува нивното проширување поради густо изграденото опкружување. Надминување на дефицитот може да се реши само со изградба на ново училиште или со работа во две смени, што сеуште е општа практика во образованието предизвикана од константниот дефицит на училишен простор, во кој случај сите потребни големини ќе се преполоват:

- **Високо образование**

Своите потреби од нови содржини овие институции ќе ги реализираат во рамките на сопствените парцели. Можна е нивната дислокација и групирање со новите институции кои во наредниот перид ќе се формираат во просторот означен како Специјална намена, корисник МНО.

1.8.2. Наука

Јавната научна установа Хидробиолошки завод - Охрид - се предвидува проширување на површината на комплексот со што ќе се овозможи збогатување на содржините, отворање на комплексот во едукативни и туристички сврхи и, што е најзначајно, просторно и функционално интегрирање со Блатото Студенчишта во еден ареал во кој ќе важат посебни мерки за уредување и заштита на просторот.

Сеизмолошка станица - како единица на Универзитетот Кирил и Методи - Скопје, ќе ја задржи содржината и постојната површинина.

Метеоролошка станица - како единица на Државниот завод за хидрометеорологија - Скопје, исто така ја задржува содржината и површината .

1.8.3. Здравство

Јавната здравствена установа - Општата болница располага со локација со површина од околу 72.000 м2, а со овој ГУП се предвидува зголемување на парцелата во кои површини ќе се сместат нови содржини. На тој начин се создава простор за нејзиниот развој во долг временски период и можност за капацитет од над 1.000 болнички легла.

Една од важните обврски на овој ГУП е да се определи локација за здравствен дом во склад со организацијата на здравствената заштита и планерските нормативи, а имајќи ги пред вид потребите и навиките на населението. Постојниот здравствен дом кој повеќе децении ја има улогата, но не и содржините на современа поликлиника се дислоцира во комплексот на Јавната здравствена установа – Општа болница – Охрид, а некои од постојните содржини остануваат на истата локација.

Целокупната градска територија рамномерно е покриена со мрежата на здравни домови како дел од превентивната здравна заштита на населението. Во таа смисла нови амбуланти се предвидени во северниот дел на градот (УЗ 9 - 8. Септември, УЗ 15. Корпус, УЗ 11 - Видобишта Илинден, УЗ Радоица Новичич), во јужниот дел на градот (УЗ Рача), и во средишниот дел на градот (УЗ 4 Воска, УЗ 5 - Лескајца). Дел од здравните станици е во склоп на локалните центри во Урбаните заедници.

1.8.4. Социјална заштита

- **Општествена заштита на деца**

Со оглед дека во границите на градската територија постојните детски установи располагаат со локациите со површина од 22.100 м2, потребната површина за нови локации изнесува:

а. 50.000 м2 - 22.100 м2 = 27.900 м2

Постојната изградена површина изнесува 5.591 м2, а потребната нова изградена површина изнесува:

б. 15.000 м2 - 5.591 м2 = 9.409 м2.

Имајќи ја предвид динамиката на досегашната градба на детски установи и трендот на намалување на бројот на деца вклучени во нив, не е реално да се очекува да во овој планерски период се изградат сите предвидени детски установи, но е потребно да се резервираат предвидените простори за наредниот постпландки период.

Од планираните 18 Урбани заедници само во пет постојат детски установи и тоа: во УЗ 2 - Центар, во УЗ 3 - Кошишта, УЗ 10 - Горна Влашка Маала и УЗ 8 - Биљанини Извори – две установи. Нови детски установи предвидени се во Урбаните заедници кои немаат вакви објекти и тоа: во УЗ 4 - Воска, во УЗ 5 - Лескајца, во УЗ 6 - Даме Груев, во УЗ 11 - Видобишта - Илинден, во УЗ 12 - Гоце Делчев и во УЗ Р. Новичич - 2 установи - вкупно 7, а во останалите Урбани заедници децата можат да се згрижуваат во детски установи формирани во "домашни условија" - во приватна сопственост и во мали капацитети. Планираниот вкупен број детски установи е 12.

- **Општествена заштита на стари и хендикепирани лица**

Локацијата за домот за стари лица се предвидува во УЗ 4 Воска, во УБ 4.3. во мирен дел на градот со многу зелени површини, блиску до езерото, сообраќајно добро поврзана со градската улична мрежа, со капацитет од 100 лица.

Непосредно до оваа се предвидува локацијата за одморалиште за слепи лица со истата површина и капацитет.

Локацијата за групен дом за хендикепирани лица со клубови за дневен престој предвиден е во УЗ 11, во У.Б. 1

- **Меѓуопштински центар за социјални грижи;**
- **Хуманитарни организации**

Меѓуопштинскиот центар за социјални грижи располага со вкупна површина на локацијата од 300 м2, а вкупната изградена површина изнесува 175 м2 . Во наредниот период овој објект ќе ги задоволи потребите на дејноста и не се предвидува зголемување на неговите изградени и слободни површини.

Во хуманитарните организации за помош на социјално загрозена популација со овој ГУП третиран е само Црвениот крст на Македонија. Истиот располага со сопствен деловен, продажен и магацински простор на три локации во опфатот на градот кои ги задржува.

1.8.5. Култура

Анализите на состојбите укажуваат на тоа дека во овој планерски период е нужно да се завршат отпочнатите активности за реставрација и ревитализација на спомениците на културата и историјата - Самуиловата тврдина и Античкиот театар, но и на другите споменици на културата чија состојба бара средства и ангажман. Со нивното вклучување во културните текови градот ќе се здобие со нови квалитети кои уште повеќе ќе ја потенцираат неговата улога во културата на Републиката.

1.8.6. Духовна култура

.Во наредниот период не се очекува градба на некој поголем храм, но можна е градба на мали цркви - задужбини на поединци чие лоцирање Ќе биде предмет на ДУП.

1.9. Државна управа; локална самоуправа; правосудство

Сите органи и институции од областа на државната управа, правосудството и локалната самоуправа кои се застапени во градот сместени се во поволни локации и објекти со доволни површини и соодветен комфор и нема потреба од предвидување нови површини за оваа активност. Исклучок представува Министерството за внатрешни работи за чии потреби се предвидува комплекс во УБ 10.1. и езерската полиција на брегот на Студенчишката Река за која се планира да се оддели дел од комплексот на МНО. Потребата на Министерството за правда од нов општински затвор ќе треба да се задоволи надвор од територијата на градот.

1.10. Стопанство

- **Примарен сектор**

Оранжериите на Градинар се пренаменуваат во мултинаменски простор, а останалите субјекти класифицирани во овој стопански сектор ќе ги задржат своите локации и површини во рамките на градот, освен Рибарското

стопанство кое ќе се дислоцира вон од градот. Сите површини во рамките на опфатот класифицирани како неангажирани зелени површини со овој ГУП се предвидуваат со трајна нова содржина.

- **Секундарен сектор**

Утврдено е дека ниеден од субјектите класифицирани во секундарниот стопански сектор не ја загрозува животната средина и дека нема основ и потреба за нивното дислоцирање надвор од границите на градската територија. Поради тоа се предвидува задржување на повеќето од субјектите во нивните постојни граници, но се дава можност за целосна или делумна пренамена, особено за механизациите на градежните претпријатија или претпријатието за секундарни суровини, во мало стопанство, сервиси или складишта.

Зони за изградба на нови капацитети со разновидна намена се површините во северниот дел на градот, помеѓу магистралната улица 15. Корпус и собирната улица Петрино, во кои дел се за секундарен, а дел за терцијарен стопански сектор.

На постојната индивидуална станбена градба во рамките на работните зони треба да и се овозможи изградба - доградба на деловен простор во рамките на сопствената парцела со што ке се постигне поголема рационалност на просторот, а ќе се оправда и, по потреба, легализира и индивидуалната станбена градба - под услови утврдени со Правилникот за уредување на просторот.

- **Терцијален сектор:**

Во просторната организација на градот зоните за мало стопанство и сервиси се главно во северниот дел - долж улиците Железничка и 15. Корпус, јужно од ул. Железничка - источно и западно од Тумбата и северно од клучката на Булеварот Туристичка - по улицата која води кон месноста Алтанин Мост. Оваа поставка во основа е адекватна и на потребите на населението и на потребите на сопствениците на стопанските субјекти, поради што е акцептирана во овој ГУП и се дополнува со нови површини, главно долж магистралните улици Железничка и 15. Корпус, но и покрај Булеварот Туристичка.

Во постојните и во предвидените зони за домување, а во потези долж улиците од примарната градска мрежа и други фреквентни правци, интерполирани се содржините од терцијарниот стопански сектор.

Занаетчиските локали од традиционалните занаети сместени во потегот на Старата чаршија.

Најголемата компактна хотелска зона предвидена е на западното крајбрежје, а во источното крајбрежје и градскиот центар, покрај новопредвидените, се предвидува заокружување на постојните капацитети и пренамена на постојните содржини во хотелско-угостителските.

Дисперзијата на угостителските локали низ територијата на градот во основа е базирана врз економската логика на побарувачката - фреквентните простори во центарот на градот и подцентрите, крајбрежните простори во градот и туристичките локалитети и понатака ќе бидат атрактивни за оваа намена.

1.11. Специјална намена

Во површините за Специјална намена се вбројуваат парцелите и објектите кои ги користи Министерството за одбрана, а тоа е касарната со сопствениот полигон. Овој простор останува како резервен простор за иднина, како би можела оваа површина понатака се пренамени за потребите на Локалната самоуправа, односно градот-Универзитетски центар, пожарна и слични потреби, доколку се најде заеднички јазик со сегаШниот корисник на овој простор – Министерство за одбрана.

1.12. Сообраќајна инфраструктура

1.12.1. Модел на примарната уличната мрежа

Предложениот концепт на долгорочниот развој на уличната мрежа во рамките на урбаниот опфат (границите на ГУП) претставува резултат на извршените истражувања во доменот на:

- геосообраќајната положба на градот во рамките на просторот на Р. Македонија и меѓународното опкружување;
- конкретните сообраќајни врски во рамките на просторниот опфат на општината Охрид;
- функционалната структура на градот и просторна дисперзија на одделни функционални целини, природните услови, конфигурацијата на теренот и друго.

Категоризацијата на уличната мрежа дефинирана со претходниот плански документ е заменета со нова, усогласена со важечкиот закон за патишта (Сл.весник 26 /1996година). Таа е извршена врз основа на следните критериуми:

- критериумите дефинирани со законот, односно меѓусебниот однос на улиците и нивната поврзаност со екстерната патна мрежа (магистрална, регионална и локална);
- почитувањето на континуитетот во досегашното планирање во рамките на опфатот на градот и пошироко
- постојната состојба на уличната мрежа во градот (регулациона ширина и состојбата на коловозната конструкција);
- состојбата на пратечките објекти (бензински пумпи и сервиси), јавниот приградски и градски сообраќај, како и такси превоз.

Категоризацијатра на уличната мрежа во голем број случаи не кореспондира со техничките карактеристики на улиците, но планираните коридори е

нужно да се реализираат во наредниот период што е еден од основните услови моделот да функционира како замислена целина.

Системот на **примарната улична мрежа** го сочину ваат:
а. магистрални улици
б. собирни улици
в. сервисни улици

а. Магистрални улици

Магистралните улици во помалите населени места во попречниот профил може да содржат еден коловоз со најмалку по две сообраќајни ленти во насока, со или без разделно зеленило, а крстосниците се во исто ниво, со примена на меѓусебна координирана семафорска сигнализација.

Магистралните улици низ територијата на градот (Булевар Туристичка, Железничка и Бејбунар – Источна транзитна) формираат затворен прстен во кој се влегува од екстерните сообраќајници: крак на магистралниот пат М-5 (Подмоље-Охрид-Битола и понатака), регионалните патишта Р-420 (Охрид-Струга, стар пат) и Р-501 (Охрид-Св. Наум), а предвидена е и врската со источниот дел од планираниот автопат околу Охридското Езеро. Магистрални улици кои излегуваат од прстенот се: Булевар Св. Наум кон југ - кој надвор од населените места и туристичките населби преминува во регионален пат Р-501 и 15. Корпус кон север кој надвор од населените места се поврзува со новата траса на магистралата М - 5. Во организацијата на градот имаат и улога на граници помеѓу Урбаните заедници.

Предвидени се пет магистрални улици од кои три се изградени (Булевар Туристичка, Булевар Св. Наум и 15. Корпус), една е изградена делумно - со половина од планираниот профил и со еден непробиен дел (Железничка) и една треба да се гради (Бејбунар - Источна транзитна). Профилите на целосно изградените магистрални улици се задржани, профилот на ул. Железничка се планира да биде комплетиран во постојниот дел, а планираното нејзино продолжување кон исток ќе биде со нов профил, ист како кај магистралната ул. Бејбунар - Источна транзитна) , во кој коловозот е со две возни траки од по 3,50 м + 2,50 м за можно подолжно паркирање, вкупно 9,50 м и тротоари од по 3,50 м во кои ќе се одбележи велосипедска патека и ќе се засадат дрвореди.

а.1. МАГИСТРАЛНИ УЛИЦИ - КАРАКТЕРИСТИКИ

Ознака	Назив	Коловоз	Тротоар	Велосипед патека	Зеленило средно	Вкупен профил
М - 1	Бул. Туристичка	4x3,75	2x4,00	2x1,80	6,00	32,60
М - 2	Железничка Железничка	16.50 9,50	2x2,00 2x3,50	- во тротоар	- -	20.50 16,50
М - 3	Бејбунар-Ист.тр.	9,50	2x3,50	во тротоар	-	16,50
М - 4	15. Корпус	12,00	2x1,50	2x3,75	-	22,50
М - 5	Бул. Св. Наум Охридски	2x6,60	2x1,50	-	варij.10,00	варij. ј26,20

б. Собирни улици

Собирните улици го дистрибуираат сообраќајот од магистралните улици кон улиците од понизок ранг - сервисни, станбени и станбени пристапи, а воедно представуваат и граници на основните територијално-административните единици - Урбаните заедници. Дел од овие улици се постојни, а поголемиот дел се планирани со поранешните генерални урбанистички планови како колекторски улици, но не се реализирани или не се реализирани со порано планираниот профил. Се настојуваше сите собирни улици да бидат со ист попречен профил: **16,00 м** - коловоз од 9,0 м од кои две возни траки од по 3,25 м, вкупно 6,50 м и една трака од 2,50 м за подолжно паркирање, а во случај на поголема сообраќајна фреквенција можно е да се со помош на соответен сообраќаен режим коловозот од 9,00 м користи и поинаку, тротоари 2 x 3,50м од кои во истото ниво велосипедска трака од по 1,50 м. Во овие тротоари се предвидуваат и дрвореди. Некои од собирните улици од објективни причини не можат да се изведат со овој профил (Кирил и Методиј, а некои со претходно донесените, а сеуште важечки детални урбанистички планови, се утврдени со поинаков профил.

СОБИРНИ УЛИЦИ - КАРАКТЕРИСТИКИ

ознака	Назив	Коловоз+зел.	тротоар	вкупно
С - 1	Бул. Македонски Просве.	2x9,00 +2,50	5,50+4,00	30,00
С - 2	7. Ноември	10,50	2x(1,50+4,25)	22,00
С - 3	Булевар АСНОМ	9,00	2x1,5+2x2,00	16,00
	Пирин Планина	9,00	2x3,50	16,00
	I. Градски ринг	9,00	2x1,50+2x2,00	16,00
	7.Ноември	9,00	2x1,50+2x2,00	16,00
С - 4	Васил Стефоски	9,00	2x3,00	15,00
С - 5	Карпош Војвода	9,00	2x2,00+1,50	14,50
С - 6	Јане Сандански	9,00	3,00+2,25	14,25
С - 7	Бистрица	9,00	2x2,25	13,50
	Марко Цепенков	9,00	2x2,25	13,50
	Момчило Јорданоски	9,00	2x2,25	13,50
	Пирин Планина	9,00	2x2,25	13,50
	Петрино	9,00	2x2,25	13,50
С - 8	Кленоец	7,50	2x2,25	12,00
	Македонска	7,50	2x2,25	12,00
	Распаќе	7,50	2x2,25	12.00
С - 9	Кирил и Методиј	7,50	2x1,50	10,50
С - 10	Момчило Јорданоски	6,50	2x1,50	9,50
	Чекоштина	6.50	2x1.50	9.50
С - 11	Кирил и Методиј	5,50	2x1,50	8,50
С - 12	Улица - пат за Велестово	6,50	2x1,50	9,50
С - 13	Радојца Новичиќ	7,50	2x3,00	13,50

в. Сервисни улици

Оваа категорија на градски сообраќајници има задача да ги поврзеи магистралните и собирните улици со секундарната улична мрежа, која ја чинат станбени улици и пристапи. Едновремено, овие улици ги делат Урбаните заедници на помали делови - Урбани Блокови. Поголемиот дел од сервисните улици се постојни улици, дел од нив се планирани со важечките детални урбанистички планови и како такви реализирани, а во стариот дел на градот сервисните улици се пешачки улици по кои моторниот сообраќај се одвива со посебен режим (Илинденска, Гоце Делчев). Ознаките на сервисните улици во наредната табличка се состојат од : буквата СЕ (сервисна), и две бројки од кои првата го означува бројот на УЗ во која е улицата, а втората бројка е бројот на самата улица.

СЕРВИСНИ УЛИЦИ - КАРАКТЕРИСТИКИ

ознака	назив	коловоз	тротоар	вкупно
СЕ 1.1	Гоце Делчев	пешачка улица	-	6,00
СЕ 1.2.	Илинденска	пешачка улица	-	5,00
СЕ 1.3.	Абас Емин	7,50	2x2,25	12,00
СЕ 2.1	Кеј Маршал Тито	10,50	2,50+3,50+4,0	20,50
СЕ 2.2.	Партизанска	9,00	2x4,25	17,50
СЕ 2.3.	Димитар Влахов	8,00	3,50+2,50	14,00
СЕ 2.4.	Јане Сандански	9,00	2,25+1,80	13,05
СЕ 3.1	Гоце Делчев	8,50	2x2,00	12,50
СЕ 3.2.	И. Дудановски	7,50	2x2,25	12,00
СЕ 3.3.	Гоце Делчев	7,50	7,50	7,50
СЕ 4.1	Гоце Делчев-крак	6,00	2x1,25	8,50
СЕ 4.2.	Т. Трајчески	7,50	2x2,25	12,00
СЕ 4.4.	Никола Русински	6,00	2x1,50	9,00
СЕ 5.1	I. Градски ринг	9,00	2x1,50+2x2,00	16,00
СЕ 5.2.	Бистрица	9,00	2x2,25	13,50
СЕ 5.3.	И. Дудановски	7,50	2x2,25	12,00
СЕ 5.4.	Хаџи Мустафа	7,50	2x2,25	12,00
СЕ 6.1	Даме Груев	6,00	2x2,25	10,50
СЕ 7.1	Абас Емин	7,50	2x2,25	12,00
СЕ 8.1	Булевар АСНОМ	9,00	2x1,5+2x2,00	16,00
СЕ 8.2.	Ванчо Питошески	8,50	2x1,50	11,50
СЕ 8.3.	Стрелиште	6,00	2x1,50	9,00
СЕ 9.1.	Абас Емин	7,50	2x2,25	12,00
СЕ 9.2.	Егејска	8,50	2x2,00	12,50
СЕ 9.3	Кленоец	10.50	2x3.00	16.50
СЕ 10.1.	Марко Несторoски	6,00	2x2,25	10,50
СЕ 10.2.	Питу Гули	9,00	2x1.5	12.00

СЕ 11.1	I. Мак. ударна бригада	6,00	2x2,25	10,50
СЕ 11.2.	Ристо Чадо	6,00	2x2,25	10,50
СЕ 11.3.	Бејбунар - крак	6,00	2x1,50	9,00
СЕ 12.1.	Сирма Војвода	9,00	2x2,25	13,50
СЕ 12.2.	Болничка	6,00	2x1,50	9,00
СЕ 13.1.	Будва	6,00	2x1,25	8,50
СЕ 13.2.	Прилепска	6,00	2x3,75	13,50
СЕ 14.2	Радоица Новичиќ-крак	6,00	2x1,50	9,00
СЕ 14.3	Радоица Новичиќ-крак	6.00	2x1,50	9,00
СЕ 14.4	Радоица Новичиќ-крак	6,00	2x1,50	9,00
СЕ 15.1	Мирка Гинова	6,00	2x1,25	8,50
СЕ 15.2	Александар Турунџе	6,00	2x1,50	9,00
СЕ 15.3	за Велгошти	7,00	2x(1,50+2,00)	14,00
СЕ 15.4.	Живко Чинго	6,00	2x1,50	9,00
СЕ 16.1.	Рача 1	6,00	2x1,50	9,00
СЕ 16.2.	Рача 2	6,00	2x1,50	9,00
СЕ 17.1.	за Морнарица и Комуналец	6,00	2x1,50	9,00
СЕ 18.1.	за Орман	7,00	2x1,50	10,00

1.12.2.Сообраќај во мирување - паркиралишта и катни гаражи

Јавните паркиралишта во градското подрачје се со капацитет од околу 1.000 места, а со подолжно паркирање долж улиците покрај 1.000 постојни можно е да се обезбеди место за и уште 2.000 нови. На тој начин се обезбедува простор за паркирање на околу 4.000 моторни возила.

Паркиралишта за тешки товарни возила предвидени се при северниот и западниот влез во градот, надвор од границите на градската територија, со соответно решен сообраќаен пристап до нив.

Катна гаража за 400 возила предвидена е во централното градско подрачје, на економскиот влез во Градското пазариште. Подземни јавни гаражи предвидени се во централното градско подрачје: на просторот на Спортскиот полигон, постојниот автобуски терминал, градското пазариште И други простори кои ќе се предвидат со деталните планови, при реализација на ГУП Охрид.

1.12.3.Бензински станици

Бројот на бензинските станици и нивната диспозиција се определени во склад со пропишаните радиуси на опслужување на постојните бензински станици и пропишаните радиуси за можно лоцирање на нови бензински станици.

Сервиси за поправка на моторни возила ги има во поголем број, дисперзирани се главно по индустриско-сервисните градски зони, но и во станбените зони. Најголемиот сервис е севисот на Галеб, во северниот дел на градот, а површините кои се ангажирани за неговата локација и изградените површини прикажани се во поглавието Секундарен сектор.

1.12.4. ЈП за патишта Македонија - пат, сместено е на влезот во градот од западниот правец и располага со манипулативен простор со натстрешници и гаражи за механизацијата .

1.12.5. Транспортни терминали

- **Автобуски терминали**

Автобускиот терминал ГТЛС лоциран во центарот на градот се предвидува да ја задржи својата диспозиција и основна функција – локален и приградски автобуски сообраќај, а да се дополни со нови содржини - деловни и трговски, со што во центарот на градот ќе се обезбедат нови комерцијални површини. Може да се смета дека истиот трајно ќе ја изгуби транспортната функција по комплетната изградба на новиот автобуски терминал АТ.

Автобуски терминал АТ се предвидува во просторот на старите гробишта. Истиот е планиран за меѓудржавен, меѓумесен, локален и приградски сообраќај. Во него можат да се сместат и дополнителни комерцијални содржини - трговија, сервиси и друго. Неговата диспозиција на крстосницата на влезните правци од Скопје, Битола и Св. Наум гарантираат ефикасни сообраќајни решенија. Од друга страна, центарот на градот ќе биде ослободен од автобускиот сообраќај.

Терминалите - постојките на локалниот автобуски сообраќај ќе се распоредат по територијата на градот според автобуските линии планирани од локалното сообраќајно претпријатие.

- **Терминал за воден сообраќај**

Сообраќајот на вода во наредниот период се очекува да стане меѓународен со отворање на бродска линија Охрид - Поградец, или Охрид - Струга - Поградец - Св. Наум, или некоја друга туристичка тура со која би се поврзале најатрактивните туристички пунктови на брегот на езерото. Покрај бродскиот сообраќај се очекува и зголемување на сообраќај со чамци, со спортски пловила, па дури и со луксузни пловила - јахти. Мора да се инсистира на промена на погонското гориво, бидејќи има негативен ефект во процесот на еутрофикација на Езерото, односно да се постигне заштита на езерските води, дизел - горивото би требало да се замени со електричен или некој друг вид погон (растителни горива), односно да се користат **еколошки мотори**.

- **Терминал за воздушен сообраќај**

Потребите од воздушниот сообраќај населението и стопанството на Охридско - Струшкиот регион и поширокиот простор на Западна Македонија ги остваруваат преку Аеродромот Охрид. Овој аеродром технички и функционално е приспособен за прием на сите видови авиони, а неговиот капацитет е далеку над денешната искористеност. Истиот се користи од патниците од целиот југо-западен регион на Републиката.

Коридорот во кој е поставен аеродромот со својата целокупна инфраструктура е помеѓу градовите Охрид и Струга и представува едновремено и фактор на ограничување и фактор на интегрирање на двата града, поради што заслужува особен третман.

Главниот терминал на авиосообраќајот лоциран е во центарот на градот во рамките на терминалот за автобуски сообраќај, а претставништвата на агенциите на туроператорите во центарот на градот и во аеродромската зграда.

- **Терминал за железнички сообраќај**

Концепцијата за развој на железничкиот систем се базира на потребата за модернизација и проширување на железницата во целина, како и поврзување на железничка мрежа на Република Македонија со соодветни мрежи на Реп ублика Бугарија и Република Албанија.
Планирано е во овој дел да поминува трасата на магистралната железничка линија од меѓународен карактер АЛ – Струга-Кичево-Скопје, и Требеништа-Косел- Битола,а со ПП на РМ од неа се одделува кракот Косел-Корча, по падините на Петрино.

1.13. Комунална инфраструктура

1.13.1. Водоснабдување

Напомена: Сегментот Воснабдување во овој ГУП базира врз Главниот проект за водоснабдување на Охрид и Струга кој е во тек на реализација од страна на МЈП ПРОАКВА - Охрид и Струга

Во Главниот проект за водоснабдувањена Охрид предвидени се низа мерки со кои Ќе се рехабилитира целиот водоснабдителен систем - од извориШтата и резервоарите до цевководите со цел да се отклонат недостатоците вооени во постојниот систем. Во однос на водоснабдувањето градот е поделен на три зони: источна страна, западна страна и градска мрежа. во секоја од зоните предвидени се и во тек на реализација се следните зафати:

Источна страна на Охрид

- Рехабилитација на изворите Летница
- Конструкција на нова каптажа кај Летница
- Замена на сите азбест-цементни цевководи од изворите до резервоарот
- РамнеНов цевковод од хидроцентралата Рамне до резервоарот Студенчишта
- Конструкција на нов резервоар со капацитет од 1.000 м3 кај Студенчишта на кота 753,5 мнв
- Сите придружни цевководи помеѓу постоечкиот и новиот резервоар;
- Нов РЕ 100 цевковод со дијаметар 600 мм, од новиот резервоар до дистрибутивната мрежа;

- Нов РЕ 100 цевковод со дијаметар 400 мм, од постојниот резервоар Студенчишта до новоформираната средна зона;
- Менување на цевководите помеѓу постојните пумпни станици на Студенчишта, бунарите Студенчишта и постојниот резервоар Студенчишта со цел да се овозможи водата да се пумпа во резервоарот, а да се прекине со пумпање на водата директно во мрежа
- Бушење на еден нов бунар во областа Бејбунар;
- Конструкција на нов резервоар со капацитет од 100 м3 со цел да се снабдува населбата Бејбунар;
- Нов РЕ 100 цевковод со дијаметар 100 мм, од хидроцентралата Рамне до резервоарот Бејбунар;

Западна страна на Охрид

Бушење на два нови бунари во областа Орман

- Конструкција на нов резервоар со капацитет од 1 000 м3 кај Орман
- Нов РЕ 100 цевковод со дијаметар 200 мм, од бунарите до новиот резервоар од 1 000 м3 кај Орман ;

Конструкција на нов резервоар со капацитет од 100 м3 и бустер пумпи со цел да се снабдува населбата Чекоштина;

Нов РЕ 100 цевковод со дијаметар 350 мм, од резервоарот Орман до градската дистрибутивна мрежа, кај раскрсницата на улиците Туристичка, Железничка и патот за Струга;

Градска мрежа

- Замена на азбест-цементни, PVC и поцинкувани цевки во должина од приближно 17 км;
- Зонирање на мрежата во три посебни зони: ниска, средна и висока; Намалување на притисокот во ниската зона;
- Конструкција на прстенест цевковод во мрежата;

Побарувачката за вода за пиење

Проценката за идната побарувачка за вода за жителите, туристите, индустријата комерцијалата и институционалните потрошувачи во градот и селата поврзани во заедничкиот систем се базира врз сниманите податоци за потрошувачка од 1999 година и проценката на потрошувачката во населбите со викенд-станови;

Проекција на побарувачката на вода извршена е за период до 2025 година, а за потребите на овој ГУП ќе се презентираат прогнозите за 2015 година:

- побарувачка на населението на градот Охрид 180 до 265 литри/ден
- побарувачка на населението на селата 128 литри/ден
- побарувачка на населението на викенд-станови 265 литри/ден
- побарувачка на гости на хотели и кампови 60 до 400 литри/ден
- комерцијална побарувачка (мали фирми и бизниси) од 13.708 м3/месечно

- индустриска побарувачка од 55.000 м3/месечно

Вкупно потребните количества на водата за снабдување на Охридскиот регион се големи, а за нивното обезбедување нужно е да се реализираат основните поставки на Главниот проект за водоснабдување. Од големо значение е чување на водните ресурси и нивната заштита од неконтролирана урбанизација како најагресивен загрозувач на истите.

1.13.2.Еколошка заштита на Охридското Езеро - канализација

Напомена: Сегментот Канализација во овој ГУП базира врз проектот ЕКОЛОШКА ЗАШТИТА НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО - ПРОЕКТ ЗА КАНАЛИЗАЦИЈА НА ОХРИД И СТРУГА финансиран од владата на Република Германија, а чија реализација од страна на МЈП ПРОАКВА ОХРИД И СТРУГА Е во тек.

Фекална канализација

Основниот концепт на главниот колекторски систем е да ја насочува отпадната вода до централната прочистителна станица - според студијата за изведување изготвена во 1977 година. Овој концепт предвидува источниот и западниот колекторски систем да ја насочува отпадната вода до прочистителна станица во Враништа. Предвидено е отпадната вода да се собира од сите населби во регионот, како и од индустриските капацитети кои се директни загадувачи на езерото испуштајќи ја отпадната вода во него. Пред да се влева во Црн Дрим собраната отпадна вода треба да се третира според одредени параметри.

Примарната цел на овој проект е собирање на отпадните води од градовите, селските населби и туристичките локалитети што се наоѓаат околу Охридското Езеро, нивното пренесување и третирање во прочистителна станица во Враништа. За да се оствари истото, потребно е да се извршат следните зафати:

- Проширување на канализационата мрежа со цел да се опфатат селата на западниот брег на езерото;
- Проширување / рехабилитација на канализационата мрежа во Охрид
- Раздвојување на фекалната и атмосферската канализациона мрежа во Охрид;
- Проширување / рехабилитација на атмосферската канализациона мрежа во Охрид;
- Проширување / рехабилитација на фекалната канализациона мрежа во Струга;
- Проширување / рехабилитација на атмосферската канализациона мрежа во Охрид;
- Модернизација/ проширување на Прочистителната станица во Враништа;

И покрај големата должина на изведената сепарациона мрежа, потребно е нејзиното целосно сепарирање - изведба, односно реконструкција на мрежата во околина на ул. Абас Емин, проширување на деталната мрежата во УЗ Центар, зафаќање на отпадните води од Болничкиот комплекс, пренасочување од ул. Питу Гули, Марко Цепенков, Даме Груев, дооформување на деталните мрежи во УЗ 15. Корпус, Радоица Новичич и др. Основите поставени со Проектот за заштита на Охридското Езеро даваат можности за сите овие активности. Како материјал за проширување на мрежата да се употребува PVC и полиетиленски цевки. Да се одбегнува употребата на азбестни цевки.

Атмосферска канализација

Проектираниот пристап на системот за атмосферска канализација во овој проект е од аспект на потребата да се обезбеди еколошки безбедно и економски оправдано депонирање на собраната атмосферска вода. Исто така се однесува и на потребата за одвојување на истата од фекалната канализација каде е тоа можно.

Приливот на атмосферската вода е пресметан врз основ на факторите кои произлегуваат од состојбата на теренот. Неговиот интензитет се утврдува како двегодишна веројатност на 10 минутен дожд со интензитет од 120 l/s/ha.

Основата за решавање на проблемот на атмосферските води останува ист: како реципиент и понатака останува Охридското Езеро. Западниот дел од градот атмосферските води ќе ги одведува преку затворени канали што одат по течението на реката Грашница и нејзините краци - по улиците Аџи Мустафа, Бистрица, Јабланица и Пере Тошев, а источниот дел од градот преку цевководите по Булеварот Туристичка и влезовите во Езерото по улиците Македонски просветители, Први Мај, Јане Сандански и Булевар АСНОМ. Како најприоритетна следна активност е проширувањето на собирниот цевковод по ул. Абас Емин, Пирин Планина и Болничкиот комплекс.

Основнитите потези од проектот ЕКОЛОШКА ЗАШТИТА НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО - ПРОЕКТ ЗА КАНАЛИЗАЦИЈА НА ОХРИД И СТРУГА се реализирани, но треба да се довршат.

Со цел да се избегне транспортот на значителни количества на атмосферска вода (во ранг од 1,5 м3/s) низ главните улици на централното градско подрачје, вдолж Булеварот Туристичка проектиран е цевковод како главен колектор на реонот помеѓу Туристичка и северниот дренажен канал. Кај соответни локации блиску до канализационите линии проектирани се преливни комори кои ќе го собираат ударното количество дождовна вода и седимент во одводните канали. Со ова ќе се осигура сепарирање на иницијалното количество нечиста вода од површината, нејзин транспорт и третирање во прочистителната станица во Враништа. Имајќи пред вид дека повеќето од малите улици немаат тротоари, може да се очекуваат преголеми количества на крупен песок во дренажниот систем, поради што се

наложува често чистење на системот, понекогаш и после секое поголемо невреме.

Во согласност со набележаните цели на Проектот, постојната одводна цевка од ф 150 мм на Булеварот Туристичка се заменува со 1 000 мм главна дренажна цевка, со што се овозможува потребното празнење на реонот помеѓу Туристичка и северниот дренажен канал.

Во централното градско подрачје и Стариот Град главниот дренажен колектор е на ул. Македонски Просветители е поранешниот фекален колектор од кој се одстранети сите приклучоци кои се спроведени во нов изграден фекален колектор, а за потребите на Стариот дел на градот на другата страна на оваа улица изграден е нов дренажен колектор од кој собраната вода ќе се излива во езерото. Постоечката 500 мм канализациона линија долж кејот ја прима загадената вода и ја испушта во главниот колектор кој оди во прифатната станица Охрид 1.

Особено важна е сепарацијата на отпадните води од колекторот по Кејот по кои треба да се зафаќаат првите атмосферски води кои треба да се третираат како загадени отпадни води, т.е.потегот пристаниште – Студенчишки канал. Досегашниот колектор за фекални води се напушта со новата концепција и понатака предвидено е да служи како реципиент на зафаќање на загадени атмосверски води, кои по прекинот на дождот ќе се препумпува во постојната фекална канализација. На останатиот дел ќе истекува во Езерото како што е предвидено со планот преку постојните природни водотеци како што е и досега. Колекторскиот систем за заштита на Охридското Езеро е исклучиво наменет и така димензиониран да ги зафаќа отпадните индустриски води и фекалните отпадни води.

Материјалот за изведба на мрежата да биде современ, атестиран - PVC и полиетилен.

Неопходен предуслов за успешна реализација на ЕКОЛОШКА ЗАШТИТА НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО - ПРОЕКТ ЗА КАНАЛИЗАЦИЈА НА ОХРИД И СТРУГА е подигање на свеста на граѓаните како главни корисници, но и загадувачи на Системот.

1.13.3. Површински водотеци

На територијата на градот Охрид постојат три реки со стален проток на вода: реката Даљан (Коселска Река), реката Грашница (Летница, Сушица), Студенчишката Река и поројот Рача.

Реката Даљан е најголема од нив, има поголемо количество на вода и подолг речен ток. Таа извира под Плаќенската Планина и по должината на својот тек носи имиња на населените места покрај кои протечува - Свинишка Река, Опеничка Река, Коселска Река и пред вливот во Охридското Езеро - Даљан. Таа е поројна река. Пороите од сливот толку и го насипуваат коритото со наноси што постојано го издигаат, така што станало сосема плитко, па при голем водостој се случуваат и поплави во атарите на селата каде поминува.

Заштитата на коритото се врши со опсежни мерки во кои доминира пошумувањето на ерозивните површини од кои се свлекува материјалот, но директните заштитни мерки - регулацијата на реката Даљан, особено нејзиното корито низ територијата на градот, сеуште не се планирани. Дотолку повеќе што таа по целото свое течение низ територијата на градот представува и граница на урбаниот опфат, што наложува преземање на конкретни мерки за заштита на крајбрежните простори. Со оглед на фактот што не постои техничка документација за регулација на Даљан, во овој ГУП ќе се предвиди ширината на коридорот низ кој треба да помине регулираното корито.

Со цел да се заштити територијата на градот од опасноста која представуваат нерегулираните водотеци кои минуваат низ неа, а особено од реката Летница - Грашница, нужно се наметнува нивната регулација. Овој проблем согледан е пред повеќе години и од страна на меродавните институции превземени се соответни активности - проектирање на техничката документација како основ за изведување на хидротехнички зафати на регилирањето. Оваа техничка документација базирана е врз ОУП за Охрид од 1973 година според кој реката Летница како потенцијално најагресивна се предвидува да добие ново корито и наместо во Охридското Езеро да се влива во реката Даљан во близина на населеното место Орман. На тој начин сите краци на оваа река кои поминуваат низ територијата на градот би се елиминирале, а нивното корито би се искористило за други урбани содржини. Регулираното корито на Летница низ градската територија се предвидува да биде армирано-бетонско со два профили со вкупна ширина од 6,40 и 7,40 м, а надвор од градската територија профилот е 26,80 м, комбиниран од зидани страници и монтажно армирано-бетонско корито. Сите профили се предвидени за мали (летни) води и за големи (пролетни) води. Покрај јужното корито на реката надвор од градот се предвидува заштитен насип со колски пат.
Регулацијата на поројот Рача извршена е во 60-тите години на XX век и тоа во долниот тек и во главните корита - во двата крака, како и во активните притоки. Објектите предвидени во главните корита и притоките имаат за цел да ја намалат поројноста, а предвидената кинета во долниот тек да го заштити регионалниот пат и обработливото земјиште од пороен нанос. Кинетата - коритото е од ломен камен зидан во цементен малтер.

1.13.4. Електроенергетски системи

Во електроенергетиката дефинирани се следните цели на развојот:

- усогласување на стопанскиот развој со развојот на електропреносната мрежа на градот врз основа на реални енергетски и финансиски можности;
- преструктуирање на стопанството на производни процеси и технологии кои обезбедуваат ист стопански производ со помала потрошувачка на елетрична енергија
- подобрување на квалитетот и доверливоста на работата на електроенергетската мрежа преку зајакнување на интерконективните врски;

- комплементираност и временско ускладување на градбата на електроенергетската мрежа со супраструктурата;
- урамнотежување на потрошувачката и дистрибуцијата на електричната енергија во сите делови од градот;
- рационално и оптимално искористување на електроенергетската мрежа;
- ускладување на развојот на електроенергетскиот систем на градот со вкупниот електроенергетски систем на Македонија.

Планирана потрошувачка

За определување на идната потрошувачка на електрична енергија анализирани се податоци за потрошувачката на електрична енергија во изминатите 12 години. При математичкото моделирање на потрошувачката како независно променливата величина е прогнозата на населението во Охрид до 2012 година.

Планирана потрошувачка на електрична енергија во општина Охрид:

година	вк. потрошувачка GWh	висок напон GWh	низок напон GWh
2000	170,42818	28,044606	142,383574
2012	383,4633	63,1003	320,3630

За планскиот период 2000-2012 година потрошувачката на ниво на општина Охрид ќе ги има следните атрибути:

вкупната потрошувачка на електрична енергија е поголема за 2,24 пати
потрошувачката на висок напон е поголема за 2,24 пати
потрошувачката на низок напон е поголема за 2,24 пати.

Паралелно, планирано е зголемување и на ангажираните (максимални) моќности на ниво на општината во период до 2012 година.

Планирана ангажирана моќност во општината:

година	2000	2010
ангажирана (максимална) моќност (MW)	42	66

Со предвидениот пораст на потрошувачката на електрична енергија и инсталирани моќности се планира и зголемување на специфичната потрошувачка на електрична ебергија на домаќинство и жител.

Електро преносна дистрибутивна мрежа

Развојот на електропреносната мрежа треба да го прати вкупниот планиран развој на потрошувачката на електрична енергија. Планирани се следните измени во електродистрибутивниот систем:

- Трафостаници 110 KV - до 2012 година нема потреба од изградба на нова ТС
- Трафостаници 35 KV KV - до 2012 година нема потреба од изградба на нова ТС
- Трафостаници 10/0,4 KB - се предвидува изградба на нови трафостаници
- Електроводови 110 KV и 35 KV - се предвидува само реконструкција
- Електроводови 10 KV - се планира изградба на нови водови, реконструкција на старите (замена на воздушни со кабловски) и замена на стари кабловски врски помеѓу

1.13.5. Телекомуникациски системи и кабловска телевизија

Согласно генералната определба на ниво на државата, развојните потреби и материјалните можности најновите техничко - технолошки достигнувања ќе бидат непосредно применети во телекомуникациониот систем и кабловската телевизија.

Заради намалување на прекините во ТТ сообраќајот во идниот период предвидена е изградба на кабловска ТФ мрежа како замена за постојната воздушна ТФ мрежа.

За наредните 10 години не е предвидена изградба на истурен степен во градот Охрид.

1.13.6.Гасоводен систем

Во реализација на мрежата на гасоводниот систем на Република Македонија, се предвидува и магистрален гасовод кој ќе ги опфаќа јужните делови на Републиката и преку Струмица, Кавадарци, Прилеп, Охрид и Струга ќе се поврзи со соседна Албанија.
За идниот период планиран е и Балкански навтовод – продуктовод Бургас – Драч кој ќе поминува низ Крива Паланка, Куманово, Скопје, Велес, Прилеп, Битола, Ресен, Охрид и Струга.

1.13.7. Пазари

Главното градско пазариште сместено на поволна локација во центарот на градот и понатака ќе ја задржи истата позиција и граници. Локални пазари се планираат по Урбаните заедници подалеку од центарот на градот: УЗ 1 Видобишта, УЗ 2 Воска, УЗ 9 Радоица Новичич, УЗ 12 - 15. Корпус и УЗ 13 Железничка. Главното градско пазариште е конципирано и уредено по принципите на современата трговија: се состои од зелениот пазар во наткриени продажни боксови или на отворено и од затворениот продажен простор за млечни и месни производи, колонијал и друга стока. Пешачките пристапи кон пазариштето обезбедени се од повеќе правци, а економски пристап за возилата за снабдување е само еден, а до него е јавниот паркинг над кој се предлага катна гаража за околу 200 возила.

Локалните пазаришта по центрите на Урбаните заедници не се замислени во класична форма - тие ќе се организираат во одредени периоди на денот на уредени, отворени простори , кои после тоа ќе функционираат како простори за одмор и рекреација. Вакво функционирање подразбира добра санитарно - комунална организираност на службите кои ќе стопанисуваат со локалните пазарчиња. Нивните површини внесени се во пешачките сообраќајни површини и не се прикажуваат во површините на пазариштата.

1.13.8. Гробишта

Градските гробишта лоцирани се во северниот дел на градската територија. Местоположбата на гробиштата во однос на станбените делови на градот е поволна, дистанците се лесно совладливи дури и за пешаци, а обезбедени се и доволни површини за санитарното заштитно зеленило. Гробиштата се користат од сите конфесии од христијанската и исламската вероисповед. Површината потребна за планираниот број жители се формира според нормативот 4,0 м2 површина / жител, што значи дека за 44.500 жители во 2012 година ќе бидат потребни:

44.500 жители x 4 м2/жител = 178 000 м2

Постојната површина 12,11 Ха не ги задоволува минималните стандарди , поради што за градските гробишта се определува нова површина кон исток, се до постојниот локален пат кој ќе представува источна граница на комплексот. Кон север и кон југ предвидени се зелени заштитни појаси од кои дел во наредниот период може да биде искористен и за проширување на гробиштата.

1.13.9. Евакуација на сметот

Анализата на погодноста покажува дека локацијата Буково како сегашна општинска депонија на смет е поволна. Со цел да се оствари безбедно депонирање на сметот потребно е локацијата задолжително да се уреди и соответно опреми, да се применува стандардната постапка за санитарно депонирање која се состои од компактирање на отпадот, дневно прекривање, евакуација на атмосферските води, филтратот од телото на депонијата и отпадните гасови кои се резултат на анаеробното разградување на органските материи и како најважно - рекултивација на завршните слоеви.

Трајното решавање на евакуацијата на сметот од целиот регион ќе следи со реализацијата на планските поставки на Просторниот план на Република Македонија според кои се предвидуваат регионални санитарни депонии по опретивни гравитациони зони. Во Охридско-Струшката оперативна гравитациона зона се опфатени општините Охрид, Струга, Белчишта, Косел, Мешеишта, Луково, Делогожда, Велешта, Лабуништа и Вевчани, а за неа се определува поширока зона на меѓата меѓу општините Струга и Велешта, покрај патот Р - 418. Во исто време да се рекултивираат неуредените концентрирани депонии во месноста Буково и Струшката депонија што е изложена на јаки ветрови.

Во секоја зона ќе функционира системот за прибирање, селекција, предтретман,евиденција и декларација на составот, количините, тренспортот, манипулацијата и депонирањето на една санитарна депонија за инертен цврст и делумно штетен отпад.
Депонијата за градежниот отпад - шут и друг габаритен отпад определена е во локалитетот Габавци и нужно е целосно да се уреди. Таа е оддалечена 3 км од границата на градот, сместена е во природна увала со поволни природни карактеристики, а до неа треба да се изгради прописна сообраќајница.

2. ПАРАМЕТРИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

2.1. Уредување на градот по Урбани заедници и урбани блокови

Изготвениот Генерален урбанистички план - ГУП за градот Охрид, е основен плански документ со кој се определени границите на вкупниот опфат на градот и границите на основната територијална поделба на Урбани заедници и урбани блокови.

Во Урбаните заедници, односно во Урбаните блокови, извршено е зонирање според содржините во просторот, основната намена за домување и сите содржини што го пратат, општествениот сектор, јавните функции, стопанството, зеленилото, спортот и рекреацијата, сообраќајот и другите инфраструктурни системи (Графички приказ 02). Биланснитe показатели во него содржат податоци за површините и намените, показатели за инфраструктурата и параметри за уредување на просторот на урбаните блокови согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и уредување на просторот (Сл.весник бр. 51/2005).

Графичките прикази и биланснитe показатели го почитуваат и се изработени на основа Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот и проектирање на објекти (2/2002 И 50/2003). Со него се дадени параметрите за организацијата на просторот, односите помеѓу содржините, карактеристиките на поднебјето и традицијата и спецификите на културното и градителско наследство.

Изготвениот Генерален урбанистички план за градот Охрид е основа за изработка на плановите од пониско ниво - Детални урбанистички планови за Урбани заедници од УЗ 1 до УЗ 18, односно Урбаните блокови од УБ 1.1. до УБ 18.2. – вкупно 73. Тој ги определува границите на градската територија, Урбаните заедници и урбаните блокови главно по природните граници (брегот на езерото и водотеците), сообраќајниците и во некои случаи по границите на катастарските парцели. Условите за градба ќе ги определува надлежната служба при локалната самоуправа на општината врз основа на усвоениот ГУП, за изградба, доградба, надградба и реконструкција и изведување на други работи во рамките на урбаните блокови, со изработка на Детални урбанистички планови за урбаните блокови.

Генералниот урбанистички план, како план од пониско ниво усогласен е со Просторниот план на Р. Македонија.

2.2. Основни параметри за уредување на просторот

- Со **регулационата линија** се разграничува земјиштето на урбаниот модул за определена намена, односно подрачјето за градење (урбанистички парцели) од земјиштето наменето за општ интерес (јавни, сообраќајни и други површини).

- Со **градежната линија** се ограничува површината за градба на објекти во рамките на урбанистичка парцела и се назначува растојанието од регулационата линија (главна надворешна градежна линија), односно од границата на парцелата (помошни внатрешни градежни линии). Согласно Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот, дистанцата помеѓу градежните линии и работ на коловозот е во зависност од рангот на улицата и начинит на градбата, при што при урбаната обнова вредностите се значително помали:

  кај магистралните улици 20,00 м. (5,00 м)
  кај собирните улици 15,00 м. (3,00 м)
  кај сервисните улици 10,00 м. (3,00 м)

- Параметрите во однос на **процентот на изграденост,** како и на **коефициентот на искористување на земјиштето** се во рамките на предвидените со Правилникот, а посебни параметри за урбанистичките парцели ќе бидат предмет на поконкретни показатели на ниво на Детален урбанистички план или на ниво на Урбанистички проект, според архитектонско-урбанистичката концепција на решението.
- **Висините на објектите** наменети за домување да бидат примерени на големината на градот, на традицијата во градењето објекти при што се почитувале правата на секој објект на визура и инсолација (према Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот).
- Потребно е итно усогласување на постојните Детални урбанистички планови, односно изработка на нови за простори кои сеуште не се покриени со нив, со донесениот ГУП за градот. Особено внимание притоа да се посвети на зоните под строга заштита и контактните зони .
- **2.3. Параметри за уредување на просторот определен за домување**
- Во целото крајбрежје предвидени се потези домување со хотелиерство , со што се реализира една од насоките на Програмата за изработка на овој План ;
- Во зоните со доминантна содржина домување покрај улиците предвидени се потези - мешовито домување со комерцијални (терцијални) содржини ;
- Во зоните со доминантна содржина домување се предвидуваат комерцијални содржини, рекреативни содржини, како и сл.содржини

што го пратат домувањето и се во склоп на урбанистичките парцели или во посебни парцели, како самостојни објекти. При реализацијата на ГУП Охрид, односно при уредување на просторот и изработката на Деталните урбанистички планови, иако не се во обележаните зони под услов да се почитуваат мерките за заштита на окружувањето може да се предвидат наброените содржини.

2.4. Параметри за уредување на просторот определен за општествен стандард

- Сите содржини од областа на општествениот стандард програмирани се врз база на стандардите пропишани за секоја содржина поединечно. Зоните определени за овие содржини нужно е да се резервираат за наредните плански периоди доколку нивната реализација не е можна до крајот на овој плански период;

2.5. Параметри за уредување на просторот определен за стопанство

- Зони со терцијарни - комерцијални содржини предвидени се главно долж магистралните улици и во зоните со секундарни стопански содржини - во контактните зони долж улиците
- Во постојните зоните за секундарно стопанство интерполирани се зони за терцијално стопанство или мало стопанство. Нови зони за секундарно стопанство определени се во северниот дел на градот, при што се почитувани мерките за заштита на животната средина.

2.6. Параметри за уредување на просторот определен за спорт и рекреација

- во рамките на Спортскиот Центар да се предвидат и пропратни содржини со кои ќе се комплетира понудата: хотели, трговски и угостителски локали, локали за забава и други отворени и изградени површини во функција на основната намена;

2.7. Параметри за уредување на просторот определен за сообраќај и сообраќајна инфраструктура

- Сите нови улици од примарната градска мрежа да се реализираат согласно на профилите предвидени со овој План, а постојните при нивната реконструкција да се прилагодат на овие профили во максимално можна мерка. На тој начин ќе се обезбеди подолжно паркирање за голем број возила, но едновремено и можност за формирање дрвореди и велосипедски патеки предвидени во тротоарите на улиците;

2.8. Мерки за заштита на животна средина

- При оформување на содржините во рамките на локалитетот се применуваат соодветни **мерки за заштита на елементите на животната средина,** главно преку оформувањето на зелените површини, а поконкретно разработени на ниво на Детален урбанистички план или на ниво на Урбанистички проект.
- Горенаведените параметри укажуваат на дозволена изграденост во Урбаните блокови што овозможуваат уредување на просторот со

партерни елементи, урбана опрема, богати зелени површини, паркирање и друго.

- Со цел да се спречат **архитектонските бариери** при движење на инвалидизирани лица се предвидува пред секоја денивелација на тротоарите, пешачките патеки, партерите, како и влезовите во јавните и објектите за домување, да се постават рампи за движење на инвалидски колички и посебни возила.
- Настанатите општествено - политички и економски промени во периодот после 1990 година ја наметнаа потребата од измени во областа на **одбраната и засолнувањето**. Донесените законски и подзаконски акти со кои начелно се регулира проблематиката на засолништата во "Република Македонија се:
  -Законот за одбрана (Сл.весник на РМ бр. 8/93);
  -Уредбата за критериумите за засолнување на населението (Сл.весник на РМ бр. 81/92);
  -Правилникот за определување на висината на средствата потребни за изградба на засолништа и начинот и рокот на плаќањето односно враќањето на овие средства (посебен Сл.весник на РМ бр. 11/93);
  -Уредба за изменување на уредбата за критериумите за засолнување на населението (Сл.весник на РМ бр. 12/98), со која во уредбата од (Сл.весник на РМ бр. 81/92) во член 2 алинеа 1, ги дава критериумите за обезбедување со објекти за засолнување. За заштита од воени разурнувања ќе се применуваат мерки согласно претходно наведените закони и уредби.

По однос на **заштита од природни непогоди**, објектите треба да се изградат согласно важечките технички прописи од соодветните области.

По однос на **технолошките непогоди**, треба да бидат превземни сите мерки за заштита со изработката на проектите и примената на соодветната технологија.

- Согласно член 9 од **Законот за заштита од пожари** (Сл.весник на РМ бр. 43/86), во процесот на просторно и урбанистичко планирање и проектирање се води сметка за заштита од пожари, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случаи на појава на пожари. Согласно кон изнесеното предвидени се следните Плански мерки за заштита од пожар:
  Сообраќајното решение и начинот на кој треба да се предвиди изграба на објектите треба да овозможи пристап на противпожарно возило од повеќе страни.
  Сообраќајниците се со доволна ширина и со задоволувачки осовински притисок што овозможува непречено и брзо движење на противпожарни возила.
- Во Охрид се наоѓа противпожарна единица која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар. Времето кое е потребно за пристигнување на противпожарното возило е најмногу 10 минути до секој објект во рамките на опфатот на градот.
- Со Планот за водоводна инфраструктура -дел од овој ГУП - предвидена е мрежа на надземни и подземни пожарни хидранти за снабдување на противпожарните возила со вода за гасење на пожар.


3. БИЛАНСИ НА ПОВРШИНИ НА ГРАДОТ ВО ПЛАНИРАНИ ГРАНИЦИ

Содржина	Површина Ха	Учество %
Домување	**744.64**	**58.25**
• **Домување**	465.63	
• **Домување со терцијални дејности**	187.85	
• **Домување со хотелиерство**	91.16	
Општествен стандард	**50.29**	**3,93**
• **Образование**	10.46	
• **Наука**	1,78	
• **Здравство**	9,04	
• **Социјална заштита**	11.81	
• **Култура**	3.71	
• **Духовна култура**	3.41	
• **Локален центар**	9.83	
• **Археолошки локалитет**	0.25	
Државна управа, правосудство Локална самоуправа	**3,89**	**0,30**
Стопанство	**165.13**	**12,92**
• **Примарен сектор**	10.70	
• **Секундарен сектор**	40.46	
• **Терцијарен сектор**	40.44	
• **Мало стопанство**	26.93	
• **Хотелиерство, угостителство**	21.48	
• **Специјална намена**	25.12	
Зеленило, спорт и рекреација	**138.31**	**10.82**
- специјално зеленило-Блато	51.55	
- јавно зеленило	21.75	
-заштитно зеленило	48.54	
• **спорт и рекреација**	16.47	
Сообраќај и сообраќајна инфраструктура	**147.38**	**11.53**
• **улици и тротоари**	141.13	
• **пешачки улици и плоштади**		
• **катна гаража**	0,18	
• **автобуски терминали**	2.36	
• **бензински станици**	2,45	
• **ЈП за патишта Македонија-пат**	1.26	
Комунална инфраструктура	**28,75**	**2,25**
• **комунални дејности**	2.10	
• **градско пазариште**	0.72	
• **градски гробишта**	16,65	
• **топлана**	1,53	
• **електро системи**	1.26	
• **комуникацијски системи**	0,38	
• **реки**	6.11	
ВКУПНО	**1.283.39**	**100,00**

ОСНОВНИ ПАРАМЕТРИ НА ПЛАНОТ

Вкупна површина на опфатот	**1.283.39 Ха**
Вкупен планиран број на жители:	**44.500**
Вкупен планиран број на станови :	**18.720**
Вкупна планирана станбена површина:	**1.453.548 м2**
Просечна површина по стан:	**77,73 м2/стан**
Просечна станбена површина по жител:	**32,66 м2/жител**
Бруто густина на домување:	**34,67 ж/Ха**
Нето густина на домување:	**59.76 ж/Ха**

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА - ГРАФИЧКИ ДЕЛ



ГЕО ПОИНТ

Легенда на топографски знаци


- Граница на плански опфат
- железно • бетонска ограда
- жичена ограда
- бетонски подлорен ѕид
- граница на парцела од катастарски план
- граница на објект од катастарски план
- асфалтна улица
- земјен пат
- •канавка
- помошни линии
- браник
- канал
- бетонски пропуст под пат
- правец на водотек
- река
- правец од далековод
- граница на опфат
- објекти и дограбди (фактичка состојба)
- •голем рабник
- мост
- апсолутни надморски висини
- број на катастарска парцела
- број на објект во катастарска парцела
- шахти
- сливник
- трафо
- бетонски електричен столб
- дрвен електричен столб
- светлосен столб
- скали
- затворач
- паркинг
- дрво
- бетонска плоча
- споменик
- чешма за вода
- сообраќаен знак
- билборд

Измена и дополнување на ГУП за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, Општина Охрид плански период 2024-2034

ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ 146927.01m² (14.69ха)

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА



Arhitektor

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И УСЛУГИ
АРХИТЕКТОР ДООЕЛ СКОПЈЕ

БУЛ.„8МИ СЕПТЕМВРИ БР.47“ВЕ, СКОПЈЕ
ЛИЦЕНЦА БР.0112

ДОНЕСУВАЧ:
Општина Охрид

План:
Измена и дополнување на генерален урбанистички план за Урбана заедница 4, Урбан блок 4,4, Општина Охрид плански период 2024-2034

ПРИЛОГ:
АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК:
Ивана Стоилковска, д.н.а,овластување бр. 0.0441


ПЛАНЕРИ:
Никола Транталовски, д.н.а, овластување бр.0.0662

СОРАБОТНИЦИ:
Благица Атанасова, д.н.а.
Кирил Чеботарев м.н.а.
Бојана Симоновска, м.н.а.
Александар Камшиговски, м.н.а.
Марија Пецалевска д.н.а.

УПРАВИТЕЛ:
НИКОЛА ТРАНТАЛОВСКИ, дипл. инж. арх.

ТЕХ. БРОЈ.	ДАТУМ:	РАЗМЕР:	ЛИСТ БР.:
05-07/2023	август, 2024	1:2500	2

Измена и дополнување на ГУП за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, Општина Охрид планski период 2024-2034



ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ 146927.01m² (14.69ha)

E1 - Линиски инфраструктури

E1.5 - Инфраструктури на водоснабдувањето

Ø xxx — Постојна водоводна мрежа

Шиберна/водомерна шахта

E1.6 - Канализациски инфраструктури

Ø xxx — Постојна фекална канализација по ГУП за град Охрид

Ø1200 — Постоен колектор по ГУП за град Охрид

Препумпна станица по ГУП за град Охрид

Ø xxx, вид на канал — Постојна атмосферска канализација по ГУП за град Охрид

Постојна атмосферска канализација по ГУП за град Охрид

E1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија

0.4KV надземен вод — Постојна електрика - 0.4KV надземен вод

0.4KV подземен вод — Постојна електрика - 0.4KV подземен вод

10(20)KV подземен вод — Постојна електрика - 10(20) KV подземен вод

10(20)KV надземен вод — Постојна електрика - 10(20) KV надземен вод


35KV надземен вод — Постојна електрика - 35 KV надземен вод

Постојна електрика - 10(20) - 0.4KV трафостаница

вид на кабел

E1.9 - Телекомуникациски водови

ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИТЕ И ВОДОВИТЕ ОД ВКУПНАТА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА И ДРУГА ИНФРАСТРУКТУРА



Arhitekt•r

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И УСЛУГИ
АРХИТЕКТОР ДООЕЛ СКОПЈЕ

БУЛ.8-МИ СЕПТЕМВРИ БР.41-2, СКОПЈЕ
ЛИЦЕНЦА БР.0112

ДОНЕСУВАЧ:
Општина Охрид

План:
Измена и дополнување на генерален урбанистички план за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, Општина Охрид планski период 2024-2034

ПРИЛОГ:
ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИТЕ И ВОДОВИТЕ ОД ВКУПНАТА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА И ДРУГА ИНФРАСТРУКТУРА

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК:
Ивана Стоилковска, д.и.а.овластување бр. 0.0441

ПЛАНЕРИ:
Никола Транталовски, д.и.а. овластување бр.0.0662

СОРАБОТНИЦИ:
Благица Атанасова, д.и.а.
Кирил Чеботарев м.и.а.
Бојана Симоновска, м.и.а.
Александар Камшиговски, м.и.а.
Марија Пецалевска д.и.а.

УПРАВИТЕЛ:
НИКОЛА ТРАНТАЛОВСКИ, дипл. инж. арх.

ТЕХ. БРОЈ:	ДАТУМ:	РАЗМЕР:	ЛИСТ БР.:
05-07/2023	август, 2024	1:2500	4

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат и плански период

Планот кој е предмет на изработка е **Измена и дополнување на генерален урбанистички план за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, Општина Охрид.**

Предмет на уредување на генералниот урбанистички план е просторниот развој на подрачјето на секое населено место со статус град. Тој е план од по високо ниво во системот на двостепеното урбанистичко планирање на градовите и по правило се спроведува со детални урбанистички планови.

Планот се изработува врз основа на Планска програма, со решение бр. 09-5464/5 од 20.06.2024 година, издадено од Општина Охрид, согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25 и 30/26), како и останатата релевантна законска и подзаконска регулатива.

Планскиот период за овој план изнесува 10 години – 2024-2034 година.

Предмет на изработка на оваа измена и дополнување е Урбаниот блок 4.4 од Урбаната заедница Воска, дефинирани со ГУП на Охрид (2002-2012).

Согласно чл. 33 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) постапката за изработка и донесување на оваа измена и дополнување ќе се води во обединета постапка со изработка на ДУП за опфат 1 во рамките на урбаниот блок 4.4.

2. Прецизен опис на границата на планскиот опфат

Согласно планската програма за предметната Изменување и дополнување на ГУП за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, Општина Охрид, опфатот е дефиниран по границите на УБ 4.4 од важечкиот ГУП на Охрид (2002 -2012) со одлука бр. 07-1438/2 од 30.06.2006 година. Истиот ќе се движи по:

- на северозапад – реката Даљан – границата на опфатот на градот,
- на север и исток – Булевар Туристичка и клучка
- на југ – ул. Распаќе

Планскиот опфат е дефиниран со следниве прекршочни точки:

Реден број	Y	X
1.	7482022.64	4554016.54
2.	7482139.07	4553989.71
	Лак 1	Конвексност: -0.0702 Центар: X=4553597.70, Y=7482058.02 Радиус: 400.30m Почетен агол: 78° Завршен агол: 62°
3.	7482244.37	4553951.98
4.	7482241.29	4553949.09
5.	7481879.40	4553644.40
	Лак 2	Конвексност: -0.0944 Центар: X=4553802.58, Y=7481741.28 Радиус: 210m Почетен агол: 311° Завршен агол: 290°
6.	7481811.61	4553604.71
7.	7481690.26	4553561.58
	Лак 3	Конвексност: 0.1210 Центар: X=4553410.82 , Y=7481743.84 Радиус: 160.00m Почетен агол: 110° Завршен агол: 137°
8.	7481626.54	4553519.63
9.	7481624.92	4553517.71
10.	7481621.52	4553513.67
	Лак 4	Конвексност: 0.0699 Центар: X=4553713.14, Y=7481636.06 Радиус: 200m Почетен агол: 266° Завршен агол: 282°
11.	7481677.05	4553517.39
12.	7481688.47	4553519.78
13.	7481801.87	4553543.52
14.	7482429.92	4553675.02
15.	7482436.43	4553675.15
16.	7482429.21	4553688.48
	Лак 5	Конвексност: -0.0906 Центар: X=4553825.26, Y=7482693.70 Радиус: 297.77m Почетен агол: 207° Завршен агол: 187°
17.	7482397.93	4553790.80
18.	7482381.57	4553930.30
	Лак 6	Конвексност: 0.2070 Центар: X=4553916.32, Y=7482262.39 Радиус: 120m Почетен агол: 7° Завршен агол: 53°

19.	7482333.80	4554012.75
20.	7482316.07	4554023.64
	Лак 7	Конвексност: 0.1955 Центар: X=4553916.32, Y=7482262.39 Радиус: 120m Почетен агол: 63° Завршен агол: 108°
21.	7482225.96	4554030.66
22.	7482186.37	4554018.04
	Лак 8	Конвексност: -0.1345 Центар: X=4554208.61, Y=7482125.66 Радиус: 200m Почетен агол: 288° Завршен агол: 257°
23.	7482080.75	4554013.71
24.	7482024.95	4554026.57
25.	7482022.64	4554016.54

Вака дефинираниот плански опфат за **ГУП** има површина од **146927.01m^2,** односно **14,69ха.**

3. Стратешки определби што произлегуваат од развојни стратегии, просторни и урбанистички планови од повисоко ниво кои се однесуваат на подрачјето на планскиот опфат

Појдовна точка во планскиот концепт за просторен развој во рамките на планскиот опфат се општите и посебните услови за просторен развој утврдени во **ГУП на Охрид , плански период 2002 – 2012 (Одлука бр. 07-1438/2 од 30.06.2006 година).**

4. Цели на урбанистичкиот план

Основната цел на предметниот генерален урбанистички план е усогласувањето на потребите на корисниците на земјиштето, во поглед на дистрибуцијата на намените и останатите урбанистички параметри во планскиот опфат со Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 244/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25 и 30/26), како и останатата релевантна законска и подзаконска регулатива.

5. Образложение на планскиот концепт за просторниот развој

Просторот на кој се работи **Измена и дополнување на генерален урбанистички план за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, Општина Охрид, плански период 2024-2034** претставува една урбана целина дефинирана во рамките на Урбаната заедница 4 – Воска со важечкиот ГУП на Охрид (2002-2012).

Овој план, важечката законска и подзаконска регулатива, природните и создадените услови на предметниот опфат се појдовна точка за дефинирање на планскиот концепт за предметниот плански опфат.

Планскиот опфат е дел од Урбаната единица 4, Воска која се состои од 7 блокови и истиот претставува блок 4.4 со површина од 14,69ха.

Во блокот 4.4 кој е предмет на оваа измена и дополнување, со важечкиот ГУП се предвидени следниве намени:

Урбан блок 4.4.	
• домување	6.56
• домување со терц. дејности	2.86
• река	1,54
• зеленило заштитно	1,63
• бензински пумпи	0,66
• улици	

Концептот за просторен развој произлегува од предвиденото од важечкиот ГУП, постојната состојба, увидот на терен и потребите на инвеститорите, општината и сопствениците на земјиштето. Во најголем дел се задржува предвидената намена од важечкиот ГУП, освен тоа што, наместо мешаната зона за домување и терцијарни дејности се предвидени одделни зони со група на класа на намени А – домување и престој и Б – комерцијални и деловни намени. Освен овие две зони се предвидени и зони за заштитно и сообраќајно зеленило (Д2), зона за полуприродни зелени хабитати (Д5) – река Даљан, како и зона за сообраќајни линиски и други инфраструктури (Е1).

- **<u>Население и станбени единици</u>**

Доминантната група на класи на намена во урбаниот блок 4.4 е А – домување и престој. Во рамките на зоните за домување со детални урбанистички планови ќе се предвидат градежни парцели од класите на намена А1 – домување во куќи со најмногу 4 станбени единици и А2 – домување во згради.

Во важечкиот ГУП густина на население е дефинирана на ниво на градот и изнесува:

- Бруто густина – 34.67 ж/ха
- Нето густина – 59.76 ж/ха

Според ГУП на градот Охрид, за Урбаната заедница 4 – Воска, на крајот од планскиот период за ГУПот се предвидуваат 3600 жители во вкупно 1020 домаќинства и 2100 станови. Бројот на домаќинства е помал од бр. на станови поради тоа што во овие станови се предвидени и т.н. викенд станови.

Оттука густината на население за УЗ 4 - Воска изнесува:

- Бруто густина – 3600ж/96,81ха= 37,19 ж/ха
- Нето густина – 3600ж/58,37ха=61,68ж/ха

Во рамките на вкупната површина за домување во УЗ4 во ГУП на Охрид (2002-2012) се предвидени зони за домување, домување со туризам и домување со терцијарни дејности, поради што се добива релативно мала нето густина на население.

Во рамките на планскиот опфат е предвидена зона за групата на класи на намена А - домување и престој со вкупна површина од 62234,45m^2 (6,22ha).

Заради флексибилноста на планот не се предвидени посебни зони за класите на намени од групата на класи на намена А – домување и престој, но во рамките на деталните планови треба да се групираат градбите во логични целини на пр: градежните парцели со класа на намена А1 и А2 да се одделени со сообраќајници, да нема директен контакт на површини за градба со класа на намена А1 и А2, и сл.

За УБ 4.4 со оваа измена се планирани 546 жители, на плански опфат од 14,69ха и зона за група на класа на намени А – домување и престој со површина од 6,22ха.

Оттука предвидената густина на население изнесува:

- Бруто густина – 546ж/14,69ха= 37,17ж/ха
- Нето густина – 546ж/6,22ха = 87,78ж/ха

При изработка на планови од пониско ниво може да се добие поголема нето густина на население поради тоа што ќе се одземат површините за сообраќајници и др. јавни површини кои ќе се предвидат во рамките на зоната.

Просечниот број на жители во домаќинствата во градот Охрид согласно Пописот на населението на Република Северна Македонија од 2021 година изнесува 2,8. Поради генералниот тренд на намалување на бројот на членови во домаќинствата, за пресметување на бројот на домаќинства во предметниот опфат ќе се користи овој параметар. Оттука во рамките а планскиот опфат бројот на домаќинства ќе изнесува:

- 546жители / 2,8жители во домаќинство = 195 домаќинства

Бројот на станбени единици во рамките на една градежна парцела ќе се дефинира во Деталните урбанистички планови за секоја парцела поединечно, но за намената А1 – домување во куќи не може да изнесува повеќе од 4 станбени единици.

6. Опис и образложение на планските решенија за изградба

- **Единици на градежно земјиште**

Градежното земјиште во примарна поделба се дели непарцелирано земјиште за општа употреба и парцелирано земјиште за поединечна употреба.

Планскиот опфат претставува Урбан блок 4.4 дефиниран со важечкиот ГУП, кој претставува дел од Урбаната заедница 4 – Воска.

За разработка со Детални урбанистички планови може да се дефинираат повеќе опфати, од кои Опфат 1 ќе се разработи во обединета постапка со предметнат измена и дополнување. Границата на овој опфат е дадена во графичките прилози од планот и истата ги следи границите на наменските зони, границата на блокот и оски на сообраќајниците.

- **Намена на земјиштето и градбите**

Намена на земјиштето и градбите е планска одредба во урбанистички план и урбанистички проект со кој се остваруваат основните цели на урбанистичкото планирање, како што е создавањето и унапредувањето на условите за хумано живеење и работа на граѓаните со меѓусебно усогласена и урамнотежена разместеност на човечките дејности и активности во просторот, како и хармоничен и одржлив развој и заштита на интегралните вредности на просторот.

Намената на земјиштето во урбанистичките планови и урбанистичките проекти се спроведува со системот на класи на намени.

Со предметната измена и дополнување се предвидуваат зони за следниве намени:

	Биланс на површини по намени за Урбан блок 4.4 (P=146927.01m² - 14.69ха)						
	НАМЕНИ	А - домување и престој	Б-комерцијални и деловни намени	Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило	Д5 - полуприродни зелени хабитати (река Далјан)	Е1 - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	Вкупно
	[m²]	76265.04	14495.80	21798.70	16552.74	17814.73	146927.01
	[%]	51.91	9.87	14.84	11.27	12.12	100.0

Заради флексибилност на планот, во оваа измена и дополна не се дефинирани зони на ниво на основни класи на намена, туку само до ниво на група на класи на намена.

Во рамките на зоната за домување при разработка на овој план може да се предвидуваат зони со основни класи на намена од групата на класи А –домување и престој со тоа што истите ќе бидат дефинирани како поодделни логични целини.

Заради флексибилноста на планот, може да се предвидат компатибилни класи на намени согласно важечката регулатива. Компатибилните класи на намени, во иста просторна единица можат да бидат застапени со најмногу 40% во однос на основната класа на намена, за да не се смени карактерот и начинот на употреба на просторната единица.

- **Површина за градење и височина**

Површините за градење ќе се дефинираат со плановите од пониско ниво. Во рамките на една градежна парцела ќе се дефинира една површина за градење за една градба, освен кога ќе се предвиди рамковна површина за градење која ќе се разработи во Урбанистички проект за парцелирано земјиште. Во една површина за градење со намена А1 – домување во куќи може да се предвидат максимално 4 станбени единици.

Согласно Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план (2020 – 2029), опфатот спаѓа во IIIa зона каде е дозволена максимална катност од П+4 и максимално дозволен процент на изграденост од 50%.

Новите градби треба да имаат:

- Ритам кој е во хармонија со урбаниот и морфолошкиот образец на околните градби доколку се поединечно заштитено добро или поседуваат амбиентални вредности;
- Габарит кој е усогласен со контекстот и не ја нарушува визуелната перцепција кон целината Старо градско јадро;
- Силуета која го почитува традиционалниот локален карактер и силуетата на просторот каде се градат;
- Висок квалитет на градба и дизајн, кој се постигнува со особено внимание на пропорциите;

- **Комунална инфраструктура**

Основните решенија на комуналната инфраструктура е се изработени врз основа на постојната состојба, планерските решенија од важечките планови за предметниот опфат и неговата непосредна околина, како и добиените податоци и информации од релевантните институции.

Решенијата на комуналната инфраструктура се изработени согласно важечките прописи за планирање на овој тип на објекти, приспособени на локалните услови (локација, релјеф, услови од постојната изведена инфраструктурна мрежа).

Сообраќајни коридори

Со оваа измена и дополнување генерално се задржани коридорите на примарната и улична мрежа од важечкиот ГУП за Охрид.

Во рамките на планскиот опфат се предвидени магистрална улица – Булевар Туристичка и собирна улица Распаќе, како и клучка на влезот од градот која преминува во Булевар Туристичка.


Делот од профилот на ул. Распаќе кој се наоѓа во рамките на планскиот опфат е изменет во согласност со важечката регулатива за овој тип на улици.

Примарната мрежа во опфатот се состои од:


Магистрални улици



ПРЕСЕК 1-1 магистрална улица
М1 - Булевар Туристичка




ПРЕСЕК 1а-1а магистрална улица
М1 - Булевар Туристичка



ПРЕСЕК 1б-1б магистрална улица
М1 - Булевар Туристичка (променлив профил)

Собирна улица



ПРЕСЕК 2 - 2 собирна улица
С8 - ул. Распаќе

Нивелациски план

Нивелацискиот план на уличната мрежа е задржан од важечкиот ГУП за Охрид 2002 – 2012.

Стационарен сообраќај

Проблемот на стационарниот сообраќај ќе се решава во рамките на сопствените парцели. Применувањето на оваа одредба се врши во сите акти за спроведување на урбанистичкиот план, како што се урбанистичкиот проект, изводот од урбанистичкиот план, основниот архитектонски проект за градбата, актот за градење и одобрението за употреба на градбата.

Водоводна инфраструктура

Од ЈП Водовод Охрид со допис бр. 09-767/1 од 09.04.2024 година се добиени податоци за постоечка хидротехничка инфраструктура – водоводна мрежа.

Во дописот е потенцирано дека во рамките на планскиот опфат поминува водоводна мрежа со Ø300.

Сите постојни водови, како и планираните водови согласно важечкиот ГУП се нанесени на соодветните графички прилози од овој план.

Фекална канализација

Од ЈП Водовод Охрид не се добиени податоци за фекална канализација во рамките на опфатот.

Постојната и планирана фекална канализација во непосредната околина на опфатот се преземени од важечкиот ГУП и се дадени во соодветните графички прилози.

Атмосферска канализација

Не се добиени податоци за атмосферска канализација во рамки на опфатот.

На графичките прилози е нанесена постојната и планираната мрежа на атмосферска канализација, преземена од важечкиот ГУП, чии димензии се движат од Ø300-Ø1200.

Електроенергетска инфраструктура

Со допис бр. 10-23/7-98 од 29.02.2024, Електродистрибуција ДООЕЛ – Скопје, информира дека во рамките на планскиот опфат постојат нивни инфраструктури – 10(20)kV подземна и надземна мрежа и 0.4kV подземна и надземна мрежа. Освен тоа, во опфатот има и планирана 10(20)kV Подземна мрежа.

Овие водови, како и постојната и планирана електроенергетска инфраструктура од непосредната околина на опфатот се нанесени на графичките прилози од планот.

Телекомуникациска инфраструктура

За телекомуникациските инфраструктури се добиени податоци од Агенцијата за електронски комуникации, Скопје со допис бр. 1404-1352/2 од 19.04.2024; Македонски Телеком АД, Скопје со допис бр. 60952 од 03.04.2024 година и А1 Македонија ДООЕЛ, Скопје со допис бр. 11-2455/1 од 01.04.2024 година.

Сите постојни водови од овие дописи се нанесени и целиот плански опфат е покриен со сигнал од компаниите за мобилна телефонија.

Сите постојни водови од овие дописи се нанесени на графичките прилози од планската документација.

Гасоводна инфраструктура

Со допис бр. 08-2117/2 од 29.03.2024 година, АД НОМАГАС, Скопје известува дека во рамките на планскиот опфат нема изградено ниту планирано гасоводна мрежа.

- **Озеленетост**

Во рамките на планскиот опфат се предвидува јавно зеленило и зеленило во рамките на градежните парцели.

Јавното зеленило во рамките на планскиот опфат предвидено во овој план е заштитно и сообраќајно зеленило. Истото се предвидува во зоната на клучката, како и покрај реката Даљан.

Со изработка на детални урбанистички планови во рамките на градежните парцели треба да се предвиди најмалку 20% од површината на градежната парцела за зеленило. За да може да се посади високо зеленило, на оваа површина не треба да се предвидува подземна градба.

7. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето

Поради тоа што се работи за измена и дополнување на ГУП на Охрид, во целост се задржуваат Основните параметри за уредување на просторот за остататиот дел од градот, а следните општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето се однесуваат само на Блок 4.4.

7.1. Со овие услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите се утврдуваат основните принципи, услови и техничко-урбанистички норми кои овозможуваат примена и спроведување на концептите предметната измена и дополнување.

Вкупната површина на планскиот опфат кој е предмет на изработка на овој план од 146927.01m^2, односно 14,69ха.

Планот е изработен согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25 и 30/26).

Со овој план се уредува намената и начинот на користење во предметниот плански опфат.

За предметниот плански опфат со овој ГУП во согласност со важечкиот Правилник за урбанистичко планирање, се предвидуваат следниве групи на класи на намени, класи на намени и поединечни намени:

- А – Домување и престој
- Б- Комерцијални и деловни намени
- Д – Зеленило, рекреација и меморијални простори
  Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило
  Д5 – Полуприродни зелени хабитати
- Е – Инфраструктура

  Е1 – сообраќајни линиски и други инфраструктури
  - Е1.1 – сообраќајни патни инфраструктури
  - Е1.5 – Инфраструктури на водоснабдувањето
  - Е1.6 – Канализациски инфраструктури
  - Е1.8 – инфраструктури за пренос на електрична енергија
  - Е1.9 – Телекомуникациски водови
  - Е1.10 – Цевни водови и продуктоводи (гасовод)

7.2. Планот е составен од Документациона основа и Планска документација со свој текстуален и графички дел (во размер М=1:2500).

Графичкиот дел на документационата основа е составен од: Извод од ГУП, Ажурирана геодетска подлога, Инвентаризација на градежниот фонд и вкупната изградена супраструктура, Инвентаризација на градбите и водовите од вкупната изградена комунална и друга инфраструктура.

Графичкиот дел од планската документација е составен од: План на намена, Регулационен план, Сообраќаен план и нивелациски план, Инфраструктурен план и Синтезен план

7.3. Границата на плански опфат е планска одредба во урбанистички план во форма на линиски графички симбол кој ја ограничува површината на планскиот опфат. Во нејзините рамки се спроведува урбанистичкиот план, во рамките на плански период од пет години.

Границата на планскиот опфат е прикажана во графичките прилози, а се движи по:

- на северозапад – реката Даљан – границата на опфатот на градот,
- на север и исток – Булевар Туристичка и клучка
- на југ – ул. Распаќе

7.4. Градежното земјиште во примарна поделба се дели непарцелирано земјиште за општа употреба и парцелирано земјиште за поединечна употреба.

7.5. Регулаторните линии се плански одредби во графичкиот дел на урбанистичкиот план кои го разграничуваат градежното земјиште од аспект на носителите на правото на градење. Регулаторните линии, кои во планот се дефинирани како линии со кои се дели градежното земјиште во примарната, секундарната и терцијалната делба се:

- регулациона линија (примарна делба)
- граница на градежната парцела (секундарна делба)
- градежна линија (терцијална делба)

7.6. За зоните на класи на намена може да се предвидат компатибилни класи на намена во согласност со членовите 80 –84 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25 и 30/26).

7.7. Градежна линија е планска одредба со која во урбанистички план и урбанистички проект се уредува границата во градежната парцела до која е дозволено простирањето на планираната градба односно ја дефинира просторната диспозиција на површината за градење во градежната парцела, а со тоа и просторната диспозиција на идната градба.

За предметниот Блок 4.4 се предвидува растојание на градежната линија во однос на регулационата линија на улиците од примарната мрежа:

- Кај магистралните улици – 15m
- Кај собирните улици – 10m

7.8. Согласно Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план 2020-2029, (Сл весник бр.45/2020), предемтниот плански опфат се наоѓа во третата заштитна зона за култуно наследство, подзона IIIa. Новите градби во оваа зона треба да имаат:

- Ритам кој е во хармонија со урбаниот и морфолошкиот образец на околните градби доколку се поединечно заштитено добро или поседуваат амбиентални вредности
- Габарит кој е усогласен со контекстот и не ја нарушува визуелната перццепција кон целината Старо градско јадро
- Силуета која го почитува традиционалниот локален карактер и силуетата на просторот каде се градат

- Висок квалитет на градба и дизајн, кој се постигнува со особено внимание на пропорциите.

Во зоната IIIa се забранува изградба на објекти повисоки од П+4 ката и поголем процент на изграденост од 50%

7.9. Коридорите на примарната мрежа генерално се задржани од важечкиот ГУП Во рамките на планскиот опфат се предвидени магистрална улица – Булевар Туристичка и собирна улица Распаќе, како и клучка на влезот од градот која преминува во Булевар Туристичка.

Делот од профилот на ул. Распаќе кој се наоѓа во рамките на планскиот опфат е изменет во согласност со важечката регулатива за овој тип на улици.

Карактеристичните профили на сообраќајниците се дадени во графичкиот прилог „Сообраќаен план“, како и во прилог на текстуалниот дел од планот.

7.10. При изработка на урбанистичка документација од пониско ниво да се планира надминување на урбаните бариери и обезбедување на функционалната пристапност и подвижност на земјиштето за општа употреба, јавните простори, до и во градбите и подрачјата во и вон населените места за сите граѓани, а особено за лицата со инвалидитет и на лицата со намалена подвижност.

7.11. Согласно Законот за урбано зеленило (Сл. весник на РСМ бр. 11/18, 42/20 и 224/24) потребно е да се обезбеди најмалку 20% зеленило на секоја градежна парцела.

8. Мерки на заштита

8.1. Мерки за заштита на природата, природното наследство и животната средина

Планскиот опфат за кој се изработува **Измена и дополнување на генерален урбанистички план за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, Општина Охрид, плански период 2024-2034, з**афаќа површина од **146927,01 м² (14,69ха).** Во опфатот се предвидени следниве групи и основни класи на намени:

- А – Домување и престој
- Б- Комерцијални и деловни намени
- Д – Зеленило, рекреација и меморијални простори
  Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило
  Д5 – Полуприродни зелени хабитати
- Е – Инфраструктура

  Е1 – сообраќајни линиски и други инфраструктури
  Е1.1 – сообраќајни патни инфраструктури
  Е1.5 – Инфраструктури на водоснабдувањето
  Е1.6 – Канализациски инфраструктури
  Е1.8 – инфраструктури за пренос на електрична енергија
  Е1.9 – Телекомуникациски водови

Заради флексибилност на планот се планираат и компатибилни класи на намени, со максимално дозволен процент на учество на збирот на компатибилни класи на намени во однос на основната класа на намена од 40%, согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25 и 30/26).

Предметниот плански опфат се наоѓа во третата заштитна зона на природното наследство на Охридскиот регион, согласно Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план 2020-2029, (Сл весник бр.45/2020).

Основни загадувачи на просторот се моторниот сообраќај и загадување предизвикано од начин на производство и загревање на објектите. Според тоа загадувањето може да се подели во три основни групи на загадување со основни смерници и мерки за заштита:

- аерозагадување и мерки за заштита
- загадување на почва и подземни води и мерки за заштита
- извори на бучава и мерки на заштита

Законска регулатива која ја регулира областа за заштита на животната средина, релевантна за изработка на урбанистичкиот план е следната:

- Закон за животната средина (Сл. весник на РМ, бр.53/05,81/05, 24/07,159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22, 171/22, 3/25 и 124/25);
- Закон за заштита на природата (Сл. весник на РМ 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18, 151/21, 99/22 и 3/25);

- Закон за квалитетот на амбиентниот воздух (Сл. весник на РМ, бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15, 146/15, 151/21, 3/25);
- Закон за управување со отпад (Сл. весник на РСМ бр. 216/21 и 3/25);
- Закон за заштита од бучава во животна средина (Сл. весник на РМ бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15, 151/21 и 3/25);
- Закон за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, 215/21 и 124/25);
- Закон за водите (Сл. весник на РМ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16, 151/21, 99/22 и 3/25);
- Уредба за класификација на површинските води (Сл.в. на РМ, бр.99/16, 246/18. 276/19, 256/21, 280/23);
- Закон за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (Сл. весник на РМ бр. 75/10);

и други законски и подзаконски акти.

- **Заштита на природното наследство**

Според Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план 2020-2029, (Сл весник бр.45/2020), предметниот плански опфат се наоѓа во третата заштитна зона на природното наследство во Охридскиот Регион. Во оваа зона се зафатени простори со непродуктивна намена (населби и др. градежно земјиште) и продуктивно земјиште (земјоделски поседи, пасишта и шуми) што се застапени меѓу котата 866 м.н.в. и надворешната граница на првата заштитна зона. Во оваа зона е дозволен развој на населбите, туризмот и инфраструктурата, но под посебни услови.

Согласно Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (Сл. весник на РМ бр. 75/10) управувањето со светското природно и културно наследство е од јавен интерес и се врши согласно одредбите и прописите доенесени врз основа на овој закон. Примената на мерките за за управување со светското природно и културно наследство не смее да доведе до влошување на состојбата со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион.

Сите мерки, стандарди и цели на животната средина, на заштита на природното и културното наследство се применуваат како минимални барања кои треба да се исполнат при управувањето со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион.

Републиката и органите на единиците на локалната самоуправа треба да преземат мерки за пронаоѓање, заштита, популаризација и пренесување на идните генерации на светското природно и културно наследство во Охридскиот регион со исклучително значење кое треба да се заштити како дел од општото наследство на целото човештво.

Управувањето со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион се остварува на начин преку кој се обезбедува: пронаоѓање, заштита, популаризација и унапредување на состојбата со природното и културно наследство во Охридскиот регион, пренесување на идните генерации на исклучителните вредности на светското природно и културно наследство во Охридскиот регион како дел од општото наследство на целото човештво, спроведување на научни истражувања и воспитно образовни активности, спречување на активности кои негативно влијаат на ислкучителните вредности на природното и културното наследство во Охридскиот регион и вклучување

на меѓународниот систем на соработка и помош со цел за меѓународна заштита на светското природно и културно наследство.

Забранети активности во заштитната зона III согласно Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план 2020-2029, (Сл весник бр.45/2020):

- Интензивно земјоделско производство со примена на арско, хемиско ѓубриво и пестициди кои ги загадуваат површинските и подземните води.
- Зголемување на урбаните опфати на населбите за не повеќе од 20%
- Изградба на инфраструктурни градби освен кога проектите се од јавен итерес и кога за нив се спроведува стратегиска оцена и/или оцена за влијание врз животната средина и социјалните аспекти, како и оцена на влијаниетоо врз културното наследство.
- Други активности што може да го нарушат пределот и да ги загрозат исклучителните вредности.

Согласно точката 9 од Заклучоците од 57-та Седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 23.3.2021 година бр. 40-3698/1 од 23.3.2021:

- Се препорачува општина Охрид, Општина Струга и Општина Дебарца во постапките на издавање на одобрение за градба, задолжително, покрај изводот од ДУП да издаваат и изводи од Планот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион.

Со Извештајот за СОЖС за Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4, УБ 4.4 и изработка на ДУП за УЗ 4, УБ 4.4, опфат 1, Општина Охрид за намалување на влијанието врз биодиверзитетот и природното наследство се препорачува:

- Почитување на Законот за урбано зеленило. Во планираните активности на планската документација вклучени се заштитни појаси за заштита на просторот. Овие објекти ќе имаат позитивно влијание на пределот од аспект на пејзажна и функционална компонираност и ќе делува како една осмислена урбанизирана целина. Сите овие активности ќе служат за зачувување и збогатување на амбиентот на просторот. Потребната површина за зеленило ќе се утврди со проектната документација во зависност од потребите за градбата. Во рамките на парцелата треба да се обезбеди најмалку 20% од површината градежна парцела за зеленило. Од вкупната површина на градежната парцела треба да се обезбеди најмалку 20% слободна неизградена површина за дворното земјиште со длабока почва, без каква и да е подземна градба, за подигање на високо дворно зеленило. Согласно Планот за зеленило на ДУПот за Уз 3,УН 4.4 опфат 1 даден во Прилог, предвидено е високо и ниско зеленило долж сообраќајницата и северната страна накај реката Далјан
- Примена на мерките за намалување на влијанијата врз водите, почвата, воздухот, управувањето со отпад, бучава, мерките за заштита од несреќи и хаварии индиректно ќе се ублажат негативни влијанија врз флората и фауната
- Обезбедување на соодветна инфраструктурна мрежа, особено водоводна и канализациона
- Регулација на коритото на река Далјан со цел да се заштити реката и Езерото од загадувања, да се спречи излевање и уреди речното корито
- Регулацијата на речното корито е наведена во подзаконските акти ”Крајбрежните и земјени зафати за заштита од ерозија и заради регулација на површински водни

тела" како инфраструктурен проект за кој задолжително се изработува оцена на влијание врз животната средина (студија/елаборат). Потребно е да се изработи писмо за намера и да се достави до МЖСПП и да се анализираат детални влијанијата од оваа активност врз животната средина

- Строго почитување на крајбрежен појас зад надворешна граница на регулационо корито со ширина од 3м од двете страни на речното корито на река Даљан, во согласност со донесена Одлука за определување крајбрежен појас на водотек река Даљан опфатена со измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 опфат 1 Од општина Охрид со бр.08-2489/31 донесена на 28.02.2025.Оваа одлука е донесена врз основа на Хидролошката студија и истата има добиено решение за согласност од МЖСПП на 12.2.2025.
- За да се избегнат негативните последици врз речниот екосистем, неопходно е да се преземат мерки за обновување на функционалноста на рипариските крајречните станишта. Подрачјата за ревитализација по течението на реката имаат најголем удел во подобрувањето на функционалноста на рипариските станишта. Оттаму се предлага во крајбрежниот заштитен појас од најмалку 3 метри од двете страни на регулираното корито на реката Далјан, засадување на дрвја како: белата топола (Populus alba L.), белата врба (Salix alba L.), кршливата врба (Salix fragilis L.), евлата (Alnus glutinosa (L.) Gaertn.) и црната топола (Populus nigra L.).
- За спречување на загадување на езерото при изведба на градежните работи се предлага:
  - Зафаќање на минимален простор за работа во речно корито;
  - Проверка на исправност на возила и механизација пред влез работа во близина на или во речно корито;
  - Спречување на непотребно задржување на возила и механизација во речно корито
  - Спречување на одложување на отпад во речно корито (отпад создаден од градежни активности во коритото) и негово изнесување надвор;
  - Спречување на внесување и/или складирање на опасни материјали во речно корито (садови со гориво, масти и масла и слично);
  - Планирање на времето на работа, со цел избегнување на чувствителните периоди од годината, како период на мрестење, миграција, развој на крајбрежна вегетација, гнездење на птици
  - Избегнување на непотребно расчистување на вегетацијата
  - Избегнување на расчистување на целата локација оддеднаш за да не се остави подлогата подолго време изложена на влијанија
- Следење и имплементирање на препораките пропишани во Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029) и мислењето на Комисијата
- Доколку при изработката на урбанистичко-планска документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата
- Обезбедување на соодветна документација за заштита на животната средина (студија за ОВЖС, Елаборат за заштита на животната средина) пред започнување со градба на објектите за кои согласно Закон за заштита на животна средина задолжително се изработуваат горенаведените документи

- Добра градежна пракса во конструктивна фаза на објектите и почитување на мерки кои произлегуваат од студија за ОВЖС / Елаборат за заштита на животната средина

Други мерки за заштита на биодиверзитетот и природното наследство се очекува да произлезат со подетална анализа на влијанијата која ќе произлезе од студиите за оцена на влијанието врз животната средина, елаборатите за заштита на животната на ниво на проект.

- **Аерозагадување и мерки за заштита**

За намалување на влијанијата врз квалитетот на амбиенталниот воздух и микроклимата од имплементација на предметниот план со Извештај за стратегиска оцена на животната средина за Измена и дополнување на Генерален урбанистички план за УЗ 4, УБ 4.4 Плански период 2024-2034 и изработка на Детален урбанистички план за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, опфат 1 Плански период 2024-2029 Општина Охрид се предвидуваат следните мерки:

- Почитување на законски барања за заштита на воздухот
- Да се осигура постоење ефект на разладување со соодветна ориентација на објектите, улиците и отворените простори, % на пропустливи површини но и со зачувување на односот меѓу висната на објектот и растојанието на објекттите и ширината на улицата
- При планирањето и изградбата на капацитетите приоритет да се дава на најдобро достапните техники и инсталации
- Избегнување на користењето на фосилните горива како енергетски ресурс;
- Третман на емисиите во воздух и контрола на емитерите
- Користење на обновливи извори на енергија онаму каде е возможно;
- Мониторинг на емисии на загадувачки материи во воздухот;
- Задоволување на потребите од енергија (електроенергија и гас како енергент за затоплување) преку адекватна и рационална инфраструктурна мрежа;
- Енергетска ефикасност на градбите
- За подобрување на квалитетот на воздухот на самиот опфат, на сите слободни површини да се предвидат зелени површини. Зеленилото да е најмалку 20% од парцела и да се овозможи богато хортикултурно уредување во рамки на парцелите, што претставува основа да се очекува дека тоа нема да придонесе кон значајни нарушувања на квалитетот на воздухот во поширокото подрачје или да доведе до климатските промени
- Обезбедување на соодветна документација за заштита на животната средина (студија за ОВЖС, Елаборат за заштита на животната средина) пред започнување со градба на објектите за кои согласно Закон за заштита на животна средина задолжително се изработуваат горенаведените документи
- Добра градежна пракса во конструктивна фаза на објектите и почитување на мерки кои произлегуваат од студија за ОВЖС / Елаборат за заштита на животната средина

- **Загадување на почвата и подземните води и мерки за заштита**

Загадувањето на почвите и подземните води во основа може да се намали доколку се превземат одредени мерки за заштита.

Секоја отпадна вода треба да се доведе во неутрална незагадувачка состојба, а потоа да се испушта во канализацијата.

Објектите мора да обезбедат систем за пречистување на отпадните води поради намалување на загадување на почвата, а со тоа и загадување на подземните води како и водите во реките.

Со заштита на водата од загадување, се решава проблемот на снабдување на населбите со чиста вода која претставува пресуден елемент за егзистенција на човекот. Согласно Законот за водите (Сл. весник на РМ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16, 151/21, 99/22 и 3/25) потребно е во планската документација да бидат вградени следните критериуми:

- Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите, забрането е, освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон, изградба на постројки и објекти во крајбрежните земјишта, односно нивната местоположба треба да биде надвор од крајбрежниот појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулирани водотеци;
- Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките;
- Изведувањето на објекти и постројки да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно-техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците;
- Да се преземат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции;
- Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, се забранува:
- да се вади песок, чакал и камен од речното корито за да не дојде до влошување на постојаниот режим на водите и да се предизвика ерозија или се оневозможи користење на водите.
- да се менува правецот на водотекот без согласност на Управата за Животна средина – Сектор за води.
- да се сечат дрва и друга вегетација од коритата и бреговите на водотеците, без одобрение.
- да се копаат прокопи и канали по должината на насипот на коритото поблиску од 10м од внатрешната страна и 10 м од надворешната страна на ножицата на насипот.
- за постоечките канали потребно е слободен пристап по 5 м лево и десно од надворешната страна на ножицата на насипот.
- потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од населени места и стопански комплекси, согласно Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води (Сл. Весника на Р.М. бр. 71/99) и Уредбата за категоризација на водотеците (Сл. Весник на Р.М. бр. 18/99 и 71/99).

Цврстиот отпад потребно е да се собира во контејнери за отпадоци, и да се врши нивно редовно евакуирање до депонија. Отпадоците од процесот на производство потребно

е да се собираат во посебни контејнери и повторно да се преработуваат. Со тоа ќе се спречи загадување на почвите и подземните води.

Во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Измена и дополнување на Генерален урбанистички план за УЗ 4, УБ 4.4 Плански период 2024-2034 и изработка на Детален урбанистички план за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, опфат 1 Плански период 2024-2029 Општина Охрид се предвидуваат следните мерки:

- За објекти кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти кои поминуваат преку или под површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите, инвеститорите имаат обврска да обезбедат водостопанска согласност за изградба на објекти
- Да се обезбеди Дозвола за испуштање во водите на правни и физички лица, вклучувајќи ги и органите на државна управа и општините, кои испуштаат отпадни води или испуштаат или фрлаат материи и супстанци во реципитиентите, под услови и на начин утврдени со Законот за водите како и Дозвола за користење на подземните води издава Министерството за животна средина и просторно планирање.
- Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките
- Регулацијата на речното корито е наведена во подзаконските акти ”Крајбрежните и земјени зафати за заштита од ерозија и заради регулација на површински водни тела” како инфраструктурен проект за кој задолжително се изработува оцена на влијание врз животната средина (студија/елаборат). Потребно е да се изработи писмо за намера и да се достави до МЖСПП и да се анализираат детални влијанијата од оваа активност врз животната средина
- Изведувањето на објекти и постројки да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно-техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците;
- Да се преземат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции
- Регулација на коритото на река Далјан со цел да се заштити реката од загадувања, да се спречи излевање и уреди речното корито; крајбрежниот појас да се озелени со автохтони видови на дрва (врба, топола и сл.)
- Строго почитување на крајбрежен појас зад надворешна граница на регулационо корито со ширина од 3м од двете страни на речното корито на река Даљан, во согласност со донесена Одлука за определување крајбрежен појас на водотек река Даљан опфатена со измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 опфат 1 од општина Охрид со бр.08-2489/31 донесена на 28.02.2025
- Задоволување на потребите од водоснабдување (санитарна и техничка вода за поливање и противпожар) преку адекватна и рационална инфраструктурна мрежа
- Адекватно и рационално прифаќање на отпадните води (фекални и атмосферски одделно) преку адекватна и рационална инфраструктурна мрежа;
- Соодветен третман на фекалните и другите отпадни води во пречистителни станици (поединечно за секој корисник или групни по договор)
- За време на изведба на градежните зафати задолжително да се контактира Техничката служба од ЈП “Водовод” – Охрид

- За комерцијалните објекти да се изработи План за управување со отпад;
- Обезбедување на соодветна документација за заштита на животната средина (студија за ОВЖС, Елаборат за заштита на животната средина) пред започнување со градба на објектите за кои согласно Закон за заштита на животна средина задолжително се изработуваат горенаведените документи
- Добра градежна пракса во конструктивна фаза на објектите и почитување на мерки кои произлегуваат од студија за ОВЖС / Елаборат за заштита на животната средина

Други мерки за спречување и контрола на емисии во води се очекува да произлезат со подетална анализа на влијанијата која ќе произлезе од студиите за оцена на влијанието врз животната средина, елаборатите за заштита на животната на ниво на проект.

Со доследно спроведување на мерките предвидени за води, ќе се спречи било какво загадување на почвата во самиот плански опфат надвор од него.

Во време на градежните активности потребно е контролирано и внимателно отстранување на површинскиот слој од почвата, да не се вршат поголеми ископи од планираните, како и вишокот на земја да се искористи повторно. Градежниот шут ако може да се употреби за тампонирање, а во случај да треба да се отстрани, истиот да се собере, транспортира и одложи на за таа цел посебно место на депонија. Во оперативната фаза треба да се забрани фрлање и неконтролирано одлагање на отпад. Се предлага мерките за заштита на почвата да се вградат во Оперативен план, кој ќе биде подготвен од експерт од таа област и воведување на строг и перманентен мониторинг на спроведување на планот.

- За подобрување на состојбата со почвите на самиот опфат, на сите слободни површини да се предвидат зелени површини. Зеленилото да е најмалку 20% од парцела и да се овозможи богато хортикултурно уредување во рамки на парцелите, што претставува основа да се очекува дека тоа нема да придонесе кон значајни нарушувања на почвите во поширокото подрачје.
- Обезбедување на соодветна документација за заштита на животната средина (студија за ОВЖС, Елаборат за заштита на животната средина) пред започнување со градба на објектите за кои согласно Закон за заштита на животна средина задолжително се изработуваат горенаведените документи
- Добра градежна пракса во конструктивна фаза на објектите и почитување на мерки кои произлегуваат од студија за ОВЖС / Елаборат за заштита на животната средина

- **<u>Извори на бучава и мерки за заштита</u>**

Доколку содржините предвидени со планот претставуваат извори на штетна бучава, потребно е истите да бидат усогласени со "Одлуката за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава" (Сл. весник на Р.М. бр. 1/09 и 38/13), според која ке се одреди максимално дозволено ниво на бучавост во зависност од намената на објектот и содржините во непосредна близина на тој објект и нивната оддалеченост од истиот.

Со Извештајот за СОЖС за Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4, УБ 4.4 и изработка на ДУП за УЗ 4, УБ 4.4, опфат 1, Општина Охрид се предвидуваат следните мерки за спречување и намалување на бучава:

- Урбанистички планови да обезбедат спроведување на мерки и услови за заштита од бучава преку оптимален распоред на функциите во просторот, кои се однесуваат на инфраструктурата, индустриските, станбените, рекреативните и други објекти и да се планираат тивки зони со утврдување посебен режим на користење на тивките зони;
- Доколку се планираат дискотеки, ноќни барови и други објекти за забава и рекреација да се поставуваат на локации оддалечени од станбени објекти, согласно законските прописи. Согласно Член 31 од Правилникот за минимално технички услови за вршењена угостителска и туристичка дејност и условите за категоризација на туристичката понуда диско клубот на отворен простор треба да биде оддалечен од станбените објекти во радиус од најмалку 300 m воздушна линија;
- Да се изведуваат градби, кои ги задоволуваат стандардите за заштита од бучава што се однесувааат на вградување на соодветна звучна изолација во градбите со цел бучавата и изворите на бучава во работните простории и просториите за престојување на луѓе да се сведе во рамките на граничните вредности на ниво на бучава од соседството;
- Да се вгради или постави соодветна звучна изолација на градбите во кои постојат работни простории и простории за престојување на луѓе, а се јавуваат како извори на бучава;
- При градба на објектите задолжително да се применуваат специјални прозори за заштита од бучава, врати, ролетни, звучно изолациони ѕидови, кровови и сл. Инсталирањето на овој вид заштита ќе даде голем допринос во намалувањето на бучавата во објектите, а од друга страна ќе даде допринос во намалување на загубите на топлинска енергија. Примената на овие мерки најмногу ќе допринесе за намалување на бучавата во внатрешните простории на станбените објекти. Целите на заштита ќе бидат постигнати така што интензитетот на бучава во просториите ќе биде 40 dB(A) во текот на денот и 30 dB(A) во текот на ноќта.
- Доколку содржините предвидени со планот претставуваат извори на штетна бучава, потребно е истите да бидат усогласени со "Одлуката за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава" (Сл. весник на Р.М. бр. 1/09 и 38/13), според која ќе се одреди максимално дозволено ниво на бучавост во зависност од намената на објектот и содржините во непосредна близина на тој објект и нивната оддалеченост од истиот.
- Се препорачува во иднина при планирање на просторот и користење на земјиштето и при издавање решенија за пренамена од станбен во деловен простор и дозволи за работа особено на угостителски објекти, целосно вклучување на сите релевантни надлежни органи, подетални инспекциски надзори, почитување и имплементација на законската регулатива во сите сегменти на работа.
- За спречување на бучава, на сите слободни површини особено околу сообраќајниците да се предвидат зелени површини. Зеленилото да е најмалку 20% од парцела и да се овозможи богато хортикултурно уредување во рамки на парцелите.
- Обезбедување на соодветна документација за заштита на животната средина (студија за ОВЖС, Елаборат за заштита на животната средина) пред започнување со градба на објектите за кои согласно Закон за заштита на животна средина задолжително се изработуваат горенаведените документи

- Добра градежна пракса во конструктивна фаза на објектите и почитување на мерки кои произлегуваат од студија за ОВЖС / Елаборат за заштита на животната средина

Други мерки за спречување и контрола на емитување на бучава се очекува да произлезат со подетална анализа на влијанијата која ќе произлезе од студиите за оцена на влијанието врз животната средина, елаборатите за заштита на животната на ниво на проект.

8.2. Мерки за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи во мир и во војна и од воени дејства

Врз основа на член 29 од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, 215/21 и 124/25), за предметната планска документација се предвидуваат мерки за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи во мир и во војна и од воени дејства во републиката.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се превидени со овој закон.

Во урбанистичко-технички мерки спаѓаат:

- засолнување
- заштита и спасување од поплави
- заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
- заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства
- заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и
- спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:

- евакуација
- згрижување на загрозеното и настраданото население
- радиолошка, хемиска и биолошка заштита
- прва медицинска помош
- заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
- заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
- асанација на теренот.

- **Засолнување**

Република Северна Македонија има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата за заштита и спасување врз основа на геолошко-хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

- **Заштита и спасување од поплави**

Заштита и спасување од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Во рамките на планскиот опфат се наоѓа река Далјан, која е планирано да има регулирано корито, чиј профил е даден во графичките прилози од планската документација.

- **Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи**

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарни возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 3.5m со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила. Сообраќајницата и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0cm и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

Согласно член 54 од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, 215/21 и 124/25) во функција на уредување на просторот задолжително се обезбедува:

1) изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства
2) обезбедување на противпожарни пречки
3) изградба на објекти за заштита
4) изградба на потрена инфраструктура.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат би изнесувал од 5 до 10 мин.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, 215/21 и 124/25).

Со планирањето на хидрантската мрежа да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни

објекти и уреди со кои водат од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведеува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

Согласно член 76 од Законот заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, 215/21 и 124/25), Јавното претпријатије што стопанисува со водоводната мрежа во градот е должно да изработи основни решенија на улична хидратанска мрежа во сите делови на градот така и во планскиот опфат која е предмет на планската документација. Притоа треба да се испочитуваат одредбите од Правилникот за техничките нормативи за хидрантската мрежа за гаснење пожари (Сл.весник на РМ бр.26/18), а посебно:

- минималниот пречник на разводните цевководи за надворешна хидрантска мрежа да е мин.100mm.
- Растојанието помеѓу хидрантита да изнесува најмалку 80 метри, освен каде има претежно станбени објекти, каде може да изнесува 150 метри. Растојанието на хидрантите од ѕидот на објектот изнесува најмалку 5,а најмногу 80 метри.
- за надворешна хидрантска мрежа се изработува прстенест систем на цевководи, а по исклучок и „слеп цевковод“ за објекти со пожарно оптоварување до 1000 MJ/m2, за должина до 180m.
- Минималниот притисок во мрежата треба да биде 2,5 бари на местото на потрошувачката,а ако овој услов не биде исполнет се вградува уред за зголемување на притисокот на водата

Согласно член 54 став 1 алинеја 4 од Законот за заштита и спасување, на потребните места се предвидуваат противпожарни пречки.На објектите ќе се изврши правилен избор на вградените материјали и применети конструкции од аспект на заштита од пожари,експлозии и опасни материи.

Согласно Правилникот за мерките за заштита од пожари,експлозии и опасни материи (Сл.весник на РМ бр. 231/20) овозможен е непречен пристап за пожарните возила од најмалку две спротивни страни на објектите.

При изработка на основните проекти на предвидените градби во рамките на планскиот опфат да се предвиди громобранска инсталација со цел да нема појава од зголемено пожарно оптеретување.

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозиии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарниапарати, според пропишани срандарди. Уредите, инсталацииите, опремата и средствата од ставот 1 на овој член, задолжително треба да се наоѓаат на одредеди места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележени и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, 215/21 и 124/25) член 70, инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција - пренамена е должен да изготви посебен елаборат за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеност ана мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни

материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Одредбата од ставот 1 на овој член ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.

За објектите на кои не се однесува одредбата на овој член се применуваат важечките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

- **Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства**

Согласно Законот за заштита и спасување, Правилникот за техничките нормативи за хидрантската мрежа за гаснење пожари, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање на неексплодирани убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното иуредено место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.

Стандардните оперативни процедури за заштита и спасување од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

- **Заштита и спасување од урнатини**

За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичко планирање превземени се следните мерки:

- најмало растојание на од градежната линија до следната градежна линија е 10,00м, на коридорот на улиците;
- при рушење објектот ја зафаќа H/2 од површината околу себе, односно растојанието до соседниот објект е поголемо или еднакво на H/2.
- сообраќајната мрежа нема да биде оптеретена со урнатини и ќе има можност за пристап на возила за пожар, прва помош и т.н.

Просторот на предметниот плански опфат се наоѓа во зона на очекувани земјотреси од 9 степени по Меркалиева скала, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзинстентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на новите објекти.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичко проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

- **Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи**

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширока животна средина потребно е одржување на опремата и исталациите, зарди сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси заради одбегнување на технолошките катастрофи, ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми идустриски акциденти и заштита на животната средина во смисол на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи или последици од пожар и експлозии.

Услови за заштита испасување од техничко-технолошки несреќи:

- Потребно е да се предвидат превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- потребна е замена на халогенираните јаглеводороди како разладни средства и пропеланти, редукција на сегашната емисија на голем број на опасни супстанци и редукција на емисија на бензин, хлорометан, духлоретан, бакар и кадмиум, намалување на емисијата на јаглерод диоксид и сулфур-диоксид и дефосфатизирање и денитрифицирање на отпадниот материјал
- изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

- **Заштита и спасување од сообраќајни несреќи.**

Планираната улична мрежа за **Измена и дополнување на генерален урбанистички план за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, Општина Охрид, плански период 2024-2034** е планирана по принцип на хиерархиска функционална класификација од примарна и секундарна мрежа. Во предметниот план е предвидена примарна мрежа која е преземена од важечкиот ГУП и усогласена со важечката регулатива.
Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.
Временскиот рок за дејствување на возилата за прва помош зависи од оддалеченоста на најблиската болница , која за овој плански опфат изнесува од 5 до 10 мин.
Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат би изнесувал од 5 до 10 мин.

- **Евакуација**

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.

Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време.

На површината на предеметниот плански опфат се предвидени зони од групи на класи на намена А – домување и престој и Б – комерцијални и деловни намени, евакуацијата би се вршела на жителите, вработените и посетителите, како и на материјалните добра.

- **Згрижување на загрозеното и настраданото население**

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.

- **Радиолошка, хемиска и биолошка заштита**

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите заради радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Надлежните субјекти потребно е да преземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа:

- РХБ извидување на територијата
- дозиметриска контола
- детекција на РХБ агенси присутни на одредено подрачје
- лабораториско испитување на видот, концентрацијата, својствата и другите карактеристики на РХБ контаминентите.

- **Прва медицинска помош**

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените итранспорт до најблиските здравствени установи.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош за овој плански опфат би изнесувал 5-10 минути.

- **Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло**

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, епизоотии и други несреќи.

Превентивните мерки за заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло ги спроведуваат надлежни органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболен и контаминиран добиток со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветните ветеринарни установи.

- **Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло**

Заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, епифитотии, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминациај и други видови на загрозување.

Превентивните мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежни органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

- **Асанација на теренот**

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите како и аснација на објектите за водоснабдување.

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Евентуалните отпадоци од некој процес на производството потребно е да се собираат во посебен контејнер. Со тоа ќе се спречи загадување на почвите и на подземните води, а со тоа на животната и работната средина воопшто. Денешниот степен на развиток на сите научни гранки на техниката и хемијата, апсолутно овозможува здрав и чист животен амбиент, бидејќи може да се прочисти готово секој вид на отпадна вода. Со прочистување на отпадната вода, како и со заштита на водата од загадување, се решава проблемот на снабдување на стопанството и населбите со чиста вода. Со тоа се решава и прашањето на водата како елемент на животната средина, пресуден за егзистенција на човекот.

Носителите на одделните активности за асанација на теренот ќе се утврдуваат според надлежноста на предметниот опфат.

8.3. Мерки за одржлива мобилност и безбедност во сообраќајот

Изработката, донесувањето и спроведувањето на урбанистичките планови цели кон надминување на урбаните бариери и обезбедување на функционална пристапност и подвижност на земјиштето за општа употреба, јавните простори, до и во градбите за сите граѓани, а особено за лицата со инвалидитет и лицата со намалена подвижност, поради што се утврдуваат мерки и плански решенија и одредби.

Мерките за пристапност и проодност во рамки на овој урбанистички план се однесуваат на сите јавни сообраќајни и други пешачки површини на земјиште за општа употреба.

Површините за движење на пешаците на земјиште за општа употреба, освен ако тоа е неизбежно заради околностите на теренот, не треба да имаат денивелации, препреки, објекти, инсталации и опрема што може да ја попречи или намали пристапноста и проодноста на јавните пешачки простори и пристапот до градбите за јавна упореба и влезовите до станбените згради.

При спроведување на урбанистичкиот план, задолжително се предвидува превладување и отстранување на сите постојни денивелации, препреки, обекти, инсталации и опрема што ја попречуваат или намалуваат пристапноста и проодноста на јавните пешачки простори и пристапот до сите видови на пешачки површини на земјиште за општа употреба.

Во процесот на спроведување на урбанистички планови не може да се поставува масивна урбана опрема, сезонска угостителска опрема, какви било прегради, кострукции, платформи, надградени денивелирани подови, скали, конструкции за наткриени тераси од угостителски намени, паркинг места или други опреми, инсталации, предмети или градби што ќе преставуваат архитектонски и урбани бариери за движење за лицата со инвалидност и намалена подвижност и што ќе го стеснуваат пропишаниот слободен профил за движење на тротоарот.

Површините за движење на пешаците каде што теренот е во наклон треба да се со континуирана нивелета, без скалести денивелации со пожелен подолжен наклон до 5% или во однос 1:20, а во исклучителни случаи со подолжен наклон најмногу до 8.33% или во однос 1:12. Доколку јавните површини се на големи висински разлики кои мора да се совладаат со скали, треба да се предвиди алтернативна врска со рампа со најголем подолжен наклон од 5% (однос 1:20), а во исклучителни случаи до 8,33% (однос 1:12).

Рампата треба да се димензионира за двосмерно движење на лица со колички при што нејзината најмала широчина треба да се 1,65m, а оптималната широчина треба да е 1.80m. Во зависност од наклонот на рампата ограничена е нејзината должина и тоа за:

- наклон од 8,33% или во однос (1:12), максимална должина на рампата е 9,00m
- наклон од 6,66% или во однос (1:15), максимална должина на рампата е 12,00m
- наклон од 5,0% или во однос (1:20), максимална должина на рампата е 15,00m

Во случаите кога е неопходна поголема должина на рампите, треба да се планираат одморишта чија што најмала должина треба да се 1,5m, а оптимална должина треба да е 1,80m.

Најголем попречен наклон на тротоарите и другите пешачки патеки што е нормален на смерот на движењето и оската на патеката изнесува 2%.

При спроведувањето на урбанистичките планови треба да се предвидуваат рампи на секој пешачки премин за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот. Овие рампи по правило треба да се изведат со специјални закосени елементи од рабниците кои се изведуваат без вертикална денивелација до нивото на коловозот и во широчина на целиот пешачки премин. Најголемиот наклон на овие рампи треба да биде 8,33% (однос 1:12), а доа толку е технички неизведливо по исклучок наклонот може да се најмногу 10% (однос 1:10).

Поради обезбедување на непречено движење на лицата со инвалидитет и на лицата со намалена подвижност по јавните тротоари од уличната мрежа, најмалата пожелна широчина на тротоарите треба да биде 2,40m која се добива со додавање на просторни модули за исполнување на минималниот услов за разминување на лица во инвалидска количка – 90cm, пешак - 75cm, заштитен простор до ограда или зграда - 25cm и заштитен појас до коловоз - 50cm.

Во ислкучителни случаи кога пешачката патека не граничи со коловоз и/или нема појас за урбана опрема, најмалата широчина на патеката може да биде 1,90m (90cm + 75cm + 25cm).

Апсолутен минимум на широчина на пешачка патека кој е дозволен само за патеки кои што од двете страни се опкружени само со треба или друга слободна површина и немаат никаква урбана опрема е 1,65cm (90cm + 75cm).

Во коридорот на основните пешачки движења кој за најмалата широчина на тротоар или пешачка патека изнесува 1,65cm (90cm + 75cm), не може да се постават елементи од урбана опрема или други подвижни препреки и сезонска опрема како што се рекламни паноа, угостителска опрема, канти за ѓубре и сл.

Делови од градбите што се непосредно долж тротоарите и пешачките патеки, како што се надстреи, конзоли, инсталации, опрема и слично, како и елементите од урбаната опрема и долните делови од крошната на дрвјата мораат да бидат издигнати најмалку 2,50m во однос на котата на пешачката површина, колку што изнесува висината на пешачкиот просторен модул.

При спроведувањето на урбанистичкиот план задолжително треба да се предвидат специјално димензионирани обележани паркинг места за возила што ги користат лицата со инвалидност и намалена подвижност. Местата за паркирање да ги исполнат следните услови:

- најмалата дозволена димензија на местото да е 3,70/5,00m
- доколку парикралиштето не е изведено во исто ниво со тротоарот или со пристапната пешачка патека до него, тогаш излезот од паркиралиштето се обезбедува со пешачка патека или рампа со наклон не поголем од 5%, а во исклучителни случаи со максимален наклон до 8,33% и минимална широчина од 1,40m
- паркинг местата се потавуваат најблиску до влезовите на блиските градби или до вертикалните комуникации
- паркинг местото мора секогаш да биде планирано, проектирано и изведено во хоризонталната нивелета, а никогаш во правецот на подолжниот нагиб
- паркинг местото може да има попречен нагиб од најмногу 2%.

Бројот на местата за паркирање се планираат според следните стандарди:

- за јавни гаражи, јавни паркиралишта, градби за јавна употреба и станбени и станбено-деловни згради со десет и повеќе станови – најмалку 3% од вкупниот број места за паркирање, но не помалку од едно паркинг место
- на јавни паркиралишта со помалку од 20 места што се наоѓаат блиску до амбуланта, аптека, основно училиште, детска градинка, продавница за прехранбени производи и слично, најмалку едно паркинг место
- на паркиралишта на бензинските пумпи, ресторани и мотели покрај магистралните и регионалните патишта 3% од вкупниот број на менста за паркирање, но не помалку од едно паркинг место

- на паркиралиштата на болниците, здравствените домови, домовите за стари и други здравствени и социјални установи, најмалку 5% од вкупниот број места за паркирање, но не помалку од 2 паркинг места.

Димензионирањето на уличниот тротар е во функција на сообраќајната и на социјалната урбана функција на тротоарот, при што уличниот тротоар пешачката улица треба ги содржи просторните модули што ги подржуваат човечките активности, како што се:

- движење и шетање
- комуницирање
- изведување уметнички, , културни и социјални настани и манифестации,
- релаксација,
- купување и тргување,
- прехрана
- други видови на урбана социјализација.

Попречниот профил на тротоарот се состои од четири структурни дела што треба да ги обезбедат непречено сите вункции на тротоарот:

1. зона за непречено движење на луѓето
2. зона на излози и услуги
3. зона на урбана опрема
4. заштитна зона

Зоната за непречено движење на луѓето служи за движење на пешаците и таа не може да биде попречена со никакви бариери од времен или постојан вид, комунална опрема, сезонска угостителска опрема или урбана опрема и мебел.

Зоната на излози и услуги се протега долж регулационата линија и фроното на изградени градби и фасади, излози и влезови и служи за застанување, влегување, излегување, купување и тргување. Во оваа зона се поставуваат надворешните излози, тезги, гондоли за продавање, фрижидери и друга трговска опрема, а дококу зоната е специјализирана за угостителски услуги во неа се поставуваат надворешните маси и столчиња, при што секоја дозволена опрема што се поместува во оваа зона мора да е подвижна и да се евакуира на дневно или сезонско ниво.

Зоната на урбана опрема се дели на зона на статична јавна и комунална опрема и слободна заштитна зона на рабникот. Во зоната за урбана опрема се поместуваат сите елементи од урбаната опрема како што се столпчиња за регулирање на сообраќајот, столбни светилки и сообраќајни, информативни и комерцијални знаци и билборди, како и елементи од урбаниот мебел како што се клупи, корпи за смет, и друго. Во оваа зона се сместуваат и дрворедните садници, саксиско зеленило во жардинери и слично.

Заштитна зона е просторен појас што се поставува за заштита на пешаците во двете гранични зони на тротоарот – до коловозот и до регулационата линија односно до оградите и градбите изградени на неа и во неа не може да има никаква урбана опрема.

Велосипедскиот сообраќај се планира во рамките на профилите на уличната мрежа, освен кај брзите магистрали каде што тоа е можно со одвоени патеки, но и во рамките на пешачки улици, патеки и простори кои се вон системот на уличната мрежа , како и во самостојни велосипедски улици и патеки.

Кога велосипедскиот сообраќај се планира во состав на профил на улица, велосипедскиот сообраќај се одвива на:

1. велосипедски ленти, кои се на нивелетата на коловозот и негов посебен дел што е посебно означен со хоризонтална сигнализација
2. велосипедски ленти, кои се на нивелета на тротоарот поставен до коловозот како негов посебен дел што е посебно означен со хоризонтална сигнализација
3. велосипедски патеки, кои се самостојни делови од профилот на улицата, поставени помеѓу коловозот и тротоарот, со денивелација и во однос на коловозот и во однос на тротоарот, со или без разделно зеленило од нив.

Велосипедските ленти и патеки можат да бидат едно и двонасочни, поставувани од едната или од обете страни на улицата, и се димензионираат согласно просторните профили:

1. широчина на просторен профил за еден велосипед изнесува 0,60m со профили за маневрирање од двете страни од 0,20m што изнесува вкупно 1,00m
2. заштитно растојание помеѓу просторниот профил за велосипед и огради, урбана опрема или зеленило е 0,25m
3. заштитно растојание помеѓу просторниот профил за велосипед и коловоз или лента за моторен сообраќај е од 0,25 – 0,75m за брзини на моторниот сообраќај од 40-70 km/h, а 0,75m доколку до работ на коловозот се планира надолжно паркирање на возила

Велосипедскиот сообраќај се димензионира во профилот на улицата со просторни модули кои изнесуваат за:

1. едносмерна лента (патека) најмалку 1,50m, а оптимално 1,75m
2. двосмерна лента (патека) најмалку 2,50m, а оптимално 3,00m

При планирањето на велосипедската сообраќајна инфраструктура се предвидуваат и простори за паркирање на велосипедите што се поставуваат во појасот на комуналната опрема на тротоарот, со просторен модул со широчина од:

- 0,8m за поставување а еден велосипед долж тротоарот
- 1,2m за поставување на два велосипеди (паралелно) долж тротоарот и
- 1,8m за поставување на велосипедите попречно на тротоарот

8.4. Заштита на недвижното културно наследство

Целта на планирањето за заштитата, особено кога се работи за регион кој е светско наследство, е да се даде приоритет на зачувувањето на постојните историски градби со нивниот контекст. Новите градби се потребни за воспоставување функционален и архитектонски континуитет и треба да го изразат духот на денешницата со дизајн темелен на јасна и системска анализа на историската морфологија на постојните урбани градби и нивната функција.

Недвижното културно наследство, без оглед дали е во прашање заштитен регион, градителска целина или поединечен објект, како заедничко светско културно богатство кое припаѓа на целото човештво, треба да се третираат на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или поширокото подрачје и потенцирање на неговите градежни обликовни и естетски вредности.

На барањето за податоци и информации до Министерство за култура – Управа за заштита на културно наследство, добиен е одговор со допис бр. 17-1519/2 од 09.04.2024

година во кој се вели дека планскиот опфат се наоѓа во непосредна близина на археолошките локалитети Хермелеја и Козлук, како и претставува дел од природното и културното наследство на Охридскиот регион заштитен од УНЕСКО за кој има изработено План за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020-2029).

Од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Охрид, добиен е допис со бр. 13-613/2 од 28.05.2024, во кој известуваат дека во рамките на планскиот опфат нема познати или евидентирани споменици на културата или археолошки локалитети.

Но дека планскиот опфат согласно со оддел 9.2.2. Мерки за заштита на културното наследство во Охридскиот Регион согласно Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020-2029), опфатот се наоѓа во третатата заштитна зона за културно наследство, подзона IIIa.

Третата зона е простор со поретка концентрација на културно наследство, а во конкретниот опфат нема познато или видливо култрурно наследство, па може да се предвидат интервенции согласно развојните стратегии на Општина Охрид, со придржување на основните начела на заштита на културното наследство и културниот предел со примена на мерката на урбана реконструкција, односно воспоставување на состојба која ќе ги пододбри условите за живеење и работа со изградба на нови градби кои ќе ги почитуваат амбиенталните каратктеристики со традиционалните форми и карактеристики на пејзажот и хармонијата со целината.

Новите градби во третата урбана зона треба да исполнат специфични аспекти со кои ќе бидат испочитувани културните вредности и традиции на историската област како и условите на постојните структури. Во таа смисла, се забранува окрупнување односно создавање вештачка комбинација на неколку парцели за да се изгради голема градба.

Новите градби во оваа зона треба да имаат:

- Ритам кој е во хармонија со урбаниот и морфолошкиот образец на околните градби доколку се поединечно заштитено добро или поседуваат амбиентални вредности
- Габарит кој е усогласен со контекстот и не ја нарушува визуелната перцепција кон целината Старо градско јадро
- Силуета која го почитува традиционалниот локален карактер и силуетата на просторот каде се градат
- Висок квалитет на градба и дизајн, кој се постигнува со особено внимание на пропорциите.

Забранети активности во заштитната зона IIIa, согласно Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020-2029) се:

- Интензивно земјоделско производство со прекумерна употреба на пестициди/ ѓубриво кои загадуваат
- Изградба на објекти повисоки од П+4 ката и поголем процент на изграденост од 50%
- Други активности што може да го нарушат пределот и да ја загрозат исклучителната вредност.

Согласно Извадокот од Нацрт записникот од 187-та Владина седница во Точка 31: Информација за потребата од преземање на итни мерки за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, во птточка 18 се

задолжува Министерството за транспорт и врски, а им се укажува на Општините, сите урбанистички плански документации од пониско ниво кои ќе се изработуваат врз основа на ова Измена и дополнување на ГУП да ги доставуваат до комисијата за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, на мислење уште во фаза на предлог опфат, односно пред да бидат усвоени од општинската Комисија за урбанизам и инкорпорирани во годишната програма за изработка на урбанистички планови

Согласно чл. 65 и 129 од Законот за заштита на културното наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18, 20/19, 3/25 и 160/25) при спроведување на планот, односно пред извршување на земјени работи и друг вид на ископ при спроведување на планот, да се пријави почеток до НУ Завод и Музеј Охрид поради можноста да се наиде на случајни откритија на движни и недвижни археолошки артефакти и согласно чл. 67 од истиот акон да се определи континуиран археолошки надзор од страна на стручно лице – археолог, додека се изведуваат земјени работи од кои ќе се состави извештај во кој ќе се дадат понатамошни смерници во постапката.

8.5. Мерки за озеленување на населбите и животната средина

Остварувањето на целите на урбанистичкото планрање треба да се обезбеди со планирање на простори, подрачја и градби во живо зеленило, односно со планирање на зелената урбана инфраструктура во урбанистичките планови. Така се обезбедува подобрување на многу аспекти од животот во населените места.

Во системот на урбани зелени инфраструктури во населените места, основни категории на зелените површини се:

- јавни зелени површини
- зелени површини со ограничена намена и
- зелени површини со специјална намена

Во рамките на планскиот опфат на Измена и дополнување на ГУП за УЕ 4, УБ 4.4, Општина Охрид, се предвидува зеленило кое припаѓа на категоријата јавни зелени површини и зелени површини со ограничена намена, односно локално парковско и пејзажно зеленило и заштитно и сообраќајно зеленило.

НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

Нумерички показатели од планските решенија

Површини по намена на земјиштето и нивната процентуална застапеност во однос на вкупната површина во планското решение:

	Биланс на површини по намени за Урбан блок 4.4 (P=146927.01m² - 14.69ха)						
	НАМЕНИ	А - домување и престој	Б-комерцијални и деловни намени	Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило	Д5 - полуприродни зелени хабитати (река Далјан)	Е1 - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	Вкупно
	[m²]	76265.04	14495.80	21798.70	16552.74	17814.73	146927.01
	[%]	51.91	9.87	14.84	11.27	12.12	100.0


Споредбени показатели

Површини по намена на земјиштето и нивната застапеност во однос на вкупната површина од постојната состојба и планското решение:


Намена на земјиштето	Постојна состојба		Планско решение	
	m²	%	m²	%
А – домување и престој	6248.49	4.25%	76265,04	51,91
Б –комерцијални и деловни намени	/	/	14495,80	9.87%
Д2 – заштитно и сообраќајно зеленило	15321.51	10.43%	21798,70	14.84%
Д5 – полуприродни зелени хабитати (река Даљан)	11857.84	8.07%	16552,74	11,27%
Е1 – сообраќајнилиниски и други инфраструктури	11788.11	8.02%	17814,73	12,12%
Неизградено земјиште	101711.06	69.23%	/	/
ВКУПНО	**146927.01**	**100.00%**	**146927.01**	**100%**

Карактеристични пресеци на улици


Магистрални улици



ПРЕСЕК 1-1 магистрална улица
М1 - Булевар Туристичка




ПРЕСЕК 1а-1а магистрална улица
М1 - Булевар Туристичка



ПРЕСЕК 1б-1б магистрална улица
М1 - Булевар Туристичка (променлив профил)


Собирна улица



ПРЕСЕК 2 - 2 собирна улица
С8 - ул. Распаќе

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА – ГРАФИЧКИ ДЕЛ

	Биланс на површини по намени за Урбан блок 4.4 (P=146927.01m² - 14.69ха)						
	НАМЕНИ	А - домување и престој	Б-комерцијални и деловни намени	Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило	Д5 - полуприродни зелени хабитати (река Даљан)	Е1 - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	Вкупно
	[m²]	76265.04	14495.80	21798.70	16552.74	17814.73	146927.01
	[%]	51.91	9.87	14.84	11.27	12.12	100.0



Измена и дополнување на ГУП за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, Општина Охрид планski период 2024-2034 - нацрт план-


ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ 146927.01m² (14.69ха)
- Граница на Урбана заедница
- Граница на блок 4.4
- Б 4.4 — Ознака на блок
- Граница на планski опфат за детално планирање 29967.75m² (3.00ха)
- РП — Граница на наменска зона
- Регулациона линија
- Елементи на сообраќајница
- Осовина на коловоз

Намена на зони

- А - Домување и престој
- Б - Комерцијални и деловни намени
- Д - Зеленило, рекреација и меморијални простори
  - Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило
  - Д5 - Полуприродни зелени хабитати (река Даљан)
- Е - Инфраструктури
  - Е1 - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури

ПЛАН НА НАМЕНА



Arhitektor

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И УСЛУГИ
АРХИТЕКТОР ДООЕЛ СКОПЈЕ

БУЛ.9-МИ СЕПТЕМВРИ БР.41-2, СКОПЈЕ
ЛИЦЕНЦА БР.0112

ДОНЕСУВАЧ:
Општина Охрид

План:
Измена и дополнување на генерален урбанистички план за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, Општина Охрид планski период 2024-2034

ПРИЛОГ:
ПЛАН НА НАМЕНА


ПЛАНЕР ПОТПИСНИК:
Ивана Стоилковска, д.и.а.овластување бр. 0.0441

ПЛАНЕРИ:
Никола Транталовски, д.и.а. овластување бр.0.0662
Благица Атанасова, д.и.а. овластување бр.0.0743

СОРАБОТНИЦИ:
Бојана Симоновска, м.и.а. Александар Камшиговски, м.и.а.
Кирил Чеботарев м.и.а.

УПРАВИТЕЛ:
НИКОЛА ТРАНТАЛОВСКИ, дипл. инж. арх.

ТЕХ. БРОЈ:	ДАТУМ:	РАЗМЕР:	ЛИСТ БР.:
05-07/2023	март, 2026	1:2500	1



Измена и дополнување на ГУП за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, Општина Охрид плански период 2024-2034 - нацрт план-

ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ 146927.01m² (14.69ха)
- Граница на Урбана заедница
- Граница на блок 4.4
- Б 4.4 — Ознака на блок
- Граница на плански опфат за детално планирање 29967.75m² (3.00ха)
- Граница на наменска зона
- РП — Регулациона линија
- Елементи на сообраќајница
- Осовина на коловоз


Д - Зеленило, рекреација и меморијални простори

- Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило
- Д5 - Полуприродни зелени хабитати (река Дањан - планирана регулација на коритото)

Е - Инфраструктури

- Е1 - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
- Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури - коловоз
- Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури - тротоар
- Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури - велосипедска патека

РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН



Arhitekt•r

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И УСЛУГИ
АРХИТЕКТОР ДООЕЛ СКОПЈЕ

БУЛ.ЈА-МИ СЕПТЕМВРИ БР.4/1-2, СКОПЈЕ
ЛИЦЕНЦА БР.0112

ДОНЕСУВАЧ:
Општина Охрид

План:
Измена и дополнување на генерален урбанистички план за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, Општина Охрид плански период 2024-2034

ПРИЛОГ:
РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАН


ПЛАНЕР ПОТПИСНИК:
Ивана Стоилковска, д.и.а.овластување бр. 0.0441

ПЛАНЕРИ:
Никола Транталовски, д.и.а. овластување бр.0.0662
Благица Атанасова, д.и.а. овластување бр.0.0743


СОРАБОТНИЦИ:
Бојана Симоновска, м.и.а. Александар Камшиговски, м.и.а.
Кирил Чеботарев м.и.а.

УПРАВИТЕЛ:
НИКОЛА ТРАНТАЛОВСКИ, дипл. инж. арх.


ТЕХ. БРОЈ:	ДАТУМ:	РАЗМЕР:	ЛИСТ БР.:
05-07/2023	март, 2026	1:2500	2




Магистрални улици



ПРЕСЕК 1-1 магистрална улица
М1 - Булевар Туристичка




ПРЕСЕК 1а-1а магистрална улица
М1 - Булевар Туристичка




ПРЕСЕК 1б-1б магистрална улица
М1 - Булевар Туристичка (променлив профил)

Собирна улица



ПРЕСЕК 2 - 2 собирна улица
С8 - ул. Распаќе



ПРЕСЕК А-А на речно корито
Река Даљан
- ТРАПЕЗЕН ПРОФИЛ -

ВИСИНСКИ КОТИ СО КООРДИНАТИ (од важечки ГУП)

ТОЧКА	X	Y	КТ	КН
Т 70	7482550,74	4553900,13	703,50	703,70
Т 70г	7482380,14	4553939,44	/	708,20
Т 70д	7482380,14	4553939,44	702,70	703,00
Т 71	7482040,62	4554017,68	701,70	701,90
Т 72	7482435,79	4553676,25	701,30	701,50
Т 73	7482526,59	4553578,09	698,50	698,70
Т 87	7481801,87	4553543,52	697,50	697,80
Т 88	7481688,47	4553519,78	697,40	697,50

Измена и дополнување на ГУП за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, Општина Охрид планski период 2024-2034 - нацрт план-

ЛЕГЕНДА


- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ 146927,01m² (14,69ха)
- Граница на Урбана заедница
- Граница на блок 4,4
- Б 4.4 — Ознака на блок
- Граница на плански опфат за детално планирање 29967,75m² (3,00ха)
- Граница на наменска зона
- РЛ — Регулациона линија
- Елементи на сообраќајница
- Осовина на коловоз

Д - Зеленило, рекреација и меморијални простори
- Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило
- Д5 - Полуприродни зелени хабитати (река Даљан - планирана регулација на коритото)

Е - Инфраструктури
- Е1 - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
- Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури - коловоз
- Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури - тротоар
- Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури - велосипедска патека

Нивелман
- Т 70 — Осовинска точка
- L=144,64 / L=343m — Нивелман

СООБРАЌАЕН И НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН



Arhitekt•r

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И УСЛУГИ
АРХИТЕКТОР ДООЕЛ СКОПЈЕ

БУЛ.ЈАНИ СЕПТЕМВРИ БР.4/1-2, СКОПЈЕ
ЛИЦЕНЦА БР.0112

ДОНЕСУВАЧ:
Општина Охрид

План:
Измена и дополнување на генерален урбанистички план за Урбана заедница 4, Урбан блок 4,4, Општина Охрид планski период 2024-2034

ПРИЛОГ:
СООБРАЌАЕН И НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН


ПЛАНЕР ПОТПИСНИК:
Ивана Стоилковска, д.и.а,овластување бр. 0,0441

ПЛАНЕРИ:
Никола Транталовски, д.и.а. овластување бр.0,0692
Благица Атанасова, д.и.а. овластување бр.0,0743

СОРАБОТНИЦИ:
Бојана Симоновска, м.и.а. Александар Камшиговски, м.и.а.
Кирил Чеботарев м.и.а.

УПРАВИТЕЛ:
НИКОЛА ТРАНТАЛОВСКИ, дипл. инж. арх.

ТЕХ. БРОЈ:	ДАТУМ:	РАЗМЕР:	ЛИСТ БР.:
05-07/2023	март, 2026	1:2500	3



Е1 - Линиски инфраструктури

Е1.5 - Инфраструктури на водоснабдувањето

- Постојна водоводна мрежа
- Планирана водоводна мрежа

Е1.6 - Канализациски инфраструктури

- Постојна фекална канализација
- Планирана фекална канализација
- Постоен колектор
- Препумпна станица
- Постојна атмосферска канализација
- Планирана атмосферска канализација

Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија

- Постојна електрика - 0.4KV надземен вод
- Постојна електрика - 0.4KV подземен вод
- Постојна електрика - 10(20) KV подземен вод
- Постојна електрика - 10(20) KV надземен вод (планирана дислокација)
- Постојна електрика - 10(20) KV надземен вод
- Постојна електрика - 35 KV надземен вод
- Постојна електрика - 10(20) - 0.4KV трафостаница
- Планирана електрика - 10(20) KV подземен вод

Е1.9 - Телекомуникациски водови

Измена и дополнување на ГУП за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, Општина Охрид планскi период 2024-2034 - нацрт план-

ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ 146927.01m² (14.69ха)
- Граница на Урбана заедница
- Граница на блок 4.4
- Б 4.4 Ознака на блок
- Граница на плански опфат за детално планирање 29967.75m² (3.00ха)
- Граница на наменска зона
- РЛ Регулациона линија
- Елементи на сообраќајница
- Осовина на коловоз


Д - Зеленило, рекреација и меморијални простори

- Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило
- Д5 - Полуприродни зелени хабитати (река Даљан - планирана регулација на коритото)

Е - Инфраструктури

- Е1 - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
- Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури - коловоз
- Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури - тротоар
- Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури - велосипедска патека

ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН



Arhitektor

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И УСЛУГИ **АРХИТЕКТОР ДООЕЛ СКОПЈЕ** | БУЛ.8-МИ СЕПТЕМВРИ БР.4/1-2, СКОПЈЕ | ЛИЦЕНЦА БР.0112

ДОНЕСУВАЧ: **Општина Охрид**

План: **Измена и дополнување на генерален урбанистички план за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, Општина Охрид плански период 2024-2034**

ПРИЛОГ: ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК: Ивана Стоилковска, д.и.а,овластување бр. 0.0441

ПЛАНЕРИ: Никола Транталовски, д.и.а, овластување бр.0.0662; Благица Атанасова, д.и.а, овластување бр.0.0743


СОРАБОТНИЦИ: Бојана Симоновска, м.и.а.; Александар Камшиговски, м.и.а.; Кирил Чеботарев м.и.а.

УПРАВИТЕЛ: НИКОЛА ТРАНТАЛОВСКИ, дипл. инж. арх.

ТЕХ. БРОЈ:	ДАТУМ:	РАЗМЕР:	ЛИСТ БР.:
05-07/2023	март, 2026	1:2500	4

Измена и дополнување на ГУП за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, Општина Охрид плански период 2024-2034 - нацрт план-

Биланс на површини по намени за Урбан блок 4.4 (P=146927.01m² - 14.69ха)						
НАМЕНИ	А - домување и престој	Б-комерцијални и деловни намени	Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило	Д5 - полуприродни зелени хабитати (река Далјан)	Е1 - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	Вкупно
[m²]	76265.04	14495.80	21798.70	16552.74	17814.73	146927.01
[%]	51.91	9.87	14.84	11.27	12.12	100.0



E1 - Линиски инфраструктури


E1.5 - Инфраструктури на водоснабдувањето
- Постојна водоводна мрежа
- Планирана водоводна мрежа

E1.6 - Канализациски инфраструктури
- Постојна фекална канализација
- Планирана фекална канализација
- Постоен колектор
- Препумпна станица
- Постојна атмосферска канализација
- Планирана атмосферска канализација


E1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија
- Постојна електрика - 0.4KV надземен вод
- Постојна електрика - 0.4KV подземен вод
- Постојна електрика - 10(20) KV подземен вод
- Постојна електрика - 10(20) KV надземен вод (планирана дислокација)
- Постојна електрика - 10(20) KV надземен вод
- Постојна електрика - 35 KV надземен вод
- Постојна електрика - 10(20) - 0.4KV трафостаница
- Планирана електрика - 10(20) KV подземен вод

E1.9 - Телекомуникациски водови


Магистрални улици



ПРЕСЕК 1-1 магистрална улица
M1 - Булевар Туристичка




ПРЕСЕК 1а-1а магистрална улица
M1 - Булевар Туристичка




ПРЕСЕК 1б-1б магистрална улица
M1 - Булевар Туристичка (променлив профил)

Собирна улица



ПРЕСЕК 2 - 2 собирна улица
C8 - ул. Распаќе



ПРЕСЕК А-А на речно корито
Река Даљан
- ТРАПЕЗЕН ПРОФИЛ -

ВИСИНСКИ КОТИ СО КООРДИНАТИ (од важечки ГУП)				
ТОЧКА	X	Y	КТ	КН
Т 70	7482550.74	4553900.13	703.50	703,70
Т 70г	7482380.14	4553939.44	/	708,20
Т 70д	7482380.14	4553939.44	702,70	703,00
Т 71	7482040.62	4554017.68	701.70	701.90
Т 72	7482435.79	4553676.25	701.30	701.50
Т 73	7482526.59	4553578.09	698.50	698.70
Т 87	7481801.87	4553543.52	697.50	697.80
Т 88	7481688.47	4553519.78	697.40	697.50

ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ 146927.01m² (14.69ха)
- Граница на Урбана заедница
- Граница на блок 4.4
- Б 4.4 Ознака на блок
- Граница на плански опфат за детално планирање 29967.75m² (3.00ха)
- Граница на наменска зона
- РЛ Регулациона линија
- Елементи на сообраќајница
- Осовина на коловоз


Намена на зони

- А - Домување и престој
- Б - Комерцијални и деловни намени
- Д - Зеленило, рекреација и меморијални простори
- Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило
- Д5 - Полуприродни зелени хабитати (река Даљан)
- Д5 - Полуприродни зелени хабитати (река Даљан - планирана регулација на коритото)
- Е - Инфраструктури
- Е1 - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
- Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури - коловоз
- Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури - тротоар
- Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури - велосипедска патека

Нивелман

- T 70 Осовинска точка
- I=0,64 L=343m Нивелман

СИНТЕЗЕН ПЛАН



Arhitekt•r
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И УСЛУГИ
АРХИТЕКТОР ДООЕЛ СКОПЈЕ
БУЛ.8-МИ СЕПТЕМВРИ БР.4/1-2, СКОПЈЕ
ЛИЦЕНЦА БР.0112

ДОНЕСУВАЧ: **Општина Охрид**

План: **Измена и дополнување на генерален урбанистички план за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, Општина Охрид плански период 2024-2034**

ПРИЛОГ: СИНТЕЗЕН ПЛАН

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК:
Ивана Стоилковска, д.и.а,овластување бр. 0.0441
ПЛАНЕРИ:
Никола Транталовски, д.и.а, овластување бр.0.0662
Благица Атанасова, д.и.а, овластување бр.0.0743
СОРАБОТНИЦИ:
Бојана Симоновска, м.и.а. Александар Камшиговски, м.и.а.
Кирил Чеботарев м.и.а.
УПРАВИТЕЛ:
НИКОЛА ТРАНТАЛОВСКИ, дипл. инж. арх.

ТЕХ. БРОЈ:	ДАТУМ:	РАЗМЕР:	ЛИСТ БР.:
05-07/2023	март, 2026	1:2500	5